К III 721

УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ

---------------------------------------------

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

М-р Марјан ДИМИТРИЈЕВСКИ

# ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА ВО ЗАВРШНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА 1944-1945 Г.

- докторска дисертација -

Ментор:

Д-р Владо ИВАНОСКИ

СКОПЈЕ, 1992 ГОДИНА

# С О Д Р Ж И Н А

ПРЕДГОВОР.............................................6

ОСВРТ НА ИЗВОРИТЕ И ЛИТЕРАТУРАТА......................6

Извори................................................11
1. Необјавени.........................................11
а) Во земјата.........................................11
б) Во странство.......................................12
2. Објавени...........................................14
а) Во земјата.........................................14
б) Во странство.......................................20
Литература............................................22
а) Домашна............................................22
б) Странска...........................................28

ВОВЕД.................................................41

ГЛАВА ПРВА

РЕЗУЛТАТИ ОД ЗАВРШНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА (ПРВА ЕТАПА НА ЗАВРШНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА, ВТОРА ПОЛОВИНА НА 1944 ГОДИНА)

1. Македонското боиште во втората половина на 1944 година.49
2. Учество на македонските единици во борбите на Косово и Метохија.......................................58
3. Штети кои ги претрпе Федерална Македонија во човечки

жртви и материјални добра во операциите за нејзиното конечно ослободување....................................62
4. Резултати од завршните операции за ослободување на Федерална Македонија....................................74

ГЛАВА ВТОРА

ЖИВОТОТ ВО СЛОБОДНА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА НОЕМВРИ 1944 - МАЈ 1945 ГОДИНА ВО ФУНКЦИЈА НА ВТОРАТА ЕТАПА ЗА КОНЕЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Општествено-политички,економски и воен потенцијал на Федерална Македонија за помош на НОВ на Југославија..............................................83
2. Активностите на општествено-политичките организации и органи..............................................89
а) Народноослободителен фронт (НОФ)........................90
б) Народноослободителен младински сојуз на Македонија (НОМСМ)..............................................96
в) Антифашистички фронт на жените на Македонија (АФЖМ)....102
г) Комунистичката партија на Македонија (КПМ)............105
д) Военозадниските органи...............................107
3. Организационо зацврстување на народната власт........109

ГЛАВА ТРЕТА

НЕПОСРЕДНИ ПРИПРЕМИ НА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА ЗА ВОЕНО УЧЕСТВО ВО ВТОРАТА ЕТАПА НА ЗАВРШНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Воената организација на Федерална Македонија по ослободувањето до мај 1945 година.....................119

2. Мобилизација на нови борци на НОВ на Македонија.....141
3. Обезбедување на слободна Македонија.....................147
4. Појави кои отстапуваат од декларираната политика
на воено-политичкото раководство на Македонија............149
5. Испраќање на 15 македонски ударен корпус на
Сремскиот фронт во состав на 1 Југословенска армија.....168

ГЛАВА ЧЕТВРТА

ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРАТА ЕТАПА НА ЗАВРШНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА ЈАНУАРИ - МАЈ 1945 ГОДИНА

1. Состојба на Европското и Југословенското
бојните јануари - мај 1945 година..........................181
2. Припреми и активности на 15 македонски ударен копрус
непосредно пред пробивот на Сремскиот фронт, јануари -
април 1945 година..........................................201
3. Македонските единици во Втората етапа на завршните
операции за ослободување на Југославија, април-мај
1945 година................................................210
4. Врски, помош и контакти со 15 македонски ударен
корпус по неговото испраќање на Сремскиот фронт..........228
5. Други активности на Федерална Македонија за помош
на ЈА во напорите за конечна победа на непријателот
во Југославија.............................................231
6. Учество на доброволни работни бригади од
Федерална Македонија во Војводина..............234

ЗАКЛУЧОК...................................................242
ПРИЛОЗИ....................................................250
ИЗВОРИ.....................................................298
а) Необјавени..............................298

б) Објавени....................................300
в) Весници......................................302

КОНСУЛТИРАНА И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА (ИЗБОР)................303

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ ......................................312

# П Р Е Д Г О В О Р

Македонија, како исклучително важно географско-стратегиско подрачје, одигра значајна улога во рамките на Југословенскиот простор, за конечното ослободување на Југославија.

Таа како една од првите ослободени Федерални единици на Југославија, претставуваше оперативна база и основа за успешниот развој на настаните на фронтот на северниот дел на Југославија и стабилна позадина во рамките на Југословенското бојиште во чии рамки се воспостави Сремскиот фронт.Преку овој фронт се спојуваа левото крило на Источниот фронт кој го држеше Црвената армија и десното крило на фронтот во Италија кој го држеа западните сојузници.

Слободна Федерална Македонија, како и останатите ослободени краеви на Југославија, живееше и се организираше во знакот на паролата "Се за фронтот - сите на фронтот".Во неа се одвиваше жива политичка, пропагандна, културно- просветна и друга активност.Сето тоа придонесе Македонија да ги преброди тешкотиите што претстоеја во наредниот период на обновата и изградбата.

Оваа мошне интересна и досегаво целост необработена тема, е сижето на оваа докторска теза.Идејата за изработка на тезата, потекна од моја страна во консултација со

менторот Д-р Владо Иваноски,како и со повеќе научни работници и професори од Институтот за национална историја и Институтот за историја при Филозофски факултет во Скопје.

Во текот на изработката на тезата, обавив обемно истражување во архивите и другите институции во Република Македонија,СР Југославија и СР Германија.Во Република Македонија истражував во Архив на Македонија-Скопје,Архив на Институтот за национлна историја-Скопје, архивите во Прилеп, Битола, Куманово и други градови, како и во Музеите и архивите на Здруженијата на борците од НОВ на Македонија.

Извршив истражувања и во Југословенските архиви: Архив на Воено историскиот институт-Белград,Архив на Југославија-Белград и Институтот за работничко движење во Белград.

Во текот на 1985 , 1990, 1991 и 1992 година извршив истражување во следните архиви и институции во СР Германија: Сојузен архив-Воен архив во Фрајбург крај Брајзгау (Bundesarschiv-Militärarchiv Freiburg im Breisgau), Сојузен архив во Кобленц (Bundesarchiv Koblenc), Политички архив за надворешни работи во Бон (Politichesarchiv des Auswärigen Amts),Баернскиот државен архив-Оддел Воен архив во Минхен(Bayerische Hauptstaatsarschiv-München) и Институтот за Југоисточна Европа во Минхен (Südost-Institut-München), како и во Баернската државна библиотека во Минхен(Bayerisches Staatsbibliothek-München). Во тек се преговорите за истражување во Сојузниот централен архив-Оддел во Ахен(Bundesarschiv Ausenstelle Zentralnachweisstelle-Achen).

Во текот на сите овие истражувања, прегледани беа

поголем број на архивски фондови, материјали и периодика, кои директно или индиректно ја третираат проблематиката сврзана со мојата тема.Претежно во истражувањето доминираа материјали и документи од воен карактер, сврзани со воените дејства, движења и планови на единиците и раководството на НОВ на Југославија и Македонија од една страна и од друга страна планови и борбени дејствија и движења на германската армиска група "Е", Командата на Југоистокот и Врховната германска команда на просторот на Балканот и посебно на територијатана Македонија во екот на завршните операции за ослободување на Македонија и Југославија.

Како резултат на овие истражувања беа пронајдени повеќе нови германски документи,скици,сеќавања и други материјали кои досега сосема малку или пак воопшто не и се познати на пошироката научна јавност.Кон ова треба да се додадат и откриените документи од Југословенските архиви. Споменатите материјали и документи во тезата се дадени во споредбена форма и со консултација на досега објавените извори и литература која селектирана е дадена на крајот од тезата.

Применувајки го хронолошко-проблемскиот принцип на изложување на материјата, истата е поделена на повеќе глави и подглави. При тоа акцентот е насочен на улогата на Федерална Македонија и на боиштето во текот на втората половина на 1944 година, каде се водеа завршни операции за нејзино конечно ослободување, како составен дел на првата етапа од операциите за ослободување на Југославија. Посебно место во тој контекст завзема описот на улогата на Македонското боиште во рамките на овие операции и на Федерална Македонија и нејзината улога како слободна територија по завршувањето на операциите за нејзино

конечно ослободување, во нејзините напори и припреми за понатамошно нејзино учество во втората етапа на завршните операции за ослободување на Југославија во текот на 1945 година.

Улогата на масово-политичките организации на Федерална Македонија, нивните напори во обновата иизградбата на земјата и прибирањето помош за македонската војска, исто така се составен дел на тезата.

Реорганизацијата на македонската војска во периодот ноември 1944-мај 1945 година,активноста и организацијата на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ, односно Главниот Штаб на НОВ и ПО на Југославија за Македонија се до неговото укинување и воспоставување на организацијата на 5 југословенска армија на просторот на Македонија и Јужна Србија во мај 1945 година се обработени во посебно поглавје.

Во тезата доминира описот на 15 македонски ударен корпус, неговата воена устроеност, обуката, делувањето во Македонија, непосредно пред одењето на фронтот, одењето на Фронтот, врските и контактите со месното население во Војводина и Белград, военото учество во Втората етапа на завршните операции за конечно ослободување на Југославија и потоа враќањето на неговите дивизии во Македонија и чистењето на теренот во Босна од остатоците на четниците.

Покрај горе наведените проблеми во тезата се обработени напорите на Федерална Македонија за одржување на врски и контакти со 15 македонски ударен корпус, како и испраќање на луѓе и материјализа потребите на фронтот. Во тој контекст се и организираните работни акции и испраќање на работни бригади од Македонија во Војводина за собирање на заостанатите несобрани

плодови и житарици за потребите на фронтот.

Внимание е посветенио и на прашањто за одењето на македонските единици од составот на 15 македонски ударен корпус на Сремскиот фронт, дезертирањето и демонстрациите на артилериските единици од Скопје и борците од Штип, како и на другите проблеми, сврзани со основниот наслов на трудот.

Свесни сме дека не секаде и не подеднакво сме успеале да ги обработиме сеопфатно сите аспекти на оваа проблематика, но исто така веруваме дека според досега достапната и расположива документација во голем дел сме успеале да одговориме на поставената задача.

На крајот би сакал да напоменам дека коректниот и добронамерниот критички приод на мојот ценет ментор Д-р Владо Иваноски, при конципирањето на тезите и сижето на тезата, придонесе трудот квалитетно да се подобри и усмери на сржта на проблематиката, за што ја користам и оваа можност искрено да му се заблагодарам.

Чувствувам должност да се заблагодарам на вработените во Институтот за национална историја и на сите останати институции кои ми помогнаа при изработката на тезата, со надеж дека соработката уште по интеннзивно ќе продолжи.

Исто така би сакал да се заблагодарам за несебичната помош при преводот на германските документи на проф. Ѓорѓи Стојчевски, виш архивист во Архивот на Македонија.

# ОСВРТ НА ИЗВОРИТЕ И ЛИТЕРАТУРАТА

ИЗВОРИ:

1. Необјавени:

а) Во земјата

Најголем број на документи и фондови на архивски материјали кои се однесуваат на нашата тема, се наоѓаат во Архивот на Македонија-Скопје. По интересни фондови за нашата проблематика во овој архив се:Дивизии во НОВ на Македонија 1944-1945, Корпусните области и корпуси во НОВ на Македонија 1944, Весници од НОВ, Бригади во НОВ на Македонија 1943-1945 и Главен Штаб на НОВ и ПОМ 1942-1945. Документите од овие фондови досега се користени од македонските историчари и парцијално дел од нив среќаваме во поедини монографски дела, но како целина досега истите не се објавени во посебни зборници на документи.

Во Архивот на Македонија, исто така среќаваме и дел од германската документација од фондот "Вашингтон", на микрофилм, која се однесува за Втората светска војна и воените дејства како и за политичко-економската состојба во овој дел на Балканското боиште.

Во Архивот на Институтот за национална

историја-Скопје,среќаваме дел од германската документација од фондот "Вашингтон" на микрофилм.Таа е дел од документацијата за поедини воени единици од составот на НОВ и ПОМ, потоа нивни операциски дневници и телеграфски известувања за поедини акции во текот на 1944 година и др. Во овој архив се собрани и сеќавањата на поедини учесници и активисти од НОВ.

**б) Странство**

Во СР Југославија, најголемиот број на архивски фондови, од интерес за нашата тема се наоѓаат во Архивот на Воениоисторискиот институт во Белград. Во овој архив успеав да ги прегледам следните под фондови во рамките на фондот "Народноослободилачки рат"(Понатака НОР), односно Народноослободителна војна(Понатака НОВ) и тоа: Архива на Штабот на Петнаести македонски ударен корпус, Генералштаб на ЈА, ГШ на НОВ на Македонија, 41,42,48 и 49 македонска дивизија со своите бригади, Штаб на Прва армија, АСНОМ, ОЗНА и други.Во рамките на овие под фондови беа прегледани историјатите на поедини македонски бригади и нивната активност 1944 и 1945 година, книгата на телеграми на ГШ и оперецискиот дневник на ГШ на НОВ и ПОМ. Покрај тоа во оваа архива беа прегледани подфондовите од фондот "Немачка архива", односно германска архива, како што се: Воениот дневник на армиската група "Е", Изјавата на генералот Александар Лер, поедини искази на германските заробени генерали и офицери од составот на армиската група "Е" и др.

Во СР Германија, се наоѓа највеќе од потребната граѓа за оваа тема. Токму затоа таму извршив истражувања во

повеќе архиви и институции. Во Воениот архив во Фрајбург крај Брајзгау(Militärarschiv Freiburg im Breisgau)(понатака БАМАФ), е стационирана граѓа за воената историја на Германија се до крајот на Втората светска војна. Меѓу другото тука се наоѓаат фондовите посветени на германскатаармија во текот на Втората светска војна, како што е фондот:Одреди на пешадиските единици(Heeresgruppenkomandos), потоа фондовите: Извештаи за ситуацијата во Албанија(Akte Lageberichte Albanien), Извештаи за ситауцијата во Бугарија(Akte Lageberichte Bulgarien),Тајни дневни извештаи на Врховниот наредбодавец на Југоистокот(Gehem Tagesmeldung OB Südost), Германски офицер за одбрамбено стопанство на Германија во Софија(Der deutsche Wehrwirtschaftoffizier Sofia) и други.

Во Сојузниот архив-Политички архив за надворешни работи во Бон(Bundesarschiv-Politischesarschiv Auswärtiges Amt-Bon) се наоѓаат фондовите:Тајни државни предмети( Geheime Reichssachen), Извештаи и јавувања во и преку Бугарија од 1940 до 1944(Berichte und Meldungen zur Lage in und über Bulgarien), Специјален ополномоштеник, Белград-Цетиње, Атина-Тирана, Тирана-Белград, Атина-Белград(Sonderbefehlamächtigter SO Athen-Tirana...).

Во Сојузниот архив-Кобленц (Bundesarschiv-Koblenc), се наоѓаат фондовите и инвентарите кон фондовите на Сојузниот архив-Министерство за државна безбедност (Findbücher zu Beständen des Bundesarschiv).

Институтот за Југоисточна Европа-Минхен (Südosteuropa-Institut, Minchen),во својата архива го содржи фондот: Поверливи извештаи од Виена на Министерството за

надворешни работи на Дописништвото од Виена во вид на неделни извештаи (Politische Wochenberichte aus Südosteuropa vertrauliche Mitteilungen), во кои покрај другото среќаваме податоци за настаните на Балканот во текот на 1944 и 1945 година.

Во Баернаската државна библиотека-Минхен (Bayerischestaats bibliothek-München), се среќаваат весници од Втората светска војна, како што се на пример весниците: Минхенски најнови вести (Münchener neueste nachrichten) и Мисбахски огласник (Miesbacher Anzaiger). Во нив има податоци за ситуацијата во и околу Балканот во текот на 1944 и 1945 година.

Поради низа околности неможев да го остварам истражувањето во архивот во Ахен, каде се чуваат материјали и фрагментарни остатоци за периодот на втората светска војна, за устројството на војската на Вермахтот, авијацијата, цивилните служби, припадниците на СС одредите, организацијата ТОТ и другите воени организации, како и загубите на германските трупи, како и во Воениот архив во Велико Трново-Република Бугарија.

**2. Објавени**

**а) Во земјата**

Проблемот на завршните операции за ослободување на Југославија и документите кои се однесуваат на улогата и придонесот на Федерална Македонија во нив, во македонската историографија досега недоволно е третиран. Имено не постои зборник на документи кој исцело е посветен на оваа проблематика објавен од македонските издавачки куќи.

Покренатата едиција на извори за ослободителната

војна и револуцијата во Македонија 1941-1945, во издание на Институтот за национална историја-Скопје(понатака ИНИ), успеа дел од споменатата проблематика да и презентира на јавноста, но само за воената 1944 но не и 1945 година.[1]

Двотомната едиција во издание на Универзитетот"Свети Кирил и Методиј"-Скопје, посветена на документите за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, само делумно презентираат извесен број на одбрани документи во вториот том, во делот втори под наслов:"НОБ и социјалистичката револуција во Македонија", кои зборуваат за проблемот на Федерална Македонија во завршните операции за ослободување на Југославија.[2]

Посебна едиција која се однесува на активноста на Врховниот командант на Народноослободителната војска на

---

[1] Оваа едиција на документи е посветена на историјата на Комунистичката партија на Македонија(понатка КПМ) во текот на НОБ.Од досега објавените седум тома, само книга трета од том први под наслов:"Извори за ослободителната војна и револуцијата 1941-1945.Том I,Документи на Комунистичката партија на Југославија(понатака КПЈ) и КПМ 1941-1945.Книга трета:"Документи на ЦК КПМ 1 ноември 1943-24 ноември 1944 година".Избор и редакција: Акад Михаило Апостолски, Д-р Велимир Брезоски, Д-р Владо Ивановски, Д-р Ристислав Терзиоски и Д-р Миле Тодоровски. ИНИ, Скопје, 197о,во својот последен дел се однесува на проблемот на завршните операции за ослободување на Македонија и улогата на ЦК КПМ во нив.И книга петта од оваа едиција под наслов:"Документи од Вториот областен комитет на КПМ јуни-декември 1944 година.Избор и редакција Д-р Владо А. Иваноски. ИНИ, Скопје, 1975, меѓу другото зборува за завршните операции за конечно ослободување на Македонија.

[2] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава.Том втори, Од крајот на Првата светска војна до создавањето на национална држава.Редакција Христо Андонов Полјански. Универзитет "Кирил и Методиј", Факултет за филозофско-историски науки, Скопје, 1 981, 849.Од овој том, само делот втори под наслов:"НОБ и социјалистичката револуција во Македонија", од страна 285-629, се однесува на нашата проблематика и тоа само извесен дел од вкупно презентираните 195 документи.

Југославија (понатака НОВЈ) Јосип Броз Тито, претставуваат негови собрани дела во 28 тома, преведени и издадени на македонски јазик. Од оваа едиција само томовите 22-28 се однесуваат на периодот на завршните операции за ослободување на Југославија од август 1944 до јули 1945 година.[3] Во оваа едиција, покрај оригиналните документи, сврзани со работата и дејноста на врховниот командант на НОВ и ПОЈ, среќаваме и редакциски појаснувања на одредени настани, појави и личности, кои можат корисно да послужат.

Трите објавени книги на документи од страна на ИНИ и Архивот на Македонија(понатака АМ), се посветени на работата и дејноста на АСНОМ и неговите поверенства.[4] Хронолошки оваа едиција започнува со Преспанскиот состанок на ЦК КПМ на 2 август 1943 и го зафаќа периодот до заклучно со Третото заседание на АСНОМ април 1945 година. Од оваа едиција само документите кои се однесуваат на организирање на народната власт по конечното ослободување на Федерална Македонија, даваат корисни податоци за нашата проблематика.

---

[3] Јосип Броз Тито, Собрани дела. Том 22-28. Главен и одговорен уредник Д-р Перо Дамјановиќ, уредници на изданието на македонски јазик: Димче Апостолски и Лилјана Угринова. "Комунист", "Култура", "Македонска книга", "Мисла", "Наша книга", Скопје, 1982-1984. Хронолошки документите презентирани во овие томови го зафаќаат периодот 1 август 1944-6 јули 1945 година.

[4] Зборник на документи АСНОМ. Документи за образување законодавно извршната дејност на АСНОМ. Од Преспанското советување на ЦК КПМ 2 агуст 1943-28/3о декември 1944 година. ИНИ, Скопје, 1964,722. Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ. Том I, книга 1. Избор редакција и коменатар: Д-р Александар Христов, Д-р Миле Тодоровски и д-р Новица Велјановски. АМ, Скопје, 1984, 452 и том II, книга втора, 498. Том III, книга трета, Документи од работата на Президиумот на АСНОМ меѓу второто и третото заседание и од Третото заседание на АСНОМ. Редакција: Д-р Новица Велјановски. АМ, Скопје, 1987, 45о.

Кон оваа проблематика се приклучува и Зборникот на документи за историјата на Битола и Битолско 1944-1945 година.[5] Тоа се документи за создавањето и развојот на народната власт во овој крај непосредно по ослободувањето 1944 и во текот на првата половина на 1945 година.

Во издание на Архивот на Скопје, излезе зборникот на документи посветен на проблемот на ослободувањето на главниот град на Федерална Македонија,Скопје.[6]

Во издание на општинските организации на СЗБ од НОВ излегоа повеќе зборници на документи и тоа:Кичево и Кичевско во НОВ,Куманово и Кумановско во НОВ и Тиквешијата во НОВ.[7] Во овие зборници, покрај другото, среќаваме и документи посветени на завршните операции во Македонија во текот на втората половина на 1944 година, гледани од аспект на роднокрајната историја.

Во изминатиот период, македонската историографија

---

[5] Зборник на одбрани документи за историјата на Битола и Битолско 1941-1945.Том I,Документи за создавањето и развојот на органите на народната власт во Битола и Битолско 1944-1945.Избор и редакција:Александар Крстески-Кошка, Злате Ѓоршевски и Сребре Дамчевски. Историски архив - Битола,ОСЗБ од НОВ-Битола,Битола,1984,197.

[6] Документи и материјали за ослободувањето на Скопјеоктомври0ноември 1944.Избор и редакција: Д-р Велимир Брезоски, Д-р Милош Константинов и Д-р Миле Тодоровски Архив на Скопје,Скопје,1968,288.

[7] Кичево и Кичевско во НОВ 1941-1945. Документи.Избор и редакција:Васил Јотевски, Д-р Симо Младеновски и Ѓорѓи Чакарјаневски. ОСЗБ од НОВ-Кичево,Кичево, 1985,652.Куманово и Кумановско во НОВ.Документи.Избор и радакција, Миодраг Арсовски-Болто: ОСЗБ од НОВ-Куманово,Куманово,1986,243.Тиквешијата во НОВ.Книга шеста,Документи.Избор и редакција: Д-р Симо Младеновски, Васил Јотевски и Ѓорѓи Чакарјаневски. ОСЗБ од НОВ-Кавадарци-Неготино,1084,507.

се збогати и со два зборника на документи посветени на македонската жена во НОВ.[8] Во нив дел од документите се однесуваат на активноста на жените во Македонија, во текот на периодот на завршните операции и потоа, односно ослободувањето на Федерална Македонија и нејзиното учество во ослободувањето на Југославија.

Сеќавањата на поедини живи актери од периодот за кој станува збор, во македонската историографија, се објавени како посебни изданија, или пак инкорпорирани во рамките на поедини трудови.Тука ги среќаваме зборниците на сеќавања, посветени на поедини проблеми од периодот на НОВ.Во нив покрај другото поедини делови се посветени на настаните сврзани со борбите во Македонија водени во Втората половина на 1944 и потоа.[9]Посебно место од интерес за нашата проблематика,завзема сеќавањето и сопствените белешки на тогашниот воен дописник Драгољуб Будимовски, кој истите ги објави во посебна монографија.[10] Тој беше првиот македонски воен дописник од

[8] Зборник на документи за учеството на жената во Македонија во НОВ и револуцијата 1941-1945.Редакција:Д-р Вера Весковиќ Вангели и Д-р Марија Јовановиќ.ИНИ,Скопје,1977.14оо.Д-р Вера Весковиќ Вангели,Осми март и напредното движење на жените во Македонија(1939-1945).АМ,Скопје,1985,192.

[9] Би ги споменале зборниците:Скопје во ослободителната војна и револуцијата 1941-1945.Зборник на сеќавања.Том први, книга прва.Архив на Скопје,Скопје,1984,270.Окованы во Пранги.Сеќавања на политичките затвореници,интернирци и депортирци на НОД на Македонија(1941-1944).Том,I ,II.Наша книга,Скопје,1981,389,432. Историски денови на Горно Врановци.по повод 40-годишнината од престојот и работата на државното,военото и политичкото раководство на Македонија во село Горно Врановци Велешко. Мисла,Скопје,1984,189. Петар Пепељуговски,Незаборавни години.(Сеќавања). Прилеп,1982,29о.Љупчо Арсов,Сведоштва. Комунист,Скопје,1984,452.

[10] Драгољуб К.Будимовски,Вашиот воен дописник јавува...Студенстски збор,Скопје,1986,192.

фронтот, од пробивор на Сремскиот фронт и потоа се до конечното ослободување на Југославија, односно од април до мај 1945 година.

Одредени документи за периодот на завршните операции за конечно ослободување на Македонија и Југославија, среќаваме и во монографии посветени на поедини воени единици од составот на НОВ и ПОМ.[11]

Што се однесува до останатите парцијално објавени документи во поедини списанија, можеме да констатираме дека истите се во помал обем застапени, барем што се однесува до документи сврзани со проблемот и хронологијата што нас не интересира. Во тој контекст би ги спомenале документите што ги објави ·орѓи Димовски-Цолев, посветени на партиската организација и НОО во Битола есента 1944 година во две продолженија.[12]

Тоа е поважниот опус што кој се однесува на македонската историографија и нашава проблематика.

[11] Од нив би ги споемнале: Бригадата на братството и единството.(Спомен книга на Првата Македонско - косовска ударна бригада. ГО СЗБ од НОБ на Македонија, "Култура", Скопје, 1958, 532. Виорни дни.Зборник на сеќавања за Македонско-косовската ударна бригада.Скопје,1957,530. Прва Макединска народноослободителна ударна бригада.Македонска книга,Скопје,1991,492. Втора македонска ударна бригада.Сеќавања и документи.НИК "Наша книга",Скопје,1973,293. Осма македонска ударна бригада.Зборник на сеќавања на борбениот пат на Осмата македонска ударна бригада.ОСЗБ од НОВ-Титов Велес, Титов Велес,1988,486. Методија Котески,Скопската бригада.Дванаесетта македонска народноослободителна бригада."Студентски збор",Скопје,1984,246.

[12] Ѓорѓи Димовски-Цолев,Документи за работата на партиската организација и НОО во Битола есента 1944 година."Развиток",II/1 и II/2,Битола,1964,43-52 и 44-60.

б) Странство

Историографијата на Втора Југославија односно Социјалистичка Федеративна Југославија,до нејзиното пропаѓање, пројави извесен интерес за објавување на документи сврзани со настаните од втората половина на 1944 и 1945 година. Во тој контекст секако најпозната едиција на објавени документи, претставува, едицијата Зборници на документи во издание на Воено Историскиот институт од Белград.[13]Во нив среќаваме бројни документи од суштинско значење за нашата тема, кои даваат податоци за воените сили на НОВЈ и непријателот, но и за состојбата на боиштето во одреден период.

Корисен прирачник за нашата проблематика е и збирката на документи посветена на Југославија во периодот 1918-1984 година.[14]Од неа за нас е интересен делот под наслов:"НОВЈ како самостоен воен фактор.Претворање на НОВЈ во ЈА.Завршни борби за ослободување на Југославија"(586-595).

Што се однесува до поединечните објавени

---

[13]За проблемот на Македонија се однесуваат следните зборници: Зборник докумената и података о НОР-у југословенских народа. Том седми, књига 4, Борбе у Македонији.Одговорни уредник Јован Вујошевиќ. Војно издавачки завод(понатака ВИИЗ),Београд,1954,461. Zbornik dokumenata i podataka o NOR-U naroda Jugoslavije.Redaktor Nedeljko Maksimović, Odgovorni urednik Miloš Krstić. Tom jedanaesti, knjiga prva,Operacije Jugoslovenske armije 1945.Redaktor Milovan Dželebdžić, Odgovorni urednik Dragoslav Džinić. VII, Beograd,1971,795. i Tom dvanesti, knjiga četvrta,Dokumenti Nemačkog Rajha 1944-1945.VII,Beograd,1079,1326.

[14]Branko Petranović,Momčilo Zečević,Jigoslavija 1918-1984.Zbirka dokumenata."Rad",Beograd,1985,1145.

документи во одредени југословенски списанија, истите се користени во онаа мера мера колку што беа објавувани.[15]

Бугарската историографија исто така објави неколку збирки на документи за татковинската војна на Бугарија 1944-1945 година.[16].

Германската историографија објави повеќе збирки на документи, посветени на втората светска војна. За нас нај интересна е збирката на документи посветена на работата на Врховната команда на Вермахтот, односно Вермахтовиот водечки штаб во текот на 1944 и 1945 година.[17] Исто така издадени се и германските извештаи на Вермахтот за 1944 и 1945 година.[18] Политичкиот архив за надворешни работи на Германија во Бон, еден голем дел од својата граѓа објави во повеќе зборници на

---

[15] Од нив поважни за нашата тема се: Antun Miletić, Prilog proučavanju istorije JNA kroz izbrana dokumenata maršala Jugoslavije Josipa Broza Tita u svojstvu ministra narodne odbrane i Vrhovnog komandanta oružanih snaga FNRJ u periodu 1945-1956. VIG, XVIII/1, VII, Beograd, 1987, 305-385. Izvod iz ratnog dnevnika Vrhovne komande Wermahta. VIG, XXXVIII/1, VII, Beograd 1987, 387-425. D-r Dušan Biber, Manje poznata dokumenata o oslobodilačkom ratu i revoluciji u Jugoslaviji (1944-1945). VIG, XXXVIII/2-3, VII, Beograd, 1987, 259-279.

[16] Од нив би ги спомeнале: Единодействието на Български народ с другите балкански народи в антифашиската борба 1944-1945. Документи и материяли. Съставители: Ст. Възлева, М. Горанова, Н. Горненски, Е. Дамянова, С. Логодашка, С. Рачев, Р. Ханджиева и П. Щерев. БАН, Институт за балканистика, София 1974, 65о. Отечествената вйна на България 1944-1945. Документи и материяли. Том први. Съставители: Йордан Н. Вангеров, Тодор И. Ефтимов, Лиляна Ст. Петрова, Тодор Добриянов, Стефка Велева, Богдана Димитрова, Лиляна Венкова и Павел Витанов. Институт за военна история. ГШ Централен воннен архив, Вонно издателство, София 1978, 450.

[17] Kriegstagebuch des Oberkommandos der Wehrmacht (Wehrmachts führungstab). Band IV-1, januar 1944 - 22 maj 1945. Eingeleitet und erlatert von Persy Ernst Schram. Bernard und Graefe, Frankfurt am Mein 1961m 561.

[18] Erich Murawski, Der deutsche Wehrmachtsbericht. 1.7 1944 bis 9.5 1945. Bopard 1962 (Schriften des Bundesarschiv 9.)675.

документи и серии. Во една таква серија срекаваме посебен том посветен на германската надворешна политика за периодот 1941-1945 година.[19]

ЛИТЕРАТУРА:

а) Домашна

Македонската историографија не може да се пофали со поголема продукција посветена на периодот на завршните операции за ослободување на Македонија и Југославија 1944-1945 година.

Како единствено монографско дело, посветено на оваа проблематика е делото на Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ, генералот Михаило Апостолски.[20] Ова дело е преведено и на српски јазик и издадено од страна на Воено издавачкиот завод од Белград во истата 1953 година.[21] Оваа книга е базирана врз архивска документација достапна за дотичното време на издавање на книгата, како и личните сеќавања на авторот. Меѓутоа должни сме да

[19] Akten zur deutschen auswärtigen Politik 1918-1945. Aus dem Arschiv des Auswärtigen Amts. Baden-Baden: Kepler Verlag/Götingen:Vandenhoek-Ruprecht 195off.Serie E: 1941-1945,Band I-VIII.

[20] Генералполоковник Михаило Апостолски, Завршните операции на НОВ за ослободување на Македонија. ИНИ,Скопје,"Кочо Рацин"-Скопје, Скопје,1953, 257.

[21] Михаило Апостолски, Завршне операције за ослобоћење Македоније. Из ратне прошлости наших народа, књига 5. ВИЗ, Београд, 1953, 303.

напоменеме дека авторот се задржува само на операциите во Федерална Македонија од јули до ноември 1944 година. Овие операции авторот ги третира како завршни операции за ослободување на Македонија и не прави периодизација во глобални рамки на југословенски план. Имено познато е дека завршните операции за ослободување на Југославија, во кои спаѓаше и Федерална Македонија, во тогашната југословенска историографија се делат на две етапи и тоа: Прва етапа на завршни операции, водени во втората половина на 1944 година, кога беа ослободени Федерална Македонија, Србија,Црна Гора, Косово и Метохија и дел од Далмација и Босна и Херцеговина, или 2/3 од вкупната тогашна југословенска територија. Втората етапа на завршни операции, започнува со оформувањето на Сремскиот фронт, неговиот пробив и продорот на единиците на ЈА се до конечното ослободување на неослободените делови на Федерална Југославија, или од почеток на до 15 мај 1945 година. Авторот на книгата значи се задржува само на првиот период од завршните операции и тоа само на делот на Федерална Македонија во периодот јули-ноември 1944 година. Истиот презентира детални информации за ослободувањето на поедините делови на Македонија по хронолошки принцип, базирајки се речи си исклучиво на документацијата од македонските архиви и архивот на воено историскиот институт од Белград. Книгата изобилува со богати илустрации на скици на операциите водени за ослободување на поедини градови и делови на Федерална Македонија, за да на крајот како посебен прилог ни презентира една карта преглед на завршните операции за ослободување на Македонија со датуми и движења на непријателските сили и единиците на НОВ и ПОМ и Бугарската прва и четврта армија. Сметаме дека оваа карта е

извонредно корисна, но би било по корисно кога би можело да се направи преглед на зврШните операции за ослободување на Македонија вклопени во рамките на завршните операции за ослободување на Југославија и тоа средени хронолошки во вид на неделни прегледи за месеците септември, октомври, ноември и декември 1944 година. Покрај тоа должни сме да нагласиме, дека би било извонредно корисно кога би се користеле и германските скици и прегледи до кои веројатно авторот во даденото време не можел да дојде. Гледано од аспект на воена презентазија на состојбата на зврШните операции за ослободување на Македонија, авторот мошне убедливо како искусен војник ни ги презентира истите речиси во детали. На крајот, авторот посебно се задржува на учеството на бугарската армија во операциите за ослободување на Македонија и на односите со раководството на тогашна Бугарија. Искажувајки го своето мислење, сметаме дека ова монографско дело во даденото време на издавање во далечната 1953 година и потоа, претставува драгоцен придонес на македонската историографија за проблемот на завршните операции за ослободување на Македонија, но новите откривања на досега не користена документација од македонска, германска, бугарска и друга провениенција, укажуваат на потребата на навраќање на овој проблем заради уточнување на поедини моменти и ситуации.

Во изминатиот период македонската историографија, се збогати со повеќе монографски дела посветени на воената организација и поедини единици на НОВ и ПОМ.[22] Факт е дека во овие

[22] Од нив би ги спомениале:Д-р Миле Тодоровски, Партизанските одреди на Македонија во НОВ и револуцијата 1941-1944. ИНИ, Скопје, 1972,321. Од одред до народна војска. "Незаборавник",

дела се дадени драгоцени податоци и анализи на состојбата на воената организација на НОВ и ПОМ во текот на периодот 1941-1944 година. Уште повеќе што повеќето од нив како поткрепа на својата содржина даваат прилог на оригинални архивски документи. И покрај тоа, на мислење сме дека сеуште македонската историографија не може да се пофали дека ги обработила сите воени единици од составот на НОВ и ПОМ, почнувајки од баталјоните па натаму, а не постои ни монографско дело посветено на воената организација и структура во текот на НОВ. Исто така досега објавените монографии, хронолошки акцентот го фрлаат на периодот 1941-1944 година, а помалку или пак воопшто не е зафатен периодот на 1945 година.Токму затоа, на македнската историографија и претстои изработка на монографии на поедини досега необработени македонски воени единици, бригади, дивизии, корпуси, како и на одделна монографија за развојот на македонската војска и воената организација во текот на Втората светска војна.

Значајни дела на македонската историографија, посветени на одделни проблеми, во кои срекаваме податоци за завршните операции за ослободување на Македонија и Југославија се делата на: Д-р Владо А.Иваноски, Петар Пепељугоски, Киро

---

Комунист, Скопје, 54. Владо А.Ивановски, Од Дебарца до Рогашка Слатина(Борбениот пат на Прва македонско-косовска ударна бригада). "Култура", Скопје, 1964, 190. Прва МНОУБ. Македонска книга, Скопје, 1991, 492. Втора МНОУБ. Сеќавања и документи.НИК,"Наша книга",Скопје, 1973,292. Осмата македонска ударна бригада.Зборник на сеќавања на борбениот пат на Осмата македонска ударна бригада.ОСЗБ од НОВ-Титов Велес, Титов Велес,1988,487. Методија Котески,Скопската бригада.Дванесетта МНОУБ."Студентски збор",Скопје, 1984,246. Првата македонска Егејска бригада."Незаборавник,Скопје,48. Е.Тасковски, В.Картов,Четиринаесетта македонска младинска ударна бригада "Д.Влахов".Скопје,1981,184.И други.

Пунтески, Д-р Миле Михајлов, Д-р Новица Велјановски,Тодор Чепреганов, Александар Спасовски,Верољуб Андоновски и други.[23]

[23] Д-р Владо Ивановски, Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944.ИНИ,Скопје,1973, 362. Петар Пепељугоски, Прилози за воената историја на Македонскиот народ. НИО"Студенстски збор", Скопје, 1988, 619. Киро Пунтески, Лекување и разболените борци од Прилеп и Прилепско 1941-1944. НИО"Студенстски збор", Скопје, 1985, 257. Д-р Миле Михајлов, Военозаднинските органи во НОВ на Македонија (1941-1945). ИНИ,"Студенстски збор", Скопје,1992,419. Д-р Новица Велјановски, Административно-централистичкиот период во државно-правниот развој на Македонија (1945-1953). ИНИ, Скопје, 1992, 320. М-р Тодор Чепреганов, Американскиот печат за НОВ во Југославија (1941-1945) (Со посебен осврт на Македонија). ИНИ, Скопје,1992,165. Александар Спасовски, Партризанското движење во Скопје и Скопско 1941-1945. Архив на Скопје, Скопје 1984, 289. Андоновски Верољуб, Сениште на минатото.Ванчо Михајлов. НИП "Нова Македонија", библиотека сведоштва. Скопје, 1990,106.

Во изминатиот период македонската историографија се збогати и со одреден број зборници на трудови, посветени на поединни настани од НОВ и на зборници од научни собири посветени на на НОВ во одредени места и подрачја, кои се наведени во одделот Консултирана и користена литература во тезата. Во нив фрагментарно среќаваме поедини наслови посветени на одредени проблеми сврзани со периодот на втората половина на 1944 и првата половина на 1945 година. Тука спаѓаат и одредени монографски дела и зборници во вид на сеќавања на поедини актери и учесници од НОВ на Македонија кои исто така се наведени во споменатиот дел на тезата.

На крајот должни сме да истакнеме, дека проблемот на завршните операции за ослободување на Македонија и Југославија е присутен и во досега објавената тротомна Историја на македонскиот народ и тоа на крајот од третиот том.[24] Автор на пишаниот текст во овој дел е акад.Михаило Апостолски и неговите погледи и ставови се идентични со веќе споменаттото негово дело посветено на завршните операции за ослободување на Македонија.

И во двете монографски дела посветени на историјата на СКЈ, преведени на македонски јазик, исто така среќаваме посебни поглавја посветени на завршните операции и улогата на Федерална Македонија во нив.[25]

Што се однесува до поединечните трудови, објавени

---

[24] Историја на македонскиот народ.Книга трета, Период меѓу двете светски војни и народната револуција 1918-1945. ИНИ, Нова Македонија, Скопје, 1969, 425-463.

[25] Историја на СКЈ.Комунист, Скопје, 1985,336-356. Преглед на историјата на СКЈ. Култура,Скопје,1963,464-491.

во поедини научни списанија и зборници, а кои се посветени на нашата проблематика, истите се презентирани во споменатиот дел на тезата.

б) Странска

Во историографијата на Втора Југославија, среќаваме повеќе трудови посветени на завршните операции за ослободување на Југославија. Нај опстојна и досега највеќе цитирана монографија, посветена на завршните операции за ослободување на Југославија, претставува групното авторско дело:"Завршне операције за ослобођење Југославије 1944-1945", во издание на Воено историскиот институт од Белград.[26] Оваа монографија претставува научно издржан труд, кој ги обработува завршните операции за ослободување на Југославија во целина и двете етапи, почнувајки хронолошки со првата половина на 1944 па се до 15 мај 1945 година.

Од едицијата:"За победу и слободу", во издание на ВИНЦ од Белград, излегоа вкупно девет зборника на трудови од одржани научни собири, посветени на поедини проблеми од НОВ на Југославија. Од оваа едиција два зборника директно се однесуваат на нашата проблематика.[27] Во рамките на оваа едиција се одржани

[26] Završne operacije za oslobogjenje Jugoslavije 1944-1945. Vojno istoriski institut JNA, Beograd, 1957, 731 + skici.

[27] Armije u strategiskoj koncepciji NOR i revolucije. Za pobedu i slobodu, knjiga 4.Ratna prošlost naroda i narodnosti Jugoslavije, knjiga 276. VINC, Beograd,1986,662. Završne operacije za oslobogjenje Jugoslavije. Za pobedu i slobodu, knjiga 9.Ratna prošlost naroda i narodnosti Jugoslavije, knjiga 278. VINC, Beograd, 1986,953.

вкупно девет научни собири посветени на:1.Дрварската операција, 2.Белградската операција, 3.Книнската операција, 4.Армиите во стратегиската концепција на НОВ, 5.Мостарска операција, 6.Југословенската морнарица, 7.Воздухопловството, 8.Сараевската операција и 9.Завршните операции за ослободување на Југославија. Како што може да се види, речиси секој од споменатите наслови индиректно е поврзан со нашата проблематика, но најдиректно за истата зборуваат двата споменати зборници под број 4 и 9. Од содржината на зборникот број 4, само делот под наслов:"Прва армија","Главни штабови југословенске армије", "Корпуси и дивизије ЈА" и "Општа разматрања", на директен и индиректен начин се поврзани со Федерална Македонија и нејзината улога во завршните операции за ослободување на Југославија 1944-1945. Посебно место во тие рамки завзема историјатот на 15 македонски ударен корпус од составот на прва армија на ЈА. Вториот зборник број 9, всушност на извесен начин има низ целиот свој текст допирни точки со улогата на Федерална Македонија во завршните операции за ослободување на Југославија 19441-1945 година, од воен и стратегиски аспект.

Проблемот на Народноослободителната војна и борбите за конечно ослободување на Југославија се предмет и на зборникот на трудови издаден по повод одржувањето на научниот собир:"Народноослободителната војна и социјалистичката револуција во Југославија во завршната етапа на Втората светска војна (1944-1945)",[28] одржан во Белград по повод 30 годишнината од

[28] Narodnooslobodilački rat i socijalistička revolucija u Jugoslaviji u završnoj etapi Drugog svetskog rata. Zajednica institucija za proučavanje novije istorije naroda i narodnosti

победата над фашизмот. Во овој зборник, се објавени вкупно 28 научни трудови, од кои за проблемот на учеството на Федерална Македонија во завршните операции за ослободување на Југославија, срекаваме во директна или индиректна форма само неколку трудови. Карактеристично за поедини трудови од овој зборник, е што овој период истите го означуваат како:"завршна етапа на втората светска војна"," прва етапа за ослободување на Македонија,Србија и Црна Гора", "друга етапа на завршни операции за ослободување на Југославија", "завршен период на втората светска војна", "завршна офанзива на ЈА" и други.

Монографија која што директно зборува за Сремскиот фронт 1944-1945 година, претставува изданието на БИГЗ од Белград под наслов:"Сремски фронт".[29] Оваа монографија во детали ги опишува борбите на Сремскиот фронт од неговото формирање кон крајот на 1944, пробивот на 12 април 1945 па се до 15 мај 1945 година, кога дефинитивно престанаа борбите на југословенската територија.

Во издание на Воено историскиот институт од Белград, исто така излезе едиција посветена на втората светска војна(преглед на воените операции). Од неа, само книга 4 и 5, директно се однесуваат на операциите водени во втората половина на 1944 и прва половина на 1945 година.[30] Во овие два тома ,

---

Jugoslavije. NIRO"Eksport-pres", Beograd, 1978,375.

[29] Љубивоје Пајовиќ, Душан Узелац, Милован Џелебџиќ, Сремски фронт 1944-1945. Илустриране хронике, Друго коло, књига друга. БИГЗ, Београд, 1979, 418.

[30] Drugi svetski rat. Pregled ratnih operacija.Knjiga 4, Dogagjaji od 31 decembra 1943 do 31 decembra 1944 godine. VII,Beograd, 1970, 708. Pregled ratnih operacija.Knjiga 5, Dogagjaji od 1 januara do 2 septembra 1945 godine. VII, Beograd,

покрај оштите настани сврзани со воените операции во текот на Втората светска војна, детално се обработени и воените операции на југословенското боиште во даденото време. Кога станува збор за воените операции, би ја спомена ле и монографијата на Младенко Цолиќ, која директно е посветена на операциите на Југословенското боиште во текот на втората светска војна.[31] Авторот на ова дело само во Глава 4 ги презентира операциите за конечно ослободување на Југославија 1944-1945 година. Во неа тој овие операции ги дели на: операции на НОВ и ПОЈ за ослободување на Југославија и операции во завршната офанзива на ЈА.

Во издание на ВИИ од Белград, исто така е и монографијата посветена на Ослободителната војна на народите на Југославија 1941-1945 во два тома, од кои за нашата тема диретно се однесува вториот том кој го опфаќа периодот од Второто заседание на АВНОЈ па се до конечното ослободување на Југославија.[32] Оваа монографија, мошне фактографски ни дава полезни информации и податоци за одредени воени прашања од доменот на нашата тема.

Белградската операција, е опишана во посебен труд со истоимен наслов,[33] во кој се презентира заедничката борба на единиците на НОВЈ и Црвената армија во втората половина на 1944 година со посебен акцент на Белградската операција.

1970, 730.

[31] Mladenko Colić, Pregled operacija na jugoslovenskom ratištu 1941-1945. VII, Beograd, 1988,493.

[32] Oslobodilački rat naroda Jugoslavije 1941-1945. Knjiga druga, Od drugog zasedanja AVNOJ-a do konačne pobede. VII,JNA, Beograd, 1958, 493.

[33] Beogradska operacija. Drugo izdanje. Institut za vojnu istoriju ministarstva narodne odbrane SSSR, VII JNA, Beograd, 1989, 367.

Во рамките на југословенската историографија, излегоа и неколку дела, посветени на општите дејства во текот на Втората светска војна од домашни автори, но и монографии од странски автори, кои се преведени на еден од јазицвите на југословенските народи.[34]

Посебно место од доменот на нашиот интерес, завзема монографскиот труд во три тома на Д-р Душан Лукач, посветен на Третиот рајх и земјите на Југоисточна Европа, од кои за нас нај интересен е Третиот том кој хронолошки го зафаќа периодот 1940-1945 година.[35] Во ова дело, авторот, го фрла акцентот на односот на Третиот Рајх во текот на Втората светска војна, кон земјите на Југоисточна Европа. Во последниот дел на третата книга, станува збор за воената есен 1944 година и поразот на нацистите на просторот на Југоисточна Европа. Интересно е да нагласиме, дека авторот зборува од воен, дипломатски, економски и друг аспект на овој проблем.

Проблемот на југословенско-бугарските односи во текот на Втората светска војна, беше предмет на повеќе научни трудови на тогашната југословенска историографија.[36]

За историјатот на поедини воени единици од

---

[34] Од нив би ги споменале: Drugi svetski rat 1939-1945. Knjiga druga. Mladost, Beograd, 1969, 663. Drugi svetski rat. Treća knjiga. Mladost, Zagreb, 1980, 400. Ilustrirana povijest NOB u Jugoslaviji 1941-1945. Stvarnost, Zagreb, 1973, 319. И други.

[35] D-r Dušan Lukač, Treći rajh i zemlje Jugoistočne Evrope. Treći deo 1940-1945. VINC, Balkanološki institut, SANU, Beograd, 1987, 870.

[36] Од нив би ги споменале: Živković Nikola, Ratna šteta koju je Bugarska učinila Jugoslaviji 1941-1945. Beograd, 1985, 202. D-r Milan Skakun, Jugoslovensko-bugarski odnosi. Jugoštampa, Beograd, 1979, 246. Боро Митровски, Венцислав Глишиќ, Томо Ристовски, Бугарска војска у Југославији 1941-1945. ВИНЦ, Београд, 1971, 468.

составот на НОВ и ПОМ, кои беа издадени надвор од Македонија, срекаваме повеќе монографски дела и сеќавања.[37]

Посебно место во рамките на споменатата едиција, завзема делото на Боро Митровски посветено на Петнаесеттиот македонски ударен корпус.[38] Оваа книга е директно поврзана со нашата тема и претставува основа за пратење на воените дејства на македонските единици во рамките на 15 македонски ударен корпус не само на Сремскиот фронт, туку авторот дава драгоцени податоци и за состојбата на македонското боиште во втората половина на 1944 година, потоа Сремскиот фронт, неговиот пробив и ослободувањето на Југославија се до 15 мај 1945 година. Авторот не навлегува во проблемот на периодизацијата на завршните операции за ослободување на Македонија и Југославија, туку истите ги именува како:"Операции за конечно ослободување на Македонија октомври-ноември 1944" и "завршни операции за ослободување на Југославија". На одредени места оваа етапа авторот ја нарекува и "втора етапа". Книгата се базира претежно

---

[37] Тука би ги споменале: Ристо Стојановски, Друга Македонска бригада.Ратна прошлост наших народа,књига 161, Монографије јединица НОВ и ПОЈ.ВИЗ, Београд,1974,255. Љубен Георгиевски Љупта, У недрима Кожуфа. Друга македонска ударна бригада.Друго издање. Записи о ратним бригадама,21. Народна армија, Београд, 1972,189. Кирил Михајловски Грујица, Трећа македонска НОУ бригада. Ратна прошлост наших народа, књига 197, Монографије јединица НОВ и ПОЈ.ВИЗ, Београд, 1976,372. Љубен Георгиевски Љупта, Илинденске искре, Петта македонска НОУ бригада. Записи о ратним бригадама 51.Народна армија, Београд, 1981,186. Дане Петковски, Владо Стрезовски, Борбена дејства у Западној Македонији 1941-1945. Ратна прошлост наших народа, књига 251, Монографије једининица НОВ и ПОЈ.ВИЗ, Београд, 1983,337. Makedonija od ustana do slobode 1941 - 1945.( Zbornik radova). Biblioteka ratna prošlost naroda i narodnosti Jugoslavije, knjiga 297. VINC, Beograd, INI, Skopje, Beograd, 1987, 1020.

[38] Бора Митровски, Петнаестти( македонски) ударни корпус НОВЈ. Ратна прошлост народа и народности Југославије, књига 256, Монографије јединица НОВ и ПОЈ, књига 81. ВИЗ, Београд, 1983,606.

врз сочуваните архивски материјали од архивата на корпусот и неговите единици, но и врз достапната германска документација од фондот "Вашингтон" која се чува во ВИИ-Белград. Во оваа монографија на исцрпен начин е обработен борбениот пат на 15 македоински ударен корпус, и истата може да служиза показ како да сеобработат останатите македонски единици.

Спорадични податоци за поедини моменти од воените дејства на македонските единици, среќаваме и во поедини монографски дела, посветени на останатите воени единици од составот на НОВ и ПОЈ на ЈА.[39]

Што се однесува до поединечните трудови објавени во научните списанија, тие се наведени во одделот за користена и консултирана литература.

Во изминатиот период и бугарската историографија се збогати со повеќе дела посветени на проблемот на втората светска војна и учеството на Бугарија во неа.Од нив за нас се интересни делата посветени на учеството на Бугарија во операциите 1944-1945 година.[40] Карактеристично за овие

---

[39] Од нив би ги наброиле: Живојин Николиќ Брка, 22 српска дивизија.Ратна прошлост наших народа и народности, књига 142, монографије јединица НОВ и ПОЈ, књига 24.ВОЗ, Београд, 1972, 505. Djorgje Orlović, Šesta Lička proleterska divizija "Nikola Tesla". Ratna prošlost naroda Jugoslavije, knjiga 368, monografije jedinica NOV i POJ, knjiga 156. VINC, Beograd, 1990, 535. Jovo Popović, Rat poslije pobe d e. K azivanja Kosta Nagja.Alfa,Zagreb,1976,187.

[40]Тука би ги спомeнале:История на антифашиската борба в България 1939-1944.Том втори, Период март 1943- май 1945. София 1961,460. Отечествената война на България 1944-1945. Том I-III.Министерство на народната одбрана.София 1961/66,460. Кратка история на България. София 1962,361. Кратка истоия на отечествената война. София 1960,259. Георги Даскалов, Българо-йугославските политически отношения 1944-1945. София 1989,330. Гинчев Георги, Ниш, Страцин, Драва,Мур. София 1965,125. Лалов Игнат, От Волга до Балкана. Спомени на советските генерали, адмирали, офицери и

монографски дела е дека на извесен начин премногу ги позитивираат одредените настани и воени операции, како и улогата на Бугарија и бугарската војска во нив. Речи си малку или пак воопшто не се даваат податоци за заедничките содејства на бугарската армија и единиците на НОВ и ПОМ во првата етапа на завршните операции за ослободување на Југославија односно во втората половина на 1944 година. Определени настани пристрасно се прикажуваат во корист на Бугарија. Што се однесува до поединечните трудови објавени во научните списанија, можеме да констатираме дека бугарската историографија доволно простор му посветила на проблемот на учеството на Бугарија во завршните операции за ослободување на Македонија и Југославија.Поглем број статии посветени на оваа проблематика презентирани се во одделот за користена и консултирана литература. Карактеристика на бугарската историографија во поглед на учеството на Бугарија во завршните операции за ослободување на Македонија и Југославија, е тоа што овие операции, таа ги дели во два периода и тоа: Прв период-операции водени на тлото на Федерална Македонија, Косово и Метохија и Србија во текот на втората половина на 1944 година и Втор период-операции водени на Сремскиот фронт се до конечното ослободување на Југославија во текот на првата половина на 1945 година.

Во изминатиот период, германската историографија, се збогати со повеќе монографски дела посветени на борбата на Балканот во текот на втората светска војна. Од нив неколку дела,

---

бойци за освобождението на България от фашизма и за бойната дружба в отечественната война 1944-1945. София 1967,570.

отскокнуваат со својата содржина, бидејки директно даваат податоци и вршат аналаиза на ситуацијата на Балканот во текот на 1941-1945 година.Нај каратеристични за нашата тема се делата на германските автори кои донесуваат податоци за периодот втора половина на 1944 и прва половина на 1945 година.Едно од нив е делото на началникот на Генералштабот на армиската група "Е", Шмидт-Рихберг Ерих, посветено на завршните борби на Балканот.[41] Авторот на ова дело беше директен учесник во настаните и повлекувањето на германската армиска група "Е" во текот на 1944-1945 година од Балканот.Оваа книга тој ја напиша врз база на свежите спомени и врз основа на изјавите на командантите од оваа армиска групација, а во прв ред врз база на изјавата на командантот на армиската група "Е", генералполковникот Александер Лер. Монографијата дава извештај за повлекувањето од Балканот и борбите на оваа армиска групација, развојот на ситуацијата на Балканот и посебно во Југославија. Особен акцент е деден на текот на операциите при повлекувањето на армиската група "Е" во просторот на Југославија и Македонија есен 1944 до мај 1945 година. Авторот исто така дава оценка и ги сумира резултатите од оваа операција.Токму на ова проблематика се посветени поглавјата 4-17. И покрај тоа што авторот се базира на споменатите извори и немал можност да ги консултира изворите од југословенските и македонски архиви, можеме слободно да констатираме дека во книгата детално се прикажани дејствата на гераманските единици

[41] Schmidt Richberg Erich, Der endkampf auf dem Balkan. Die operationen der Heeresgruppe E von Griecheland bis den Alpen. Die Wehrmacht im kampf. Kurt Fovinkel, Heidelberg, Scharnhorst Buchkameradschaft, 1955, 163 + skici.

во завршните опарции и борби со единиците на НОВЈ. Должни сме исто така да напоменеме дека авторот ништо не кажува за борбите на германските единици со единиците на НОВ и ПОМ во втората половина на 1944 година. Оваа книга наиде на широк интерес и во југословенската и во бугарската историографија и истата од нив во вид на критички приказ детално е разработена.И двете историографии и покрај одредените критички забелешки даваат позитивни оценки гледано во целина. Македонската историографија досега се нема произнесено по однос на ова дело.

Следното дело на германската историографија е монографијата на Карл Хнилика, кое исто така е посветено на крајот на воените операции на германските единицина Балканот 1944-1945 година.[42] Авторот на оваа книга, само во третото поглавје(50-158) ги прикажал условите и текот на повлекувањето на германската армиска група "Е", што значи на околу 100 страници, а останатиот текст на околу 295 страници, претставуваат разни додатоци и појасненија кои имаат непосредна врска со темата. Исто така во ова дело, само делот од ова поглавје на страна 68 натаму, дава преглед на операциите водени во Македонија и Србија се до воспоставување на Сремскиот фронт, но од аспект на германските извори и документи. Хнилика во ова свое дело, ја прикажува ситуацијата во Македонија во ова време, презентирајки ја истата како успех на генералот Лер за обезбедување коридор на неговите трупи низ кој ќе се повлекуваат кон север. Во продолжение (100-109), авторот дава приказ на формирањето на

---

[42] Karl Hnilicka, Das ende auf dem Balkan 1944-1945. Die militärische Räumung Jugoslaviens durch die Deutsche Wehrmacht. Musterschmidt, Götingen,Zürich,Frankfurt, 1970, 404.

Сремскиот фронт , а (109-158) е посветен во двата последни оддели на повлекувањето на германските единици од западниот дел на Југославија во текот на 1945 година. Должни сме да нагласиме дека авторот покажува не се задржув а на борбите на оваа армиска група "Е", со единиците на НОВ и ПОМ.Како и во делото на Ерих Шмидт Рихберг, и тука, на повеќе места се истакнуваат и илустрираат потешкотиите и опасностите кои ги среќаваат германските единици при повлекувањето во зимата 1944/45 година од Балканот. Наше мислење е дека споменатото дело гледано во целина има своја вредност во поглед на хронолошкиот редослед на прикажување на настаните и од аспект на користење на германската документација и извори.

Проблемот на повлекувањето на германскиот Вермахт од Балканот и Југославија во текот на 1944 и 1945 година, е застапен и кај повеќе други германски автори.[43]

Што се однесува на германските дипломатски чекори превземани на Балканот во текот на Втората светстка војна, истите се разработени во вид на сеќавање на тогашниот германски ополномоштеник за Југоистокот Херман Нојбахер.[44]

Резимирајки ги согледувањата за состојбата на историографијата од германското јазично подрачје, посветена на

---

[43]Од нив би ги споменале: Geschichte des Zweiten Weltkrieg. Teil I: Die militärischen und politischen Ereignisse. Wirzburg: Ploetz 1960,480. Lotar Gruhman, Der Zweite Weltkrieg. Kriegfürung und plitik. München: Deutscher Taschenbuch-Verlag 1967,180. K.W.Böhme, Die Deutschen Kriegsanfangenen in Jugoslavien 1941-1949. Band I/1, München Bielefeld:Gieseking 1962, 850. Janusz Piekalkiewicz, Krieg auf dem Balkan 1940-1945. Bechtermünz Verlag, München 1984, 320.

[44]Hermann Neubacher, Sonderauftrag Südost 1940-1945. Bericht eines fliegenden Diplomaten. Musterschmidt-Verlag-Götingen, Berlin-Frankfurt, 1957,215.

проблемот на втората светска војна на Балканот и посебно германското повлекување во текот на 1944-1945 година од овој простор, можеме да констатираме дека истата посветува големо внимание на настаните во Југоситочна Европа. Таа настојува да истражи и расветли некои проблеми и настани за кои претходно не се зборувало, барем не на таков начин каков што тоа го прават сопоменатите дела. Интересот на оваа историографија за проблемот на повлекувањето на германскиот Вермахт од Балканот секако е разбирлив, кога се имаат предвид последиците од ова повлекување за германската војска и Вермахтот воопшто. Токму затоа скоро сите автори настојуваат да изнајдат"објективни" причини за како што велат тие "конечната победа" на армиската група "Е" и за состојбата во која се најде истата. Овие трудови исто така покажуваат дека тогашното германско раководство тешко се откажуваше од Балканот,бидејки токму тука Третиот рајх имаше неколку свои сојузнички како што се Бугарија,Албанија, Романија и најпосле Хрватска која до последен момент му остана верна.

Бројни се часописите и издавачките серии во кои срекаваме поединечни статии посветени на проблемот на германското повлекување од Југистокот.Тука претежно доминира воената и политичката историја но речиси исклучиво гледана од оспект на Третиот рајх. Токму затоа борбата на југословенските народи и посебно македонскиот истите ја гледаат во светлото на германските успеси или порази. Впечатокот што го оставаат германските историографи за повлекувањето на армиската група "Е" од Балканот, упатува на заклучокот дека таа е една голема победа на германската војска и дека ослободувањето на поедини делови и градови во тогашна Југославија претежно се обавува по

повлекувањето на германските единици. Ова особено е истакнато на просторот на Македонија, без да се навлегува во проблемот на борбата на германските и единиците на НОВ и ПОМ. Токму затоа сосема малку или воопшто не среќаваме податоци за нанесените човечки жртви и материјални штети што ги направија германските војски при нивното повлекување од овој простор.

# ВОВЕД

Во втората половина на 1944 година ,започна последната фаза од втората светска војна на Европското боиште.Под притисок на создадената ситуација на Источниот, Југоисточниот и фронтот во Италија, како и масовизирањето на општонародната војна во Југославија,Албанија и Грција, германската армиска група "Е" стационирана во овие замји, беше принудена да ги повлече своите сили кон северниот дел на Југославија во правец на границите на нивната татковина.

Во оваа ситуација просторот на Македонија, претставуваше непосредна заднина на оваа германска армиска групација, преку која водеа сите патишта на повлекувањето кон север.Тогаш на просторот на Грција и Албанија во составот на оваа групација се наоѓаа околу 400.000 војници, старешини и пропратни служби, распоредени во три корпуси од кои некои беа за посебна намена, осум дивизии од различен состав и многу други самостојни единици на копнената војска, морнарицата и воздухополовството[45]. Во исто време во Албанија беше распореден еден корпус во силина од две дивизии. Германскиот командант на Југоистокот, согледувајки ја безизлезната ситуација на оваа германска армиска групација доколку остане на своите почетни позиции, издава наредба за нејзино повлекување кон север, со цел создавање на еден непрекинат фронт на одбраната на границите на Германија спрема Југоистокот, но и за одбрана на границите на својата

---

45 Januscz Piekalkiewicz, Krieg uf dem Balkan 1940-1945. Bechlermüncferlag, 1984, 271.

сојузничка Хрватска.За да ја поправи неповолната состојба на боиштето на просторот на Втората оклопна германска армија која делуваше на подрачјето на Дунав и за да се пополни празнината на фронтот што настана по капитулацијата на Бугарија на простотот помеѓу Втората оклопна армија и армиската група "Е" која се наоѓаше во повлекување кон север, од подрачјето на Грција и Албанија беа префрлени во реонот на Источна Србија неколку германски дивизии.[46]

Поради масовизирањето и интензивирање на борбата во Македонија во општонародно востание во овој период, бугарските и германските сили заедички се обидуваа да ги обезбедат комуникациите низ Македонија, се до капитулацијата на Бугарија, а потоа оваа задача ја превземаат германските единици и Воениот командант на Македонија, генералот Хајн Шоерлен(Hein Scheuerlen)[47].При ова бројни се плановите и операциите на германските сили, пред, за време и по капитулацијата на Бугарија на просторот на Македонија, со кои се сакаше да се задржи овој простор како транзитен , за што побрзо извлекување на армиската група "Е" кон север од просторот на Грција и Албанија.Три германски дивизии ја заменија 5 Бугарска армија која оперираше на просторот на Македонија и истата беше во силина од три дивизии.Во Западниот дел на Македонија покрај германските единици дејствуваа прилично големи балистички формации како квислиншки сили на германците.

---

46 Drugi svetski rat. Pregled ratnih operacija. Knjiga IV, Dogagjaji od 1 januara do decembra 1944 godine. Vojno istoriski institut (Понатака ВИИ), Beograd, 1970, 546.

47 Završne operacije za oslobogjenje Jugoslavije 1944-1945. VII, Beograd, 1970, 150.

Во склад со општиот развој на ситуацијата во втората половина на 1944 година, силите на НОВЈ во кои како составен дел влегуваа и единиците на НОВ и ПОМ, ја започнаа првата етапа на завршните операции за ослободување на Југославија, па во тој контекст и на Македонија.Оваа етапа на завршните операции за ослободување на Југославија отпочна кон средината на 1944 година, скоро во исто време кога и сојузничките армии од исток и запад продолжија со силни офанзивни дејствија кон срцето на Германија.До крајот на 1944 година, единиците на НОВЈ, во рамките на првата етапа на завршните операции,ги ослободија: Македонија, Србија, Војводина, Косово и Метохија, Црна Гора, Далмација и поголемиот дел на Босна и Херцеговина.Со завршувањето на оваа прва етапа на завршните операции за ослободување на Југославија, може да се рече дека заврши и партизанскиот начин на војување, кога со почетокот на 1945 година , беше воспоставен единствен стратегиски фронт од реката Драва, преку Срем, Босна и Јужна Лика до Јадранското море, кој налагаше фронтален начин на војување.

Во првата етапа на завршните операции , беше создадена слободна и пространа територија, која претставуваше стратегиска позадина на фронтот и потпора за понатамошното водење на војната. Воедно таа беше еден од битните предуслови за понатамошната трансформација и реорганизација на НОВЈ во ЈА, што претствуваше нов квалитет но и квантитет на воената организација во Југославија.

Постоењето на слободните територии беше од посебно значење за развојот на настаните во Втората етапа на завршните операции за ослободување на Југославија.Во тој контекст и Федерална Македонија, како една од првите слободни федерални

единици , живееше и се организираше во знакот на паролата:"Се за фронтот-сите на фронт" и "Се за фронтот -се за победата".

Новоослободената Федерална Македонија, во овој период се судри со неколку основни проблеми, како што се:обезбедувањето на редот и мирот, под што се подразбираше, борбата против остатоците на колаборационистичките сили, обезбедувањето на државните граници, изградба на сообраќајните комуникации, исхрана и затоплување на населението и војската, мобилизација за потребите на војската,организирањето на политичкиот и културно-просветен живот, обновата на срушените стопански и сообраќајни објекти, заживување на економијата и многу други проблеми.

Во оваа последна етапа на завршните операции за ослободување на Југославија, спаѓаше и реорганизацијата на воената организација и единиците на НОВЈ, односно НОВ и ПОМ.Во таа насока покрај доброволната, беше воведена и задолжителна мобилизација на новите борци, со што се изврши интензивно пополнување на македонските диници со нови борци и воедно се пристапи кон припремата на елитната македонска единица, 15 македонски ударен корпус за испраќање на Сремскиот фронт.Така Федерална Македонија во склопот на Втората етапа на завршните операции за конечното ослободување на Југославија, испрати на фронтот комплетно обучен и наоружан корпус со силина од околу 24000 војници, старешини и пропратни служби.Покрај тоа дел од новомобилизираните борци од Македонија и Косово и Метохија, беше упатен преку Албанија и Црна Гора, а потоа по морски пат, во

составот на 4 Југословенска армија.[48]

Во овој периодФедерална Македонија, во составот на своите оперативни единици имаше околу 66 ооо борци и старешини, кој број во наредниот период постојано ќе расте[49].Од споменатиот број, 15 македонски ударен корпус со, својата бројна состојба изнесуваше скоро 1/3 од бројната состојба на македонската војска, а 1/4 од вкупната бројна состојба на 1 Југословенска армија во чиј состав влезе корпусот, а чија бројна состојба пред почетокот на пробивот на Сремскиот фронт изнесуваше 111.078 борци и старешини, вклучувајки го тука и составот на 15 македонски ударен корпус со неговите две дивизии и пропратни служби.

Ваквиот развој на вооружените единици на Федерална Македонија, претставува континуитет на борбата на македонскиот народ , при што посебно доаѓа до израз способноста и неговата заслуга самостојно да си ја извојува слободата.Специфичноста на оваа борба на македонскиот народ се состоеше во тоа, што оваа борба не беше само борба против германскиот, туку и против другите окупатори и нивни помагачи, со што се создаваше олеснителна околност за соседните движења на отпорот во Бугарија,Грција, Албанија и Србија, бидејки на просторот на Федерална Македонија се кршеше главнината на германската војска и нејзините соработници, односно на овој простор единиците на НОВ и ПОМ правеа извонредни напори да се

---

[48] Истото, 620.

[49] Михаило Апостолски, Воената организација во периододт на НОБ и револуцијата во Македонија. Симпозиум, Развојот и карактеристиките на слободните територии во Западна Македонија. Институт за национална историја (Понатака ИНИ), Скопје, 1986, 88.

попречи повлекувањето на армиската германска група "Е" кон север, со што пак индиректно се олеснуваше ситуацијата на југоисточниот фронт на исток на Србија.

Со развојот на вооружената сила на македонскиот народ и создавањето на корпусите, а посебно на 15 македонски ударен корпус, кој ја пронесе славата на македонската народноослободителна војска низ целиот југословенски простор и пошироко дојде до потп о лн изр а з кулминацијата на паролата:"Македонско име нема да загине",што беше во спротивност со основната цел на непријателските расположени сили и нивната парола:"Македонско име да загине".

Токму затоа создавањето на силна македонска војска претставуваше предуслов за слободата, за државноста и за суверенитетот на македонскиот народ и неговата држава Федерална Македонија.Тоа беше основното мото и водилка да се создаде сопствена македонска војска, со која Македонија се ослободи, за да не се наметнат услови за некој друг со туѓа војска да ја ослободува.И не само тоа, што македонскиот народ создаде своја самостојна војска со која ја извојува слободата,туку со 1/3 од својот тогашен воен потенцијал, изразен во лицето на најелитната македонска единица 15 македонски ударен корпус,придонесе за конечното ослободување на Југославија, заедно со останатите југословенски единици.[50] Со што Федерална Македонија стана

---

[50] Силите во подрачјето на фронтот ги сочинуваа: Прва армија во вкупна силина од десет дивиизии со 111.о78 борци и старешини, 355 топови, 1152 минофрлачи, 55 тенкови, 52.742 пушки и 4.993 пушкомитралези.Во нејзиниот состав влегуваа: 1 пролетерска дивизија со: 1 прлетерска бригада, 3 краишка, 13 хрватска, една италијанска и една артилериска бигада, 2 пролетерска со: 2 пролетерска, 4 црногорска, 3 српска и една артилериска бригада, 5

ослободител на останатите неослободени југословенски народи и националности и сојузничка во антихитлеровската коалиција.

Борбениот пат на 15 македонски ударен корпус по

---

краишка со: 1 краишка, 4 краишка, 1 југословенска бригада и артилериска бригада, 6 пролетерска со: 1,2 и 3 личка и една артилериска бригада, 11 краишка со: 5 и 12 краишка, 8 црногорска и една артилериска бригада, 17 источно-босанска со: 2 краишка, 6 источно-босанска, 15 маевичка и една артилерсика бригада, 21 српска со: 4,5 и 31 српска и една артилерсика бригада, 22 српска со: 8,10 и 12 српска и една артилериска бригада, 42 македонска со:3 и 16 македонска и 7 албанска и една артилериска бригада, и 48 македонска дивизија со: 1,2 и 14 македонска и една артилериска бригада .Втора армија со: 23 српска дивизија со:7,9и 14 српска и една артилерсика, 25 српска со:16,18 и 19 српска и една артилериска, 28 славонска со:17 и 21 славонска,25 бродска и една артилериска, 45 српска со:20,23 и 24 српска бригада и Инженериска и допунска бригада.Вкупниот состав на оваа армија изнесуваше четири дивизии со 58.040 борци и старешини наоружани со: 42 топа, 398 минофрлачи, 18.216 пушки и 1.566 пушкомитралези. Третата армија на НОВ и ПОЈ односно ЈА имаше вкупно пет дивизии и тоа: 16 војводинска со:1,2,4 и 15 војводинска и една артилериска бригада, 36 војводинска со: 3,5,6 и 11 војводинска и една артилериска, 51 војводинска со:7,8,12 и 14 војводинска една артилериска и една бригада од составот на 40 дивизија, 12 славонска со: 4 и 12 славонска и една чехоловачка бригада и 40 славонска со: 18 славонска, една младинска и Вировитичката бригада. Вкупно оваа армија имаше 49.884 борци и старешини наоружани со: 168 топа, 534 минофрлачи, 14.666 пушки и 1.277 пушкомитралези. Четвртата армија на НОВ и ПОЈ односно ЈА беше соаставена од девет дивизии со вкупно 67.000 борци и старешини наоружани со:150 топа, 439 минофрлачи, 75 тенкови,39.907 пушки и 3.613 пушкомитралези.Во нејзиниот состав влегуваа:9 далматинска дивизија со:2, 3 и 4 далматинска бригада, 13 приморско-горанска со:1,2и 3 приморско-горанска бригада, 15 словеначка со:4,5,12 и 15 словеначка бригада, 18 словеначка со:8,9 и 10 словеначка и 24 италијанска бригада, 19 далматинска со:5,6 и 14 далматинска бригада, 20 далматинска со:8,9 и 10 далматинска бригада, 26 далматинска со:1,11 и 12 далматинска и 3 прекуморска бригада, 35 личка со:1 и 3личка и 7 далматинска бригада и 43 истарска дивизија со:1,2 и 3 истарска бригада.Тука спаѓа и Сараевската група на корпуси во чиј состав влегуваа:2 ударни корпуси со:3 црногорска, 37 санџачка и 29 херцеговска дивизија, 3 ударен корпус со 27 и 38 источнобосанска дивизија и 5 ударен корпус со 4 и 10 краишка дивизија и Зеничката група на бригади. Вкупно Сараевската група корпуси имаше 69.601 борец и старешина.Останатите дивизии на 5 корпус беа рспоредени: 53 среднобосанска кон Добој а 39 босанска кон Бања Лука. Pukovnik Nikola Anić, Osnovni podatci o armijama. Armije u strategiskoj koncepciji...Za pobedu i slobodu... knjiga 4...61.

борбите за конечно ослободување на Македонија, започнува со чистењето на теренот на Македонија, дел од Косово и Метохија и Јужна Србија од колаборационистичките остатоци во месец декември 1944 година, а по испраќањето на Сремскиот фронт, оваа македонска единица уште од првиот ден на пробивот на Сремскиот фронт на 12 април 1945 година, се најде во првите борбени линии , продолжувајки го својот борбен но славен пат се до Федерална Словенија.Бројни се градовите и местата во чие ослободување учествуваа единиците на 15 македонски корпус односно, на 42 и 48 македонска народноослободителна дивизија.Со тоа Македонија го даде својот придонес во втората етапа на завршните операции за ослободување на Југославија учествувајки активно во борбите се до 15 мај 1945 година и потоа се до конечното враќање на македонските единици во Македонија.Имено дел од единиците на Корпусот беа ангажирани во чистењето на теренот на Босна од остатоците на непријателските сили.

Во овие борби 15 македонски ударен корпус имаше 1.5оо загинати и 3.400 ранети борци и старешини од цела Македонија од македонскиот народ и останатите националности.[51] (Види прилог бр.1 , 2 и 3)

---

[51] Според одредени податоци, 1, 2 и 3 ЈА во периодот на Втората етапа на завршните операции јануари-мај 1945 година и 4 ЈА од март до мај 1945 година, ги имаа следните загуби: 1 ЈА имаше 7.433 загинати и 24.554 ранети, 2 ЈА имаше 4.477 загинати и 17.176 ранети, 3 ЈА имаше 4.705 загинати и 7.053 ранети и 4 ЈА имаше 2.232 загинати и 7.053 ранети. Вкупно сите четири армии имаа 18.838 загинати и 61.671 ранет борец и старешина.Pukovnik Nikola Anić, Osnovni podaci o završnim operacijama za oslobogjenje Jugoslavije 1945 godine. Završne operacije...Za pobedu i slobodu...knjiga 9,...118.

# ГЛАВА ПРВА

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЗАВРШНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА (ПРВА ЕТАПА НА ЗАВРШНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА— ВТОРА ПОЛОВИНА НА 1944 ГОДИНА) .

### 1. Македонското боиште во втората половина на 1944 година

Втората светска војна во втората половина на 1944 година, влезе во својата завршна фаза. Тоа е период кога Третиот рајх се повлекува од сите фронтови и време кога фронтовите се доближуваат до неговите граници. Продорот на Црвената армија преку Романија на Балканот, ја навестуваше одлучната битка за Југоисточна Европа и за воспоставување на единствен фронт на сојузниците на Балканот.Во него одлучувачка улога имаа единиците на НОВЈ.Тие претставуваа карика која ги сврзуваше англо-американскиот фронт во Италија и советскиот фронт во

Унгарија.[52]

Тогашниот Југоисточен одбрамбен бедем на Германија, според негови планови, требаше да го запре напредувањето на Црвената армија, да ја уцврсти одбраната на морскиот брег на Средоземјето од евентуална сојузничка инвазија и да ги задржи колку е можно подолго сојузничките земји на Германија, како што беа Бугарија, Унгарија и Хрватска, како база и извор на суровини и како стратегиски простор.

За овој крупен програм, германците на Југоистокот на Европа, покрај еден милион свои војници имаа кон крајот на летото 1944 година, значајни сили на споменатите сојузници и други квислинзи и тоа: околу 50.000 квислинзи од Грција и Албанија, 350.000 квислинзи од Југославија, околу еден милон романски и бугарски војски и околу 350 000 унгарски војски.[53] Меѓутоа тешкиот пораз кај Јашија и Кишињев од страна на советите врз германците, делуваше разорувачки на сојузниците на Германија, кои беа гнили и брзо се распаѓаа, со исклучок на Унгарија и Хрватска кои до последен момент му останаа верни.

По објавувањето на војна од страна на Бугарија на 9 септември 1944 година, германската армиска група¨Е¨ западна во тешка ситуација.Посебно кога бугарските војски во рамките на Третиот Укараински фронт требше да делуваат на источната страна на оваа армија и заедно со единиците на НОВЈ да го попречуваат

---

[52] Beogradska operacija( Drugo izdanje)...94.

[53] D-r Dušan Lukač, Treći Rajh i zemlje Jugoistočne Evrope. Treći deo 1941-11945...714.

нејзиното повлекување на север.Германците го очекуваа овој напад и за него се припремаа.Млакиот напад од исток не беше пречка за непречено одвивање на повлекувањето на армиската група "Е" по комуникациите низ Македонија кон север. Со исклучок на неколку пожестоки судири со бугарите кои сепак немаа одлучувачка улога за спасување на оваа армиска групација.[54]

Армиската група "Е", отстапи низ Македонија организирано и со минимални губитоци. Таа се проби до просторорт на Босна , се потпре на соседните германски сили и успеа да воспостави непрекинат фронт за одбрана на Хрватска, Унгарија и

---

[54] Според одредени непотполни податоци во текот на Завршните операции за ослободување на Македонија кои беа составен дел на Првата етапа на завршните операции за ослободување на Југославија, беа извршени борбени дејства, диверзии и напади со непријателските сили и тоа: во месец август околу 88 судири со бугарските окупаторски војски, во месец септември акцентот беше фрлен на диверзантските акции при што беа уништени и оштетени: 6 возови, 7 дигалки за расчистување на пругите, 6 мостови, 1 тунел, нападнати беа три транспорти на пруга и извршено оштетување на железничка линија на околу 100 места.Во овој месец беа изведени и одреден број судири со германските сили.Во текот на месец октомври, беа оштетени или уништени: 5 возови, 7 мостови, два транспортни воза и две железнички станици.Во овој месец беа извршени и поголем број вооружени судири со германските сили. Во текот на месец ноември се интензивираше процесот на ослободување на македонските градови, при што беа изведени околу 28 борбени дејства за ослободување на населени места и поголем број други операции за конечно ослободување на Македонија. Во текот на завршните операции за ослободување на Македонија во периодот август-ноември 1944 година, најбројни и најефикасни борбени акции и диверзантски дејства беа забележани по комуникациите по долината на реката Вардар при што беа оштетени или уништени: железничката пруга Велес-Зелениково(30 км) и Неготино-Гевгелија(70 км), при што во долината на реката Вардар беа срушени 15 возови, минирани 13 мостови на железничката пруга, неколку моста на патиштата, оштетен еден тунел, 2 дигалки за расчистување на пругата, беа нападнати 4 транспортни воза, 5 железнички станици и срушена железничката линија на преку 100 места. D-r Ljubomir Bošnjak, Diverzantska dejstva u Narodnooslobodilačkom ratu 1941-1945. VII, Beograd, 1983, 295.

Австрија.Подоцна за да се совлада овој фронт требаше да се пролее уште многу крв, а заробувањето на армиската група "Е", беше одложено за уште половина година.[55]

Сепак благодарение на воените активности на единиците на НОВ и ПОМ во централниот и западниот дел на Македонија и заедничките дејства на единиците на НОВ и ПОМ и бугарските војски во дел од источна Македонија, во текот на двомесечната борба, беше успорено повлекувањето на германската армиска група "Е" низ Македонија за околу две недели и при тоа и беа нанесени одредени губитоци, запленето оружје и муниција. Се постигна она што во дадениот момент од македонска страна можеше да се оствари со моменталните сили и наоружување.Со тоа беше оневозможено на германската страна да ги поврати изгубените позиции на Југоистокот на Европа и да ги задржи глобалните комуникации кон север на Балканот.

Токму затоа во склад со општиот развој на настаните во овој период на Втората светска војна, односно во втората половина на 1944 година, силите на НОВЈ ја започнаа првата етапа на завршните операции за ослободување на Југославија, во текот на кои во септември 1944 година на источните граници на Југославија, дојде до спојување на единиците на НОВЈ и Црвената армија.[56]Тоа е време кога во развојот на оружените сили на НОВЈ дојде до квантитативно и квалитативно

---

[55] Završne operacije za oslobogjenje Jugoslavije 1944-1945...190.

[56] Drugi svetski rat 1939-1945.Mladost Beograd...277.

растење, повеќе од било кој период порано. Најголем број на овие единици е формиран токму во источните и југоисточните краеви на Југославија, поточно во Србија, Македонија, Војводина и Косово и Метохија. НОВЈ стана значаен воен, меѓународен фактор признаен од сојузниците, како војувачка страна во антихитлеровската коалиција, со што практично НОВЈ беше вклучена во глобалната стратегија на сојузниците во завршната фаза на нивната борба против силите на Германија. Со тоа започна да пристига помош од сојузниците, што влијаеше на забрзаното формирање на нови сили на НОВЈ.[57] Токму во ова време, започнуваат од средината па се до

[57] Вкупната воена помош која НОВ и ПОЈ ја прими од Англо-Американските сојузници во периодот од втората половина на октомври 1943 до мај 1945 година беше следната: 137.092 пушки, 15.837 лесни и тешки митралези, 41.443 машински пушки, 1.626 пиштили, 2.684 минофрлачи од разни калибри, 1.256 противтенковски пушки, 132 противавионски митралези, 338 полски топови од разни калибри, 107 тенкови и 61 авион. Покрај тоа западните сојузници доставија значителни количини на санитетски материјал, облека, чевли, погонски, технички и дуг материјал и друго.Така на пример само во месеците ноември и декември 1944 година по морски пат беа доставени околу 25.397 тони храна, погонско гориво, оружје, муниција облека и друго, по воздушен пат во периодот ноември 1943 до мај 1945 година беа доставени околу 11.500 тони разен материјал за потребите на НОВЈ односно ЈА. Западните сојузници пружија значителна помош и во лекувањето и сместувањето на ранетите борци на НОВ и ПОЈ односно ЈА.Се смета дека околу 40.000 рабети и болни борци беа лекувани во болниците во Италија. Ништо помалку значајна не беше Советската воена помош на НОВ и ПОЈ односно ЈА.Според непотполните податоци ДФЈ прими помош од СССР за наоружувањена12 пешадиски и две воздухопловни дивизии како и за една тенковска бригада.Од СССР беа доставени следните количи на оружје: 96.515 пушки, 68.423 лесни и тешки митралези, 3.797 противтенковски пушки, 20.528 пиштоли, 512 противтенковски митралези, 3.364 минофрлачи, 895 полски топови, 170 противтенковски топови, 65 тенка(Т-34), 491 авион а од опрема: 1.329 радио станици, 7 евакуациски и 4 хируршки болници. Покрај тоа советската авијација префрли околу 3.000 тони разен материјал и евакуираше 1.350 ранети и болни борци на НОВЈ односно ЈА Pukovnik d-r Mladenko Colić, Saveznička materijalna pomoć narodnooslobodilačkoj vojsci.Armije u strategiskoj koncepciji...Za pobedu i slobodu knjiga 4...542-545. Дел од оваа

крајот на 1944 година, завршните операции како прва етапа за ослободување на Југославија. Со неа потполно беа ослободени Македонија, Србија, Војводина, Косово и Метохија, Далмација и поголем дел од Босна и Херцеговина и Црна Гора. Овие територии претставуваа две третини од вкупната територија на Југославија.[58]

Во контекстот на ваквата воено-политичка ситуација на Балканот, македонското боиште имаше неколку карактеристични обележја и тоа: 1. изразито нагласена воено-политичко значење на чиј простор се судруваа интересите на

---

сојузничка помош беше усмерувана и кон Македонија по пат на воздушни транспорти.Така во месец јули 1944 година, на единиците на НОВ и ПОМ им се доставени околу 50 пратки по пат на 16 авио транспорти, при што се доставени:200 пушки, 45 пушкомитралези, 6 тешки минофрлачи, 120 Стенови и значителни количини муниција, облека и друга опрема. Немаме сигурни показатели за вкупно применната воена помош во оружје и материјали доставена од страна на сојузниците до единиците на НОВ и ПОМ од проста причина што не постои прецизна евиденција за применените материјали од страна на ГШ НОВ и ПОМ. Должни сме меѓутоа во ова прилика да напомeнеме дека од страна на Советскиот сојуз комплетно беше опремен 15 македонски ударен корпус по неговото пристигање на просторот на Белград во јануари 1945 година. Исто така двете македоснски артилериски бригади од составот на 15 македонски корпус беа комплетно опремени со нови советски артилериски орудија.Двете артилериски бригади вкупно имаа околу 100 артилериски орудија од разни калибри, 108 минофрлачи од 82мм и поголем број минофрлачи од 50мм.Двете дивизии 42 и 48 од составот на овој корпус беа превооружени со новото советско оружје.Така на пример 42 македонска дивизија беше наоружана со: 2.666 пушки, 324 карабини, 113 противтенковски пушки, 163 снајпери, 358 пиштоли, 1.700 автомати, 255 митралези, 54 минофрлачи од 120мм, 12 минифрлачи од 82мм, 54 лесни минофрлачи, 54 топови од 76 и 45мм, 4 хаубици од 122мм, 2 автомобила, 4 влечни возила, 812 коњи и 78 запрежни коли. Сличен беше составот и наоружувањето и на 48 македонска дивизија.Бора Митровски, Петнаести (македонски) ударни корпус...308.

[58] Аниќ Никола, Оружане снаге и ратна вештина Народноослободилачке војске Македоније у завршним операцијама за ослобоѓење Македоније. Зборник на трудови посветени на акад.Михаило Апостолски по повод 75-годишнината од животот. МАНУ, Скопје, 1986, 295.

завојуваните страни. Токму затоа ослободувањето на Македонија , значеше осигурување на нејзината независност и сочувување на интегритетот на младата македонска држава, како составен дел на Демократска Федеративна Југославија (ДФЈ). 2.извонредно стратегиско значење на македонскиот простор за германската команда, бидејки истото беше едно од најзначајните стратегиски места во овој период на Југоистокот на Европа. Токму затоа држењето на Македонија во свои раце до последен момент, за германската армиска група "Е" беше од животно значење, бидејки единствено преку Македонија водеа сите патишта кон север. Алтернативниот пат преку Албанија беше мошне тежок и несигурен, што подоцна практично се покажа при повлекувањето на 21 германски планински корпус. Исто така македонскиот патен правец за германците имаше значење и од аспект на дотур на свежи сили од југ кон север на фронтот кон Белград и Срем.[59] 3. македонското боиште, имаше стратегско значење и за единиците на НОВЈ, заради координирање на воените дејства со борбите во источна Србија, Косово и Метохија и Црна Гора. Токму затоа борбите на НОВЈ во источните краеви на Југославија во Македонија и Србија, претставуваат една единствена целина. 4. посебно значење , македонското боиште имаше во развојот на воените формации на НОВ и ПОМ и соседните земји. 5. македонското боиште во ова време прерасна во општонародно востание на целиот македонски народ. 6.со ослободувањето на Македонија, всушност се ослободи една

[59] Mihailo Apostolski, Uloga oslobogjenih delova Jugoslavije u završnim operacijama. Završne operacije za oslobogjenja Jugoslavije...780.

федерална единица од ДФЈ, со што се доби база и стратегиска позадина на фронтот во формирање во северните делови на Југославија. Ова особено ќе дојде до израз во Втората етапа на завршните операции за ослободување на Југославија во првата половина на 1945 година.

На тој начин во времето кога се воспоставуваше Сремскиот фронт, па се до неговиот пробив, целокупниот простор на Југославија имаше три територии со посебни статуси. Првиот дел беа ослободените територии во кои спаѓаше и Федерална Македонија, кои се уредуваа како база на фронтот и кои започнаа слободен живот во сите свери. Вториот дел, беа териториите опфатени во просторот на Сремскиот фронт, кој се протегаше од Срем, Дрина, дел од територијата на Босна и завршуваше на брегот на Јадранското море.Овој фронт беше составен дел од фронтот во Унгарија и Италија. Третиот дел, беа териториите кои сеуште беа под окупација и неослободени, како што беа дел од Босна, Хрватска и Словенија.[60]

Во оваа ситуација, првата територија, односно слободните територии, беа потпора, база и стратегиска позадина на другите две територии, односно на фронтот и окупираните територии.Со поддршката на стабилна позадина, во новите услови на војување започнува да се применува нова тактика на комбинирана војна на фронтален и партизански начин на војување во заднината на непријателот.

---

[60] Истото,296.

Значењето на македонското боиште, во времето на втората половина на 1944 година, се огледа во општата офанзива и постојаните напади од страна на единиците на НОВ и ПОМ и бугарската војска во дел од источна Македонија, со кои постепено се ослободуваше територијата на Македонија од југ кон север и запад.При тоа се правеа усилби на германските единици, што повеќе да им се успори повлекувањето, а на нејзините квислиншки формации да се зададе смртоносен удар со ликвидација на балистите и четниците.И покрај тоа што германските единици организирано се повлекоа низ Македонија благодарение на својата надмоќ во луѓе и техника, од една страна, наспроти помалубројната и слабо технички опремена македонска војска, како и на недоволната мотивираност на бугарските единици за борба против довчерашните сојузници, сепак германските сили беа 14 дена задржани на македонското боиште, со што не успеаја навреме и во целост да стасаат на борбените положаи кај Белград. За време на 35 денови на завршната офанзива на единиците на НОВ и ПОМ, од македонската територија беа протерани неколкуте окупаторски војски и тоа: бугарските, германските и квислиншките формации од редот на балистичкото и четничко движење. Токму во овие борби израсна и се изгради младата македонска војска, а македонскиот народ ја доби својата национална слобода.

## 2. Учество на македонските единици во борбите на Косово и Метохија

Во екот на последните денови од завршните операции за конечно ослободување на Федерална Македонија, 42 македонска народноослободителна дивизија, без една своја бригада, беше упатена кон територијата на Косово и Метохија, односно градот Качаник заедно со 16 македонска бригада, со цел да го продолжи гонењето на германските единици кои се повлекуваа кон север преку територијата на Косово и Метохија, но и да води борба со силните формации на балистите.Всушност со тоа Федерална Македонија активно се вклучи во реализација за привршување на првата етапа од завршните опеарции за конечно ослободување на Југославија во втората половина на 1944 година. По извонредно жестоките борби на 21 ноември 1944 година, единиците од составот на оваа македонска дивизија, влегоа во градот Качаник. Оваа операција беше во согласност со директивата упатена од страна на Врховниот командант на НОВЈ, упатена до ГШ на НОВ и ПОМ од 18 ноември истата година, со која се бараше да се продолжи гонењето на непријателот по конечното ослободување на Македонија.[61] Во тоа

[61] Во телеграмата на Врховниот командант на НОВЈ, упатена до ГШ

време на Косово и Метохија, под притисок на единиците на 13 ударен корпус на НОВЈ,единиците од составот на Оперативниот штаб на Косово и Метохија, двете бригади од составот на НОВ на Албанија и 2 бугарска армија, заштитничките делови од составот на германската армиска група "Е", поточно од 91 германски армиски корпус за посебна намена, се наоѓаа во повлекување, делумно разбиени но сеуште силни на овој простор. Бидејки Федерална Македонија и источните и јужни делови на Србија во тоа време беа слободни, косовскиот простор беше од животен интерес за германското повлекување кон север. Тука беше префрлен и штабот на армиската група "Е" на 14 октомври 1944 година, од градот Солун во Стари трг кај Косовска Митровица, со цел што подобра прегледност и контрола на ситуацијата на боиштето.[62] Овој штаб ќе остане еден месец во ова место и на 15 ноември 1944 година, ќе се префрли во Сараево, а неговото командувачко место ќе го превземе командата на 91 армиски корпус за посебна намена.[63]

Во меѓувреме по дефинитивното ослободување на Федерална Македонија, единиците од составот на Струмичко-брегалничкиот корпус на НОВ и ПОМ и 49 македонска

---

на НОВ и ПОМ од 18 ноември 1944 година, за ова покрај другото се вели"...Со потребните сили продолжете да го гоните непријателот кон Косово и Метохија. На овој правец воопшто треба да се определи еден ваш ударен корпус, кој со другите наши сили ќе ги продолжи операциите кон запад. Тие ваши сили треба да помогнат за ликвидирање на арнаутските банди на Космет, како и во организирањето на нашите единици на тој сектор".АВИИ, к-26, рег.бр.9-3/12.

[62] Извод од Воениот дневник на армиската група "Е".АИНИ,мф.275/79.

[63] Истото.

дивизија, останаа усмерени кон заштита и обезбедување на оружјето и останатиот плен во Македонија. Единиците на 48 македонска дивизија, ја обезбедуваа јужната граница на Југославија односно Македонија, а покрај тоа имаа задача за чистење и фаќање на одметничките остатоци од балистите и четниците, како и прибирање на оружјето и друг воен материјал. 42 македонска дивизија, остана распоредена на просторот: Скопје-Качаник-Тетово, а Кумановската дивизија го контролираше просторот: Прешево-Гњилане-Урошевац. Единиците од составот на Кумановската дивизија, во време од 25ноември до 2 декември 1944 година, извршија претрес и чистење на просторот на Скопска Црна гора со помош на 12 македоснка бригада, додека единиците од составот на 42 македонска дивизија делуваа на правците: Скопје-Качаник-Урошевац-Прешево. Токму тогаш во времето од 10-15 декември 1944 година, од правецот на Гњилане се појави организирана група од балисти и четници во силина од околу 5 000 луѓе. Таа го нападна градот Гњилане, каде беа сместени македонските војници од составот на 17 македонска бригада. Со помош на единиците на Оперативниот штаб на Косово и Метохија, 17 македонска бригада, успеа да го задржи градот во свои раце и да ги одбие напаѓачите.[64]

Во овој период на реорганизираниот 15 македонски ударен корпус, засилен со 41 македонска дивизија му е издадена наредба да го чисти теренот на Гњиланската околија во содејство со единиците на Оперативниот штаб на Косово и Метохија. Оваа

[64] Спомен зборник на загинати борци од НОВ и жртви на фашистичкиот терор од Куманово и Кумановско.Куманово, 1976,183.

задача беше извршена во периодот од 15 до 26 декември 1944 година, по што единиците од составот на 15 македонски ударен корпус се враќаат на теренот на Куманово-Прешево, за да се припремат за одење на Сремскиот фронт.Во меѓувреме штабот на 41 македонска дивизија беше сместен во градот Качаник, а неговите единици беа распоредени на следниот простор: 8 македонска бригада во градот Урошевац, 12 македонска бригада во Качаник и 17 македонска бригада во Гњилане. Овие македонски единици имаа задача на теренот на кој делуваат да се борат со значајните остатоци на балистите и четниците, а во месец февруари и со веќе органиизираната контрареволуција предводена и организирана од балистите.[65] Поради тоа со наредба на Врховниот командант Јосип Броз Тито од 8 февруари 1945 година, беше воведена воена состојба на Косово и Метохија.[66] Со неа беше наименувана Команда на Воената управа и изменет составот на Оперативниот штаб на Косово и Метохија.

За разбивање на контрареволуцијата на Косово и Метохија, покрај другите единици од составот на НОВЈ, активно учество зедоа и единиците на НОВ и ПОМ, односно единиците од составот на 41 македонска дивизија. Тоа беше нов придонес на Федерална Македонија за ослободување и чистење на сеуште нослободените делови на Југославија и за сочувување на мирот и

[65] Осмата македонска ударна бригада. Зборника на сеќавања на борбениот пат на Осмата македонска ударна бригада.ОЗБ од НОВ-Титов Велес, Титов Велес, 1988,335.

[66] Истото.

стабилноста во позадината на фронтот. Напорите на Федерална Македонија, не престануваат со угушувањето на контрареволуцијата во текот на месец февруари и март 1945 година, туку македонските единици по формирањето на 5 југословенска армија, во месец мај истата година, имаа задача да ја бранат територијата на Југославија односно Македонија, Јужна Србија и Косово и Метохија се додека не им пристигне помош од страна на 6 југословенска армија.

**3.Штети кои ги претрпе Федерална Македонија во човечки жртви и матријални добра во операциите за нејзиното конечно ослободување**

Во екот на борбените операции за конечно ослободување на Македонија во втората половина на 1944 година, беа нанесени човечки и матријални штети на македонското стопанство и население. Непосредно по завршувањето на втората светска војна, во ДФЈ беше формирана и работеше Комисија за утврдување на човечките жртви и материјални загуби во текот на војната.[67]Еден од таквите документи, кој делумно ја презентира

[67]Прибраните материјали досега се собрани и чуваат во Архив на Југославија во Белград. Единствено Д-р Растислав Терзиоски од македонските историографи, делот кој се однесува за Македонија

состојбата на штетите во Федерална Македонија врз стопнските објети и сообраќајници и сообраќајни средства, напревени во текот на завршните операции во Македонија е Сумарниот преглед и извештај на германската армиска група "Е" за разорувањата во Македонскиот, Српскиот и Црногорскиот простор во исклучителниот простор на 21 планински германски армиски корпус при повлекувањето во втората половина на 1944 година.[68] (Види прилог бр.4). Споменатото рушење беше припремено однапред со следниот документ од германска страна во кој покрај другото се вели:"...Политичките обзири налагаат да се уништат железничкиот возен парк надвор од територијата на Албанија и Јужна Србија. Според тоа рушењето ќе се спроведува готово исклучиво во Македонија и на подрачјето на Кралево. Не е дозволено пренесување на материјали за уништување на просторот на 91 армиски корпус за

---

го има прегледано и дел објавено во "Гласник" на ИНИ.Растислав Терзиоски, Три документи како сведоштво за човечките жртви и материјални штети во окупирана Македонија 1941-1944. ГИНИ,XXV/1-2, Скопје,1986,229. Приложените документи всушност претставуваат завршни елаборати кои Претседателството на Федерална Македонија, односно Земската комисија за воени штети ги испарти во Државната комисија за воени штети при Претседателството на ДФЈ во август-септември 1945 година. Тоа се всушност три елаборати за штетите што ги направи бугарскиот, италијанскиот окупатор и сумарен елаборат за вкупните претрпени штети во текот на војната. Споменатите елаборати даваат податоци поединечно за секоја ставка за стопански објекти, културно-историски споменици и установи,финансиите, земјоделството, човечките загуби и друго. За нас меѓутоа е интересна проблематиката сврзана со завршните операции, а таа не е издвоена посебно во овие документи. Токму затоа мораме да се послужиме со расположивите документи кои досега ни беа достапни од македонска и германска провениенција.

68 Извршени разорувања во Македонскиот, Српскиот и Црно горскиот простор во исклучителниот простор на 21 планински армиски корпус. Оддел за Македонија. Таен команден предмет од 29 декември 1944 година, III/1203/44. БАМАФ,RH VII/49в.

посебна намена."[69] ( Види прилог Брт.4).

За рушење во Македонскиот простор од страна на германците, била задолжена посебна единица на чело со полковникот Хемпел, кој воедно е и потписник на сумарниот извештај за извршените разорувања во Македонија.[70] Во овој извештај се презентирани рушењата во просторот на 21 планински германски корпус, но недостасуваат рушењата во просторот на 22 планински германски армиски корпус.[71] Во него точно и прецизно е кажано што и во колкава мера е срушено и уништено при повлекувањето на германските единици низ просторот на Македонија и тоа:"Друмските мостови на потегот на правците: Велес-Скопје-2, Скопје-Тетово-1, Скопје-Качаник-2, Куманово-Ќустендил-42, Куманово-Врање-10, или се заедно 57 друмски мостови се разурнати. Разурнат е и тунелот Макензен и запречниот патен правец Скопје-Качаник. Разрушени се постројките кај Шар и Грлица и железничките мостови на делницата Скопје-Качаник. Во останатите разорувања спаѓаат: минирање на зградата на бугарската врховна команда во Скопје со активирање на пружински систем, минирање на предавателот на радио Скопје и електричната централа во Скопје, постројката за подготовки на хромна руда и фабриката за кислород во Жостов. На железничката делница Гевгелија-Скопје, на осум места се минирани мостовите како и железничките сатници во: Негорци, Смоквица,

[69] Истото.

[70] Истото.

[71] Истото.

Милетково и Миравци, на кои се уништени скретниците и железничките мостови на шест места и два тунела. Уништени се и железничките станици кај Демир Капија и Удово со уништување на скретсниците, како и станиците кај Неготино, Градско, Велес, Џеп, Скопје, Џинот, Жинзифоф, Пчиња и други. Разурнати се 23 железнички мостови, како и повеќе тунели. Со разорување на железничките шини со сечач на прагови или експлозив, се уништени железнички линиии на 21 место во вкупна должина од 172,379км. Урнати се во провалија или уништени 145 локомотиви, 2024 вагони, 4 моиторни возови и 3 дресини.[72]Споменатиот германски извештај, изобилува со прецизни податоци и за срушените, патни делници, мостови, тунели, железнички станици, крстосници, скретници, шини, дрвени мостови и друго.[73]Разорувањето при германското повлекување, беше регулирано со посебно упатство потпишано од началникот на германската армиска група "Е", Ерих Шмидт Рихберг.Во него прецизно се објаснува начинот на рушењето, местата кои треба да се рушат, а воедно со него се бараше водење на прецизна евиденција за бројот, видот и начинот на срушените објекти.[74]

Меѓутоа забрзаното темпо на германското повлекување, бараше користење на железницата до максимум во просторот до каде што тоа е можно. Со тоа германските железнички пионери, не можеа во потполност да ги срушат и уништат сите

---

[72] Истото.

[73] Истото.

[74] Предмет:Рушење од 19 декември 1944.БАМАФ,RHV II/49.

железнички постројки и сиот возен парк. Поради тоа командата на 21 германски армиски корпус, мораше да ангажира додатни сили за оваа намена.[75] Во писмото од повереноството за сообраќај при президиумот на АСНОМ, упатено до НКОЈ, за состојбата на железниците од 15 ноември 1944 година за ова покрај другото се вели:"Железничката мрежа е прегледана од стручњаци и констатирано е следното:1. Железничкиот јазел Велес потполно е уништен, сите згради, ложилницата, мостовите, самата пруга, телефонот, телеграфот, сиот инвентар-работничкиот и машински, сите локомотиви-37 на број(освен една), сите вагони околу 800, пумпата за вода и сиот апарат и сигнализација. 2.Пругата Велес-Битола: а) уништени се мостовите од армиран бетон на реката Тополка, долг 50 метри и на реката Црна долг 30 метри, б) уништени се исто така железничките мостови на реката Курдерес и Буковска и низа помали пропусти помеѓу Битола и Кенали. в) Сосема е разрушен тунелот непосредно до реката Тополка пред Велес, а оштетени се и големите тунели пред Велес, како и тие на Бабуна, над селото Богомила. г) Има големи оштетувања и на самата пруга. 3.Пругата Велес-Градско: а) разрушени се сите железнички мостови и многу пропусти, б) најголемиот дел од пругата е миниран, в) пресечени се скоро сите прагови. Со оглед на гореизложеното, сообраќајот во тој дел на Македонија е во многу лоша состојба и за подолго време наполно е оневозможен. Ги преземаме сите нужни мерки за поправка на оваа

[75] Извод од воениот дневник на армиската група "Е" од 5 ноември 1944.АИНИ,мф 275/79.

состојба, но наоѓаме на големи тешкотии."[76]

Во писмото пак на Поверенството за социјална политика, народно здравје и исхрана бр.93, упатено до селските одбори на 15 ноември 1944 година, за ова покрај другото се вели:" Германската фашистичка војска, заедно со нејзините помагачи Албанци и др., голем пакос направија во последните дни во Македонија. Градови и села се опљачкава и до темел се разрушија. Народо во Македонија остана гол и бос и гладен . Сега на нашата држава се налага да помогни, на прво место на гладните, водејки грижа за прехраната до новата жетва..."[77] Ваквата констатација ја потврдува и Поверенството за социјална политикас и народно здравје од декември 1944 година, во извештајот поднесен до Президиумот на АСНОМ, во кој покрај другото се вели:"... Општите условија при кои дојде нашата власт не беја благопријатни. Страхотните разрушенија на нашите мостови, градови и села како и празните каси не ни дадова возможност за поголеми социјални потхвати. Тоа го попречи и невозможноста, со оглед на горенаведените причини како и поради непостоење на државен буџет во кој се предвидени средства за социјални грижи за спроведување на општ социјален план...".[78]

---

[76]Писмо од поверенството за соопштенија и градежи при Президиумот на АСНОМ до НКОЈ за состојбата на железничките линии јуко од Велес од 15 ноември 1944 година. Зборник на документи АСНОМ... ИНИ,Скопје, 1964,638.

[77]Писмо од Поверенството на социјална политика народно здравје и исхрана при Президиумот на АСНОМ до селските НОО за расположивото и потребно количество жито од 15 ноември 1944.Прилеп.Истото...668.

[78]Извештај од Поверенството за социјална политика народно здравје и исхрана при Президиумот на АСНОМ за работа на

Дека навистина Федерална Македонија претрпе извонредно големи штети во завршните операции за своето конечно ослободување и германското повлекување кон север, зборуваат и бројните други показатели. Поради постојаните загуби на германските единици во борбите со единиците на НОВ и ПОМ, истите превземаа поедини акции за одмазда врз месното население. Така на 20 октомври 1944 година, од страна на германците беше запалена Виница, а на 21 октомври истата година, непосредно пред повлекувањето на деловите од составот на 41 германска тврдинска дивизија од градот Кочани, истото го опожарија.[79] Веќе претходно на 14 октомври 1944 година, беше извршено масовно стрелање на селаните од селата: Уларци, Крупишта и Долни и Горни Балван.[80] На 28 октомври 1944 година, од страна на германските единици кои се повлекуваа низ селото Радолишта-Струшко, беа стрелани и изгорени 82 жители од ова и од околните села.[81] Ваква акција на стрелање од страна на германците врз месното население, подоцна ќе биде применета и во градот Скопје, непосредно пред неговото ослободување на 13 ноември 1944 година.[82]

---

Повереноството и план за идна работа од декември 1944 година. Истото...682.

[79] А.Алексиев-В.Андонов, Опожарување и обновата на Кочани и Кочанско.Зборник, Кочани и Кочанско во НОВ...423. Благоја Бојаџиски-Митко Чаршавски, НОД во Виница кон крајот на војната.Истото...447.

[80] Мишо Китановски, Крвавото Крупишко зајдисонце.Сведоштва на преживеаните.Трудбеник,XXVI/45, Скопје, 30 октомври 1971,7.

[81] Паднаа за слобода. Жртви на фашистичкиот терор во Струга и Струшко.ОСЗБ од НОВ-Струга, Струга, 1984,12.

[82] За ова говори и спомен обележјето на левата страна на реката Вардар на крајот од Камениот мост во центаропт на градот Скопје.На ова место на 12/13 ноември 1944 година, од страна на

За Германија од животно значење беше експлоатацијата на рудното богатство на Југоистокот, па во тој контекст и во Македонија. Во месеците на завршните операции за конечно ослободување на Македонија, Германија се уште вршеше експлоатација на неколку рудници од повеќе видови на руди во ова подрачје. Така во месец јули 1944 година во рудникот Радуша"Нада", се вршеше експлоатација на хромната руда месечно по околу 8 520 тони. Со него управуваше еден германки офицер, 7 подофицери и 97 луѓе за работа.[83] Рудникот за манган во Прилеп работеше со еден подофицер и 7 луѓе и произведуваше околу 3900кг руда.Рудникот Злетово"Раброво", имаше 6 подофицери со 26 луѓе и произведуваше 2 270 тони оловна руда.Во Пробиштип се кпаше јаглен со 1 офицер , 5 подофицери и 39 лугѓе, кој произведуваше 115о тони руда.[84] Рудникот за хром во Зостов, имаше 1 офицер, 2 подофицера и 15 луѓе, а произведуваше 5550 тони руда. Во наредните месеци, август, септември и октомври, производството во македонските рудници постојано ќе опаѓа за да на крајот во месец ноември сосема престанат со работа.[85] По дефинитивното престанување на производството, поради напуштање на македонскиот

германците се стрелани 9 граѓани. Инадески Митре, Хромологија на Скопје.Скопје, 1974,65. Котески Методија, Скопската бригада,Скопје,1969,127. Крсто Здравковски, Да не се заборави.Споменици и спомен обележја од НОВ во Скопје. Архива на Скопје, Скопје,1982,110.

83 Извештај за потешкотиите на Рударскиот баталјон за Југоистокот за месец јули 1944 година.БАМАФ, RW 46/770.

84 Истото.

85 Истото.

простор, сите рудници се минирани и оштетени или потопени, за да неможат да продолжат со работа. За ова во извештајот на рударскиот оддел од 20 декември 1944 година упатен до Поверенството за народно стопанство и економска обнова на земјата се вели"...Хромните: 1) Бујановска околија- рудници Островица, трнава и др. Напуштени, а зградите опљачкани. Не работат. Расположени се на чисто арнаутски терен. 2) Кумановска околија- лојане, Суха река, Ники, Асео и тн. Напуштени се, а зградите опљачкани. Наполно уништена е електричната централа, магазините, локомотивата и железничкиот возен парк. Не работи. Арнаутски терен. Работи комисија за прибирање на опљачкани материјали. 3) Скопска околија- рудник"Нада" со раскоп, Орашие, Станковац, Грменик, Јажинце и тн. Рудник"Нада", со раскопот поплавен е со вода и опљачкан.При интензивна работа раудникот "Нада" може да се оспособи за осум месеци, раскопот за три, само за рачна експлоатација. Останалите рудници не се оштетени или се оштетени само малко. Сите згради и индустријални построенија наполно се опљачкани( извадени се прозорите, вратите и др.). Сите ситни електромотори и малите машини се однесени. Пралиштето е скоро наполно онеспособено. Се работи на испумпување на раскопот "Нада", поправка на електричната линија от висок напон, собирање и средување на материјалите и оспособување на колониiите. 4) Струмичка околија- рудници "Раброво". Сите машински инсталации, како и електрическата централа, компрсори, работилници се уништени. Оштетен е главниот извозни шахт. За оспособување рудникот за работа потребно е подолго време и набавка на нова машинерија. Рудникот не работи. Манган: 5) Прилепска

околија-рудник "Цер-Небојша". Рудникот е наполно напуштен и опљачкан. Скоро сите материјали у свое време биле пренесени во рудниците "Раброво" и "Дудице". Не работи. Бакар:6) Кавадарска околија- Истражно поле е рудникот "Дудице". Истрагите кои се овде најдени, даваjат многу добри резултати. Рудникот е напуштен и опљачкан во 1943 година. Не работи. Олово:7) Кратовска околија- рудник"Злетово". Оловниот рудник се наоѓа во Добрево и може да отпочне со работа во секое време. Има ги сите потребни инсталации за откопување и концентрирање на рудата. Осим налазиштето н оловна руда, рудникот поседуе и налазиште на лигнит при село Пробиштип кој се наоѓа во експолатациjа. Оловниот рудник во Добрево само се одржуе. Германците го конфискувале сето превозно средство. Треба поправка на воздушната железница. Антимон:8) Бујановска околија- рудник около с.Трнавце. Колонијата е опљачкана и напуштена. Рудниците не работат. Се праќа комисија за собирање податоци. Магнезит:9) Скопска околија- рудник "Пчиња" и "Вардар". Примитивно се експлоатисани. За сега не работат. Лигнит:10) Скопска околија- рудник "Св.Троице". Опљачкан е от страна на немците. Сега е отпочна со работа. Нема ниту инсталација ниту некоја зграда во добро состојание. Во организација е. Експлоатисан бил примитивно. 11) Битолска околија-рудник "Живојно". Штета скоро нема. Нема превозни средства. Не работи. Лапорец:12) Скопска околија- цементовата фабрика "Шар". Опљачкана е от страна на Арнаутите. Уништена е лабараторијата. Почната е работа за оспособување. Ќе проработи ако ги добие неопходните материјали- това може да стане по 2-3 месеци. Моминак:13) Прилепска и Битолска околија- Рудниците се

делимично опљачкани. Инвентарот е однесен. Не работи".[86]

Што се однесува до човечките жртви што Федерална Македонија, ги даде во текот на операциите за конечно ослободување на Македонија и Југославија, не можеме со сигурност да ги утврдиме бројките. Но според некои досега објавени трудови, одредени ориентациони показатели, сепак постојат за глобалните губитоци на Македонија во текот на целата Втора светска војна. Според податоците поднесени на Меѓусојузничката репарациона комисија кон крајот на 1945 година, човечките жртви на Југословенските народи и националности, во текот на Втората светска војна, изнесуваат околу 1.706000 луѓе, или 10,8% од вкупниот број на населението, а целокупната штета се проценува на 46,9 милијарди американски долари, според цените што важат од 1938 година. Тогаш на тлото на Југославија загинаа 305.000, а се ранети 425.000 борци и старешини од составот на НОВЈ, односно ЈА.[87] Уште поголеми жртви поднесе цивилното население, кое во текот на целата војна беше изложено на репресии од страна на окупаторите и нивните соработници. Околу 1400000 југословени паднаа како жртви на фашистичкиот терор, како припадници на квислиншки организации, или пак како интернирци и депортирци во разни логори. Со близу 11% паднати жртви од вкупното население, Југославија, покрај СССР и Полска, спаѓа меѓу земјите кои

[86] Извештај од рударскиот оддел за економска обнова во Повереноството за народно стопанство при Президиумот на АСНОМ за состојбите на рудниците во Македонија од 20 декември 1944 година. Зборник на документи АСНОМ...ИНИ, Скопје 1964,600.

[87] Историја на сојузот на Комунистите на Југославија.КОмунист, Скопје, 1985,344.

поднесоа најголем број жртви во текот на Втората светска војна.[88] За бројот на жртвите во текот на Втората светска војна на тлото на Федерална Македонија, не постојат децидни показатели собрани на едно место. Македонската историографија се нема зафатено со разјаснување на овој проблем од едноставна причина на недостаток на доволен број показатели и достапни информации.[89] Според досега познатите и откриени податоци во македонската историографија, се цени дека бројот на жртвите во Федерална Македонија во текот на Втората светска војна изнесува околу 24 000 загинати во директни борби со непријателот, потоа масовно стреланите и друго.[90] Од овој број секако најголемиот дел отпаѓа на загинатите борци и цивили во текот на завршните операции за конечно ослободување на Македонија во првата етапа од завршните операции за ослободување на Југославија и секако загинатите борци на Сремскиот фронт во втората етапа на завршните операции за ослободување на Југославија, за што подоцна во трудот ќе стане збор.

Погоре изнесените податоци кои се однесуваат на Федерална Македонија, во македонската историографија се уште се под знакот на надополнување. (Види преглед Бр.1).

---

88 Истото.

89 Извесен број на автори попатно и парцијално даваат одредени показатели, но само статијата на Д-р Растислав Терзиоски, Три документи како сведосштво за човечките жртви и материјални штети во окупирана Македонија 1941-1944.ГИНИ, XXV/2-3,Скопје,1981,229, дава податоци конкретно за оваа проблематика, земени од Архив на Југославија-Белград од фондот:Воени штети.

90 Михаило Апостолски, Уште еден осврт кон операциите за конечно ослободување на Македонија.ГИНИ, XIII/3, Скопје, 1969, 70.

## 4. Резултати од завршните операции за ослободување на Федерална Македонија

На 15 ноември 1944 година, 91 германски армиски корпус за посебна намена, ја превзеде командата над трупите на 22 планински армиски корпус, додека командата на 21 планински армиски корпус со армиските делови на 68 армиски германски корпус и главниот извиднички батаљон 41 се собраа во Вучитрн на Косово и Метохија, заради натамошно повлекување кон север. Со тоа и последниот германски војник од отстапницата на германската армиска група "Е", го напушти просторот на Македонија на 16 ноември 1944 година.[91] Ако се земе во предвид податокот дека истите овие отстапници ја напуштија територијата на Грција и влегоа на границата со Југославија односно Македонија на 1/2

[91] Големото повлекување од Југоистокот.(Армиска група "Ф"). Главен стан, јануари 1945 година.Скица 15: Македонија е напуштена на 16 ноември 1944 година. И покрај натамошниот притисок на непријателот и осетните попречувања од страна на сојузничката авијација повлекувањето е според планот. Нов неуспешен обид за пробив на 21 планински армиски корпус на правецот Даниловград-Никшиќ. Заострување на ситуацијата во седлото на Апатин и Батина. БАМАФ,RH 19 XI/80D.

ноември 1944 година, периодот од 15 денови, е време кога македонското боиште стана жариште на најужниот дел од фронтот на Балканот и на истокот воопшто.

Германската армиска група "Е", го започна своето повлекување кон север од просторот на Грција и Албанија со околу 400.000 војници и старешини и 10.000 моторни возила. Во текот на движењето, евакуирани беа 35.000 ранети и болни војници и старешини, од кои единствено во Скадар мораа да бидат оставени неколку стотини ранети и болни поради неможноста да бидат евакуирани понатака кон север и поради извонредно сложената ситуација во која се најде 21 планински армиски корпус поради силното дејство на единиците на НОВ на Југослвија и НОВ на Албанија.

Најголеми губитоци од сите германски единици кои се повлекуваа преку територијата на Македонија во луѓе претрпе 11 полска воздухопловна дивизија, а потоа следуваат 181 и 22 гренадирска дивизија.[92] Најголеми губитоци во артилериско оружје имаа 181 гренадирска и 11 воздухопловна полска дивизија, која згуби дури два артилериски дивизиона на просторот на Македонија. Оваа дивизија имаше мошне големи загуби и во материјал, кој мораше да биде уништен од сопствените сили поради неможноста истиот да го транспортира кон север, а при тоа да не падне во рацете на единиците на НОВ и ПОМ односно НОВЈ.Од вкупно 500 тешки обалски артилерски орудија, беа понесени само три од 18см, кои

---

[92] Изјава на генералот Лер.АВИИ,к-70,рег.бр.1/1,VII/100.

успеаја да бидат транспортирани се до реката Драва во Словенија. Половината од придодадените топови за одбрана на обалата на Егејското море, мораа да бидат уништени и оставени, додека другата половина која претставуваше импровизирана полска артилерија, придодадена кон единиците кои се повлекуваа, со потрошување на муницијата која неможеше да се надополни или пак со губење на запрежното или друго превозно средство беше уништена.[93]

При повлекувањето низ Македонија оваа армиска група "Е" остави знатни залихи на материјал во Грција, како и други воени средства. На просторот на Македонија и Црна Гора, беа жртвувани многу тешките и неекономични транспортни превозни средства, коли и друг тежок прибор и оружје, кои неможеа да бидат транспортирани и употребени на фронтот кон Црвената армија и единиците на НОВЈ во источните делови на Југославија.[94]

Во месеците непосредно пред капитулацијата на Бугарија, единиците на НОВ и ПОМ врзуваа за себе околу 8.000 бугарски полицајци и 50.000 бугарски војници.[95] Веднаш по капитулацијата на бугарската војска во Македонија, во единиците на НОВ и ПОМ уште повеќе се засили приливот на новите борци. Постојните македонски единици и младиот раководен кадар, се судрија со проблемот на организирање на новодојдените борци,

---

93 Истото.

94 Истото.

95 Михаило Апостолски, Операции на НОВ за ослободување на Македонија...31.

нивно наоружување и обучување.Тоа е време кога се осети потребата, особено по 15 дневните борби кај Прилеп низ кои поминаа скоро сите единици од составот на НОВ и ПОМ, стационирани западно од реката Вардар, да се повлечат од фронталните борби и да се продолжи со партизанскиот начин на војување со напаѓање на комуникациите, утврдените места и сообраќајни важните јазли. Во овој период единиците на НОВ и ПОМ се зацврстија и дефинитивно оформија во поголеми регуларни воени единици со голем радиус на делување и зголемена ударна моќ. Но и покрај тоа силите на НОВ и ПОМ во дадениот момент се уште бројно и технички беа многу послаби од силите на германската армиска група "Е" здружена со балистите и четниците. Увидувајќи го ова ГШ на НОВ и ПОМ се одлучи за дејство по комуникациите и за одбрана на веќе освоените комуникациски јазли, со тактика на исцрпување на противникот и нанесување загуби, со запречување на комуникациите. Со тоа се остваруваше поставената цел за успорување и оневозможување на германските единици да се повлечат кон север,а доколку тоа не им успее, тогаш да им се нанесат што поглеми загуби во луѓе и материјали. Веќе кон средината на месец септември 1944 година, под командата на ГШ на НОВ и ПОМ се наоѓаа формирани пет дивизии и тоа: 41, 42, 48, 49 и 50 македонска народноослободителна дивизија, а кон средината на месец октомври 1944 година, ГШ на НОВ и ПОМ располагаше со 3 корпуси и тоа: 15, 16 и Брегалничко-струмичкиот народноослободителен корпус, со вкупна силина од 7 дивизии.[96] Тие во својот состав имаа 23

[96] Anić Nikola, Sekula Joksimović, Mirko Gutić,

пешадиски , 4 артилериски и една коњичка бригада, кои се наоѓаа во фаза на оформување, како и други помали единици. Поради ваквиот брз раст на воената организација, пред македонското воено политичко раководство се наложи потребата од административно и воено организирање на територијата на Федерална Македонија. Реорганизацијата е извршена на 21 октомври 1944 година, со решение на Президиумот на АСНОМ, со чија одлука беше извршена поделба на Федерална Македонија на Области и одреден ранг на одделни македонски градови.[97] Во тој контекст, целата територија на Федерална Македонија во воен поглед, беше поделена на три корпусни области и тоа: Скопско-Полошка, Битолско-Дебарска и Брегалничко-Струмичка корпусна област.[98] Со тоа дефинитивно беа извршени припремите за конечно ослободување на Македонија и активно воено учество во првата етапа на завршните операции за ослободување на Југославија. Можно е да се уочат две фази во развојот на овој последен чин на завршните операции за ослободување на Македонија. Првата фаза ги опфаќа операциите со кои се ослободува Источниот дел на Македонија, Повардарието и Пелагонија, со акцент на борбите по комуникациите кои минуваат

---

Narodnooslobodilačka vojska Jugoslavije...362.

[97] Решение на Президиумот на АСНОМ за поделба на Македонија на Области и одредување ранг на одделни градови од 21 октомври 1944 година. Според ова решение територијата на Федерална Македонија е поделена на три области и тоа: Скопска, Битолска и Штипска. Според неа решението од 6 август 1944 година, само во толку е изменето што е укината Дебарско-Кичевската област. Во ранг на Околиски НОО, се издигнати следните градови: Скопје, Куманово, Тетово и Велес. Зборник на документи АСНОМ, ...ИНИ...441.

[98] Скица на корпусните области во Македонија. АВИИ, к-236, рег бр.1/3-7.

низ овие простори. Втората фаза се борбите во Западниот дел на Македонија и операциите за ослободување на градовите: Скопје, Гостивар и Тетово. Во текот на двеипол месечните борби во Македонија, беше успорено повлекувањето на германската армиска група "Е" за околу 14 дена, што претставува драгоцено време за единиците на НОВЈ и Црвената армија на фронтот во Србија, бидејки свежите германски сили, поспоро можеа да бидат дотурени на овој фронт. Можеби ова успорување би било и поголемо со оглед на силината и воената моќ на бугарската армија, која заеднички содејствуваше со единиците на НОВ и ПОМ во источните делови на Македонија, но бидејки овие бугарски војски беа довчерашен германски сојузник, нивниот мотив за борба сепак не беше на завидно ниво.

Брзиот развој на Народноослободителната војска на Македонија беше проследен со живо учество на оној дел од населението кое делуваше во позадината на операциите. Брзиот развој на настаните во Македонија во втората половина на 1944 година, придонесе востанието и борбите да добијат општонароден и масовен карактер, кој од гледиште на општојугословенскиот развој на настаните, имаше големо значење. Веќе во зимата 1944/45 година, единиците на НОВ и ПОМ, имаа околу 66.000 борци и старешини, а за време на капитулацијата на Германија, околу 110.000 борци и старешини.[99] Со конечното ослободување на Федерална Македонија, беше воспоставена народна власт на целата

[99] Боро Митровски, Завршни операции за ослободување на Македонија. Историја, X/2, Скопје, 1974, 58.

територија на Македонија, добиена национална слобода и независност. Федерална Македонија, практично заживеа како рамноправен член во рамките на Демократска Федерална Југославија.

%

Развојот на настаните во втората половина на 1944 година на Балканскиот полуостров, укажуваше на скорешното свршување на војната на овој простор. Тоа е време кога Балканскиот Полуостров, станува значаен стратегиски простор за сите војувачки страни. За Западните сојузници Балканскиот Полуостров претставуваше можно подрачје за извршување десантно истоварување и отворање на нов фронт на Балканот, од што Третиот Рајх постојано се плашеше и истото го очекуваше држејки постојано поголеми свои единици за заштита на брегот на Средоземјето. За Советскиот сојуз, Балканот претставуваше можност за уништување на германските сили на овој простор, но и за уништување на земјите сојузнички на Третиот Рајх, како што беа Бугарија, Романија, Унгарија и Хрватска.

Токму затоа Југословенското, и посебно Македонското боиште беа од извонредно стратегиско значење за двете завојувани страни. За германската армиска група "Е", Македонија претставуваше животно подрачје преку кое водеа сите патишта кон север. Се до капитулацијата на Бугарија, Македонија претставуваше подрачје кое Бугарија го сметаше за свое, па дури и по капитулацијата тешко беше напуштена оваа идеја. Во екот на борбите за конечно ослободување на Македонија, Македонското

боиште беше простор, во кој се водеа извонредно жестоки борби, особено по комуникациите по кои се извлекуваа германските единици кон север. Токму на ова боиште, германските единици постојано се во борбен допир со единиците на НОВ и ПОМ и со единиците на татковинската армија на Бугарија во источните делови на Македонија.Поради сето ова Командата на армиската група "Е", постојано мораше да составува посебни борбени групи и да одзема делови од единиците кои се повлекуваа кон север, заради зајакнување на своите единици кои беа во постојана борба во Македонскиот простор. Треба да се има во предвид дека основаната цел на германските единици во овој период не беше да го задржат македонскиот простор како трајно окупирано подрачје, туку напротив истото планираа побрзо и по можност со минимални губитоци да го напуштат.Имајки го ова во предвид, македонските единицини, немаа намера да ја сопрат и уништат оваа гермакска армиска група "Е", бидејки тоа и да сакаа неможеа да го постигнат со моменталните сили и вооружување.Поради тоа тие како основна цел ја имаа да се успори ова германско повлекување и по можност да им се нанесат на германските сили што поголеми загуби во луѓе и материјанлни средства. Оваа задача беше реализирана, за што и самиот командант на германската армиска група "Е", генералот Александер Лер подоцна по неговото заробување ова ќе го потврди со својата изјава.

Во тој контекст одредена улога одигра и Бугарската татковинска армија, која беше добро организирана и вооружена со оружје од својата довчерашна сојузничка Германија. Токму од оваа армија германците се плашеа за својата источна

страна и постојано ја штитеа со поголем број свои единици, очекувајки интензивни борби. Но и покрај извесни жестоки борби со бугарите, сепак според планирањата и очекувањата, германците не претрпеа некои спектакуларни порази, кога се има во предвид силината и ударната моќ на вооружувањето на бугарската армија. Останува констатацијата дека и покрај борбите во Македонија, германската армиска група "Е", отстапи низ овој простор организирано и со мали губитоци. Таа се проби дури до Босна и Хрватска и успеа да воспостави непрекинат фронт за одбрана на северниот дел на Југославија. Сепак благодарение на борбите на македонските единици во централниот и западниоит дел и на заедничкото содејство на македонските единици и единиците на Бугарија во источниот дел на Македонија, во текот на речиси двомесечните борби во втората половина на 1944 година, беше успорено повлекувањето на германската армиска група за околу две недели и и беа нанесени губитоци во жива сила, запленети поголеми количини на оружје и муниција, а дел од истото самите германци мораа да го уништат.

Со тоа се постигна она што во дадениот момент можеше да се постигне со расположивите сили и оружје. Тоа е време кога македонскиот народ се дигна на општенародна борба и македонските единици со сопствени сили ја ослободија Македонија, како една од федералните единки на ДФЈ, за што говорат бројните човечки и материјлни жртви. Со тоа Македонија го даде својот придонес во антихитлеровската коалиција во периодот на првата етапа на завршните операции за ослободување на Југославија.

# ГЛАВА ВТОРА

## ЖИВОТОТ ВО СЛОБОДНА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА - НОЕМВРИ 1944 - МАЈ 1945 ГОДИНА ВО ФУНКЦИЈА НА ВТОРАТА ЕТАПА НА ЗАВРШНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЗА КОНЕЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

### 1. Општествено-политички, економски и воен потенцијал на Федерална Македонија за помош на НОВ на Југославија

Со ослободувањето на Македонија, Србија, Војводина, Косово и Метохија, Црна Гора и Далмација, како и поголемиот дел од Босна и Херцеговина и воспоставувањето непрекинат фронт на север од Југославија кон германците и нивните квислинзи, во нив започна зацврстување на народната власт и военозаднинските органи, консолидација на приликите и ставање на целокупниот човечки потенцијал и материјални можности во функција на фронтот.

Тоа е време кога во Федерална Македонија беа

создадени услови за реализирање на придобивките од успешно завршената војна која траеше: три години, седум месеци и 19 дена. Само неколку денови по ослободувањето на Скопје, градот стана седиште на највисоките македонски државни, политички, воени и други органи, организации и тела. Меѓу нив беа:Президиумот на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија(АСНОМ), Централен комитет на комунистичката партија на Македонија(ЦК КПМ), Главниот штаб на народноослободителната војска и партизански одреди на Македонија(ГШ на НОВ и ПОМ), раководствата на општествено-политичките и масови организации како што се:Народноослободителниот младински сојуз на Македонија(НОМСМ),Антифашистичкиот сојуз на женита на Македонија( АФЖМ), Народноослободителниот фронт на Македонија(НОФ) и други. Скопје стана економски , политички, културен и воен центар на Федерална Македонија. И покрај тешката наследена ситуација на економски план, по повлекувањето на германската војска, што се огледаше во онеспособениот сообраќај, срушените главни патни правци и железнички линии, онеспособените индустриски објекти, земеното и однесено погонско гориво и суровини, сепак македонското воено и политичко раководство мошне брзо се зафати со решавање на овие проблеми. Основна дејност на органите на народната власт и масовополитичките организации беше: организационо и кадровско издигнување на општествено-политичките организации и нивно оспособување за делување во новите услови, активностите поврзани со мобилизација на расположивите творечки сили и материјални резерви за зацврстување на власта во слободна

Федерална Македонија по пат на чистење на територијата од соработниците на окупаторот и припрема за довршување на војната на Југословенското боиште, обновување на разурнатото стопанство и негово оспособување како база за понатамошна стабилизација на економскиот живот во Републиката , како и на издигање на надградбата во сверата на образованието и културата како една од основните придобивки во текот на војната за македонскиот народ.

На територијата на Федерална Македонија, военозаднинските органи во соработка со Народноослободителните одбори(НОО), антифашистичките организации, партиските организации, единиците на Корпусост на народната одбрана на Југославија(КНОЈ) и други органи и организации, извршуваат многубројни задачи како што се: мобилизација на луѓето, материјалните средства, пополнување на оперативните и позадински единици и установи со нови борци и истовремена обука низ дополнителните единици и регрутни центри, оспособување на новомобилизираните војници, исхрана и снабдување на војската и населението, организирање на военото производтво, обнова и оспособување на економските потенцијали, регулирање на сообраќајот, санитетската помош и здрвствената заштита на борците и населението, организирање на разни курсеви за повеќе стручни профили, обезбедување ред и мир, обезбедување на границите на Федерална Македонија и друго.[100]

---

[100] Новица Велјановски, Документ од Президиумот на АСНОМ за организација и делување на народната власт во Македонија во 1944 година. Историја, XIV/2, Скопје, 1978, 129-137.

Всушност новоослободената Федерална Македонија, живееше и се изградуваше во духот на тогашната општојугословенска парола: "Се за фронтот-се за победата". По тој повод Президиумот на АСНОМ на 14 декември 1944 година, до Националниот комитет за ослободување на Југославија(НКОЈ) во Белград испрати извештај[101], во кој се врши анализа на сите погоре наведени прашања за организирање и делување на народната власт во слободна Федерална Македонија од доаѓањето на Президумот на АСНОМ во ослободено Скопје заклучно со 15 декември 1944 година, кога е одржана неговата 14 седница. Во извештајот детално се обработени следните прашања: Организационо, исхрана, финансиите, економијата и прашањето за обновата и изградбата, сообраќајот, просветата и управата.[102]

Согледувајки ја катастрофалната состојба во Македонија по ослободувањето, на 21 ноември 1944 година, Президиумот на АСНОМ, донесе решение за одобрување кредит за пострадаените краеви и помош на семејствата на загинатите и сиромашни партизани. Висината на помошта изнесуваше 20 милиони лева, од кои 10 милони лева беа наменети за пострадаените краеви, а 10 милони лева за помош на семејствата на загинатаите и сиромашни партизани.[103] Веќе на 3 декември 1944 година, Президиумот

---

[101] Истото.

[102] Истото.

[103] Решение на Президиумот на АСНОМ од 21 ноември 1944 година за одобрување кредит за пострадаените краеви и помош на семејствата на загинатите и бедни борци. Зборник на документи

на АСНОМ, донесе решение за зголемување на еднократната помош на инвалидите од НОВ, на фамилиите на загинатите борци и војници од НОВ во висина од 20 милони лева, зголемена на 30 милони лева.[104] Во меѓувреме меѓу широките народни маси беше организирана акција за собирање помош за потребите на македонската војска и за пострадаdensите краеви во текот на војната, со цел што побрзо да се пребродат студените зимски денови кај населението, но воедно и за да може непречено да продолжи реорганизацијата и зацврстувањето на единиците на НОВ и ПОМ во оперативна смисла за конечно ослободување на Југославија во наредната етапа на операциите во текот на 1945 година.[105] Оваа акција се одвиваше во главниот град на Федерална Македонија, но и во сите останати градови и села ширум цела Македонија, при што акцентот беше фрлен врз поедините професии, како што се: продавачите, хотелиерите, кафеџиите, правниците и други, кои собираа помош во пари и стока. За што поуспешно спроведување на оваа акција, беше формиран Акционен одбор за собирање на помош за постраданите краеви при Главниот одбор на Народниот фронт на Македонија(НФ), кој на 15 декември 1944 година, упати апел до македонскиот народ за собирање на помош за НОВ и ПОМ и постраданите краеви во Македонија.[106]

---

АСНОМ...ИНИ 1964,док.бр.151,509.

[104] Решение на Президиумот на АСНОМ од 3 декември 1944 година за зголемување на еднократната помош на инвалидите од НОВ и на бедните фамилии на мобилизираните војници во НОВ. Зборник на документи АСНОМ...ИНИ, 1964,док.бр.152,510.

[105] Акција за собирање помош на нашата народноослободителна војска и пострадалите краеви во војната. Нова Македонија(НМ), I/17, Скопје,16 декември 1944,3.

[106] Апел на Акциониот одбор за собирање помош за НОВ и ПОМ за

Реализирајки ги упатствата на Поверенствата на Президиумот на АСНОМ, за Стопанство, градежништво, сообраќај, внатрешни работи и другите, народноослободителните одбори и другите општетственополитички организации ги мобилизираа масите во борбата против криминалот, заштитата на јавниот ред и мир, заштитата на имотот и личната сигурност, подготвување на статистички показатели за штетите, за населението, помагање во сите свери на изградбата на инфра структурата на македонското стопанство и сообраќај. Овие активности се наложија како најнеопходни кон крајот на 1944 година и почетокот на 1945 година, кога земјата излегуваше од виорот на војната со сите штети што ги претрпе, а власта сеуште не беше доволно зацврсната ниту пак доволно ефикасна.[107] Токму затоа проблемот на обновата и изградбата на Федерална Македонија го отежнуваа две основни пречки и тоа: 1.високиот процент на оштетеност на македонското стопанство и другите објекти и 2. недостиг на кадри, градежни материјали, транспортни средства и финансии.[108] Како компензација на сите наведени потешкотии, се јавува ентузијазам и самопрегорност на населението да се помогне својата татковина што побргу да ги преброди потешкотиите во зимата 1944/45 година. Токму затоа најмасовно применети беа работните акции, кои

пострадалите краеви при Главниот одбот на НОФ на Македонија. НМ,I/16, Скопје,15 декември 1944,3.

[107] Д-р Новица Вељановски, Административно-централистичкиот период во државно-правниот развој на Македонија(1945-1953).ИНИ,Скопје, 1992,141.

[108] Д-р Лазар Лазаров, Општетсвено-економскиот развој на НР Македонија...127.

претежно се одвиваа на доброволна основа, а како главни организатори беа општествено-политичките организации кои имаа доминантна, мобилизаторска и раководна улога во нив. Бројни се акциите посветени на собирање на огревно дрво[109] за потребите на војската и населението, организирање на кланици, шивачки работилници[110], болници, оспособување на железнички линии и патни правци и друго.[111]

## 2. Ангажирање на општествено-политичките организации и органи

[109] Во периодот по ослободувањето до април 1945 година во Федерална Македонија, беа исечени преку 30.000м$^3$ дрва, од кои поради лошите транспортни услови во големите градови и посебно Скопје, можеше да бидат транспортирани околу 15.000м$^3$ дрво. АСНОМ. Документи од работата на Президиумот на АСНОМ меѓу Второто и третото заседание и од третото заседание на АСНОМ...Том први, книга трета...382.

[110] За потребите на македонската војска, покрај селските и градски шивачки работилници, беше организиран и Воен завод во кој се изработуваа чевли и униформи за војската. Така на пример заводот вработуваше околу 92 работници за изработка на чевли и околу 300 работници, кројачи, шивачи и други за изработка на униформите. Дневно се изработуваа по неколку стотици чевли и униформи за потребите на Македонската војска, а за месец мај беа предвидени изработка на неколку илјади униформи, капи, чевли и друга опрема за македонската војска. Ние за Фронтот - Фронтот за Нас.Ударна работа во Војниот завод. Н.М, II/66, Скопје, 21. март 1945, 4. Војниот завод за облекло и чевли.До први мај требе да се изработат неколку илјади војни униформи. Н.М, II/93, Скопје, 21. април 1045, 4.

[111] Митко Илиев, Од работата на командата на место Гостивар. ГИНИ, XX/1, Скопје, 1976,264-265. Никола Едровски, Од народната помош до градски НОО на град Штип. Зборник на Штипскиот народен музеј IV-V, Штип, 1974,Штип, 1975,29-30. Ѓорѓи Стоев Трнката, Создавање на органите на народната власт во Струмица и Струмичко во периодот од септември 1943 до 15 мај 1945 година. Зборник, Струмица и Струмичко во НОВ 1943-15 мај 1945...79.

## а) Народноослободителен фронт(НОФ)

Во периодот на зршните операции за ослободување на Македонија, скоро цела територија на Федерална Македонија беше покриена со мрежа од Одбори на НО фронт. Тие беа создавани од најниски во вид на селски, општински, околиски па се до обласни. Во нив беа опфатени сите слоеви на македонскиот народ и националностите со исклучок на оние кои се пројавија како соработници на окупаторот.[112] Ослободувањето есента 1944 година во Македонија затекна една широка мрежа на НОО, чиј што највисок централен орган беше АСНОМ на чело со Президиумот. Во организационен поглед непосредно пред одржувањето на Првата земска конференција на НОО фронт, која се одржа на 26 ноември 1944 година во Скопје, беше извршено конституирањето на Обласните одбори на НОО фронт за Скопска и Штипска област.[113]

Првата национална конференција на НО фронт на Македонија, одржана на 26 ноември 1944 година во Скопје,

---

[112] Д-р Миле Тодоровски, Позаначајни активности на Вториот Битолски обласстен одбор на НОФ(1944-1945). Зборник,Битола и Битолско во НОВ 1943-15 мај 1945...том I..545.

[113] Штипската обласна конференција на НО фронт е едржана на 24 октомври 1944, а Скопската на 25 октомври 1945 година.АМ,к-9,инв.бр.2506.НМ, Скопје,26ноември 1944,3.

претставува крупен општествено-политички настан во овој период. Учество во нејзината работа зедоа делегати од извршните одбори и пленуми на Обласните одбори на НО фронт од цела Македонија. Конференцијата јасно го истакна карактерот на НО фронт во Македонија:"Единствениот НО фронт не е никаков државен орган, ниту орган на власта, туку општонародна политичка народноослободителна организација."[114] Токму затоа покрај другото, НО фронт како општонародна организација, се јави како еден од основните носители на обновата и изградбата на земјата и политички толкувач на новата народна власт. Единствениот НО фронт, покрена широки акции од национален карактер за обезбедување на материјална база на македонската војска и задницата во духот на прокламираната парола:"Се за фронтот-се за победата". Во тој дух е и големата активност на Одборите на НО фронт во Скопје во напорите за прибирање на материјални средства, пари, облека, прехрамбени продукти и друго за потребата на македонската војска со што се одзваа на повикот на Акциониот одбор при Извршниот одбор на ГО на НО фронт на Македонија, упатен до македонскиот народ од 14 декември 1944 година.[115] Овој повик беше прифатен на целата територија на Федерална Македонија од страна на сите Обласни одбори на НО фронтот на Македонија. Покрај тоа еден од основните проблеми со кој се занимаваа одборите на НО

---

[114] Лазар Колишевски, Организационото прашање на НОФ на Македонија.НМ,I/5,Скопје,30 ноември 1944,5.

[115] Акција за собирање помоќ за нашата народноослободителна војска и постраданите краеви во земјата. НМ,Скопје,16 декември 1944,17.

фронтот, беше прашањето за прехрана на населението и негово снабдување со основни прехрамбени продукти. Имајки во пртедвид дека тоа беше време кога Федерална Македонија имаше храна само за неколку десетици денови, Одборите на НО фронт, превзедоа широка акција на собирање на прехрамбени продукти, со кои исхраната на населението можеше да се одвива преку претстојната зима. Акутен недостиг се чувствуваше и од артикли за лична хигиена и домашни потреби како што се: сол, сапун, газија, облека и друго. Широките народни маси масовно се одзваа на покренатата иницијатива за собирање на помош за војската и настраданите краеви и го подржаа апелот на Акциониот одбор на НО фронт, упатен до сиот македонски народ во кој покрај другото се вели:"Еден од главните услови за да бидеме слободни и среќни е да имаме здрава, добро организирана, добро наоружана и добро снабдена со се што е потребно војска...Таа е која ја продолжуе борбата против фашизмот...Цела Југославија нее уште ослободена. Пред целиот македонски народ пред народите на Југославија и пред нашата славна народнооосабодителна армија на Југославија е поставена задача да ја продолжи борбата против хитлеровите орди..."[116] Веќе претходно Секретаријатот на Главниот одбор на НОФ на Македонија свика собрание кое ќе биде посветено на иницијативата на

[116] На 12 декември 1944 година, Акциониот одбор на НО фронт за собирање на помош на војската и настраданите краишта, донесол одлука да се упати апел до македонскиот народ за прибирање помош за народноослободителната војска и за настраданите краишта а било избрано и Биро на Акциониот одбор за спроведување на кацијата.НМ,I/10,Скопје,15 декември 1944,10.

Главниот одбор на НО фронт за зимската пмош.[117] На 16 декември 1944 година, од страна на Главниот одбор на НО фронт на Македонија, до сите одбори на НО фронт на Македонија, беше упатен повик за собирање помош и вклучување во големата акција за потребите на народноослободителната војска и постараданите краишта на Македонија.[118] Но согледувајки го краткиот рок за спроведување на акцијата, Главниот одбор на НО фронт на Македонија, на 14 јануари 1945 година, испрати известување до сите одбори на НО фронт на Македонија, со кое се продолжува оваа кација и во наредниот период.[119] Всушност оваа акција претставуваше продолжение на серија вакви акции ширум цела Македонија започнати уште во месец ноември 1944 година и повици упатени до населението, како што е повикот на Одборот на НО фронт на Македонија за Скопската област издаден една недела пред самото ослободување на Скопје, во кој покрај другото стои:"...Последните борби ги изискуваат и последните најголеми напори од сите нас. Да дадеме се за нашата војска, се за блиската победа, почнувајки од илјадниците нови

117 За зимската пмош.НМ,I/12,Скопје,10 декември 1944,3.

118 До сите одбори на народно-ослободителниот фронт на Македониа.НМ,I/19,Скопје, 19 декември 1944,2. Во почеток беше предвидена акција на пропагандно-политички палан од 10 дена, а потоа самото собирање на помошта да трае 3-5 дена. Резултатите од акцијата на сите општински, околиски и обласни одбори на НО фронт на Македонија, се објавуваа во весникот Нова Македонија и тоа поединечно за секоја општина и сумарно за околиите.

119 До сите одбори на НОФ. НМ,II/31, Скопје,14 јануари 1945,4. Воедно со ова известување, Главниот одбор побара од организациите на теренот детални списоци и извештаи за собраните продукти и помош.

борци за нашата народна армија, па се до материјалната и политичка подршка на органите на вистинската власт, на нашите НОО-ри това е света должност на секој чесен и родољубив македонец и македонка спрема својата татоковина и спрема нејната иднина. Било каде да се наоѓаме, во борбените единици, во претпријатијата, рудниците, на нивите, во органите на Народната власт или во нејните установи, треба да ги вложиме последните сили за обновуење и изградуење на нашата татковина. Личните интереси треба да дадат место на општите и национални интереси."Се за фронтот-се за победата"..."[120]

Следејки ја акцијата, Главниот одбор на НО фронт на Македонија, започна со објавување во весникот "Нова Македонија" , на поедеинечни резултати на акцијата во поедиони краеви и градови на Македонија.[121] Во наредниот месец февруари 1945 година, Главниот одбор на НО фронт на Македонија, направи биланс на акцијата со кој ги сумираше резултатите од досегашната работа.[122] Веќе во месец мај 1945 година можеа да се сумираат

---

[120] Дел од повикот на одборот на НОО фронт на Скопсата област од 7 ноември 1944 година, до населенеието во прва корпусна област по повод 27 годишнината од Октомврисската револуција.Зборник на документи, Жените на Македонија во НОВ...док.400,810.

[121] Веќе во текот на месец јануари 1945 година акцијата ги имаше следните показатели:"Куманово 3.500000 лева, 500кг волна, 250кг сончогледово семе, 100 пуловера и многу други работи. Св.Николе: 789.000 лева, 27.600кг жито, 110 овци, 384кг свинска маст, 2 прасиња, 200 кокошки, јајца, чорапи, нараквици, облекло и др. Тетово:2 вагони гра( околу 30.000кг) и други работи.Акциата почна подоцна и сега е баш во тек. Велес: 2.489000 лева, 1.080кг жито. 1.002кг компири. Крива Паланка: За првата конференциа 350.000 лева.Кратово: 60.000лева, 27 кошули, 34 рала чорапи, 20кг маст..."НМ,II/30,Скопје, 11 јануари 1945,6.

[122] Според овој биланс акцијата течела вака:"...Во Скопје

резултатите од оваа акција но само за Скопје и неговата околина.[123]

главниот град на Македонија, собрано е околу 24 милиона лева само во готови пари, додека за собраниот материјал нема уште точни податоци. Во Скопскиот срез собрано е околу 600.000 лева доброволни прилози. Најголеми приложители во Скопје беа от индустриалците:Парна Пивара А.Д. која даде 400.000 лева,Мелница"Куманово" даде 150 иљади лева. По 100 иљади лева дадоа Александар Канонов, Трајче Стевчев, Ахмед Хасан и др. По 2 иљади лева и 500 метра платно дадоја текстилните фабрики "Армаган" и "Тулбенд".2000 метра оксфорд даде текстилната фабрика на Вангел Костов. Фабриката за спун "Аеро" даде 1000кг сапун, а фабриката"Вардар" 500кг сапун, Фабриката"Алкалоид" приложи еден кг морфиум и 1кг кодеин.От занаетчиите и трговците 200 иљади лева дадоја спостведникот на Гранд Хотел"Македонија" и браќа Костови, а по 150 иљади лева приложија Аритон Димков, Христо Караџа, Душан Шалев и Александар Ивановски. По 100 иљади лева дадоа Цветан Нелков, Вангел Јанкулов, Коце Радулов, браќа Шекеринови и др.Првата Скопска област собрала во пари 13 262 111 лева и во натура 61.143кг жито, 1618кг брашно, 22.109кг гра, 6 970кг компири, 15.316кг кромит, 1.435кг маст, 165кг тутун, 1967 кокошки, 269 овци, 107кг волна, 1.069 маици, 2.607 рала чорапи, 343 рала нараквици, 109 пуловера, 192 рала опинци. Прилози во пари по градови и селата распоредени са вака: Куманово 4.322 350 лева, Кумановски срез 257 иљади, Велес 3.480790 лева, Велешки срез 218 иљади и 940 лева, Тетово 2.273040 лева, Гостивар 827.754 лева, Свети Николе 607.420 лева и 54 иљади лева во хартии от вредност, Крива Паланка 404.752 лева, Кратово 216.074 лева. Втора Битолска област спрема уште непотполните податоци, собрала во пари 2.668246 лева доброволни прилози и во натура 5.198кг жито, 2.682кг гра, 2.445кг компири, 74кг тутун, 43кг волна, 207 маици, 2.429 рала чорапи. Големи примери на родољупство покажани са и овој пат на революционерниот Прилеп, каде Крста Арсовски приложи 135 златни наполеона и сите свои акции во прилепската парна пивара, Ицко Магер 10 златни наполеона а Крсте Белокапа 400кг тутун. Прилепските кондураџиски работници изработиле 500 чифта кондури и 1600 рала опинци, а кожухарските работници приложиле кожуфчиња на вредност от 30 иљади лева.Одборот на АФЖ во Прилеп собрал 147 иљади лева. Во Кавадарци е собрано 506.335 лева. Трећа Штипска област собрала во пари 1.918754 лева доброволни прилози а во натура 45 847кг жито, 1 592кг брашно, 3.101кг гра, 2.740кг компири, 128кг маст, 230кг тутун, 319 овци, 48кг волна, 60 маици, 1.145 рала чорапи, 128 рала нараквици, 94 пуловера, 70 рала опинци.По градовите и срезовите паричните прилози распределени са вака: Гевгелија 190.192 лева, Царево-селскиот срез 151.810 лева, Штип 215.960 лева. Штипски срез 182.580 лева, Струмица 240.354 лева и 1.160кг памук, Кочани 383.651 лева, Кочански срез 439.132 и 39.581кг ориз и Берово 321.546 лева."НМ,II/41,Скопје,6 февруари 1945,4.

123 "Акцијата за собирање помоќ за Југословенската армија, која ја спроведе Градскиот одбор во Скопје по реоните и браншите од ослободуењето на Скопје до 20 мај 1945 година, ги даде следните резултати: 25.143181 лева, 7 698 динара и материјали од поголеми количини: долни алишта 529 парчиња палта и пантолони 195, чорапи 834, капи 301, пуловери и фанели 512, американ платно 7.700м, оксфорд 2000м, сапун 1.500 калапа, конци 492 макари, цигари 13.300, жито( пшеница, царевка, рж, јачмен) 4.290кг, брашно 331кг и др материјали во помали количини. Парите и материјалите собрани

Сите овие акции и повици, на НО фронт на Федерална Македонија се вклучуваа во општите напори и насоченост на дејноста на сите останати органи на власта и на масовно политичките организации со следните основни цели: сопствено изградување и организирање во новите услови, политичко работење за мобилизација на расположивите творечки сили и материјални резерви, обновување на разурнатото стопанство и негово оспособување како база за натамошна стабилизација на економскиот живот, изградување во сверата на културната дејност, а сето тоа со цел помагање за довршување на војната на целиот југословенски простор. Воедно тоа значеше и помагање на македонските единици од составот на 15 македонски ударен корпус кој борбено делуваше во рамките на 1 Југословска армија на Сремскиот фронт.

**б) Народноослободителен младински сојуз на Македонија (НОМСМ)**

Младинската организација на Федерална Македонија беше една од носечките организации која сестрано се вклучи во обновата и изградбата на младата македонска држава, по нејзиното ослободување. На иницијатива на младинската организација и на другите општествено-политички организации, започнува процес на формирање на доброволни младински работни бригади ширум цела

Македонија, претежно составени од младинци кои превземаа акции за поправка на поедини сообраќајни објекти, или пак акции за сечење дрва за потребите на војската и населението за претстојната зима 1944/45 година. Така на пример, кон крајот на 1944 година во градот Струга, беше формирана младинската бригада "Димче Кошарко", која што спроведе неколку неделна акција за сечење дрва по околните планини за потребите на војската.[124]

Скоро насекаде младинците од сите населени места на Федерална Македонија, секоја недела учествуваа во поправањето на патиштата, насипување на истите со песок, чистење на одводните канали и друго, а сечењето дрва, беше редовна појава за потребите на месното население и војската. Така на пример, во месец декември 1944 година, беше организирана доброволна работна акција за поправка на оштетените железнички линии на правецот Демир Капија-Миравци, со учество на младинската работна бригада од Струмица. Во Кавадарци, тамошната младинска работна бригада учествува во изградбата на повеќе патни правци како што се: Кавадарци-Мрежичко, Кавадарци-Дониште, Кавадарци-Брушане и други.[125] Огромен ефект имаа и акциите на младинците и нивните доброволни младински бригади на полето на собирањето на земјоделските производи, помош во храна за потребите на војската и учество на младинците во акциите за помагање на фамилиите на

---

[124] Младото поколение на Федерална Македонија. Младите ќе ја обноват нашата татковина. Млад борец(МБ), II/14, Скопје, 27 јануари 1945, 5.

[125] Истото.

мобилизираните борци.[126] Вклучувајки се во акцијата за собирање на помош што ја организираше Главниот одбор на НОФ на Македонија, НОМСМ, испрати повик до сите свои организации во Македонија, со кој бараше од истите организирање на теренот на разни акции, приредби, конференции и друго, а со единствена цел прибирање на прехрамбени и други продукти за потребата на постраданите краеви и војската на Македонија.[127] Во овие околности градот Скопје, стана средиште на сите општествено-политички организации и нивните акции. Кон крајот на месец октомври и почетокот на ноември 1944 година, младината од цела Скопска околија и градот Скопје е организиртана во младински организации на теренот, а по ослободувањето и во самиот град. Овие организации спроти ослободувањето и потоа, развија широка активност, покрај другото и во собирање на разна помош за НОВ на Македонија. Непосредно по ослободувањето на градот Скопје, еднодневните ударни акции во расчистувањето на урнатините во градот, беа секојдневна појава. Веќе во почетокот на месец декември 1944 година, беа оформени посебни работни бригади, составени од 30-40 младинци и младинки, а во месец јануари 1945 година се формира младински работен баталјон за работа во хромното пералиште во ·орче Петров.[128] Овие активности на младината уште повеќе се интензивираа непосредно

[126] Истото.

[127] До сите организации на НОМСМ во Македонија.НМ,I/19, Скопје,19 декември 1944,4.

[128] Боге Кузмановски, Во трудовите недоволно е застапен периодот непосредно по ослободувањето на Скопје. Зборник, Скопје и Скопско во НОВ...1943-1945...683.

во деновите пред вториот конгрес на НОМСМ и особено потоа.Оваа акција во Скопје и Скопско доби широки размери.[129] Ништо помалку оваа акција не се разликуваше и во останатите градови на Македонија.[130]

Во деновите непосредно пред одржувањето на Вториот конгрес на НОМСМ во Скопје , предвиден за почетокот на месец јануари 1945 година, Главниот одбор на НОМСМ, разви широка активност на полето на пропагандно-политичката дејност меѓу

---

129 Еве што за ова пишува Нова Македонија од 14 декември 1944 година:"...Таја (се мисли на скопската младина б.м.), го разбра наполно значението на младинскиот сојуз и ударнички ги врши сите работи кои се поставујат пред неја.Усилено работи да помогне општата народноослободителна борба со се што може. Сите работи кои ги врши са во знак на II конгрес и помоќта на борбата. Нарочно се истакнати Кадино село, Огњанци, Петровац от Петровачка општина. Во Кадино село младината собра покрај 1.500 лева( по случај на ослободуење на Скопје) и многу други работи како: 80 јајца, 4кг маст, 48 рала партенки, 13 крпи, 28 рала опинци, брашно, ракавици, муниција и др. Една работна чета от 31 младинка за два работни дена ја испраа собраната волна и приготвија за работа. А друга работна чета от 28 младинки за 5 работни дена испраа 100 рала долни алишта запленени од германците за нашата НОВ, го искрпи и прати во Командата на местро. Младината во селото си организира и еден аналфабетски курс (за неписмените младинки). По случај на ослободуење на Скопје една младинка од селото зготви колет за најхрабриот борец во ослободуењето на Скопје со следното содржение: 1 пуловер, 1 рало чорапи, едно рало ракавици, 1 крпичка, 1 рало партенки, 1 кесе бомбони, 1 тоалетен сапун и 2 дуњи..."НМ,I/15,Скопје,14 декември 1944,4. Во овој напис долг е списокот на собраните материјали по сите села на Скопската околија.

130 Така на пример:"..Младината во град Битола во името на II Конгрес се натрчува со истата на гр.Прилеп. Во врска со това она ги постигна следните резултати:Испрати 49 пакети со топли алишта и храна за ударниците од 49 дивизија, пројавена во борбите во Охрид и Ресен, 32 пакети топли алишта и 18 000 лева за борците на I ударна бригада от Егејска Македонија по случај нејното формирање, даде 1 250 работни дни за сечење дрва, за поправка за поправка на аеродромот и во интендантството каде се шијат алишта за војската и 28 работни ноќи за поправка на мостој...".НМ,I/15,Скопје, 14 декември 1944,4.

своето членство во корист на паролата"Се за фронтот-се за победата".[131] Во таа насока започнаа организирање на предконгресни денови и митинзи на кои се избираа делегати за Конгресот.[132] Исто така се уточнуваа паролите за Вториот Конгрес на НОМСМ.[133] Со нив Главниот одбор на НОМСМ, цврсто се заветуваше дека младината на Македонија решително ќе учествува во конечното ослободување на Југославија.[134]

На 6 јануари 1945 година во главниот град на

---

131 НОМСМ, безрезервно го подржа повикот на НО фронт на Македонија за ослободување на сеуште не ослободените краеви на Југославија и повикот од 7 ноември 1944 година во кој покрај другото за ова се вели:"...Не е далеку денот на полното ослободуење на нашата земја, не е далеку денот на ослободуње на цела Македонија, кој ќе ги обрне сите со сила разпарчени делови и ќе стапи соединета во со крв запечатената равноправна зедница Демократска Федеративна Титова Југославија. Последните борби ги изискуваат и последните најголеми напори од сите нас. Да дадеме се за нашата војска, се на блиската победа, почнувајки од илјадниците нови борци за нашата народна армија, па се до материјалната и политичка подршка на органита на народната власт, на нашите НОО-ри, това е света должност на секој чстит и родољубив македонец и македонка спрема својата татковина и спрема нејната иднина..."Зборник на документи, Жените во НОВ на Македонија...док.400,800.

132 Предконгресен ден на младината на Битола.НМ,I/14, Скопје, 13 декември 1944,3.

133 Пароли за Вториот Конгрес на антифашистичката младина на Македонија. НМ,I/4,Сопје, 13 декември 1944,3.

134 Како покрепа за ова е упатената телеграма од страна на НОМСМ, до Првиот Конгрес на антифашистичката младина на Војводина, во која покрај другото стои:"...Македонската младина за неколку дена ќе го одржи својот Втор Конгрес во ослободената своја потесна татковина, знае како и вие младите од Војводина, дека за неа нема среќен и слободен живот се додека фашиската чума живее во Југославија и не биде сосема дотолчена во нејзината јазбина Берлин. И затова младината на Македонија праќајки ви пламени другарски поздрави, кликнува:"Напред другари во борба, со заеднички сили да е ослободиме нашата зедничка татковина-Титова Југославија, напред на работа да сториме од неа една среќна и расцветана земја..."МБ,I/11-12, Скопје, 12 декември 1944,7.

Федерална Македонија, Скопје, започна со работа Вториот Конгрес на антифашистичката младина на Македонија. Покрај другото, на конгресот беа дефинирани две основни задачи на младината на Македонија и тоа:1. Учество во борбата за ослободување на цела Југославија и 2. политичко, стопанско и културно изградување на Македонија во рамките на ДФЈ. Ваквата опрдеделеност, јасно беше искажана и преку демонстрациите на делегатите на Конгресот, кои беа одговор на демонстрациите на дел од артилериските единици од Скопје. Паролите на артилерците, директно отстапуваа од декларираната политика за учество на Македонија во втората етапа на операциите за конечно ослободување на Југославија, а пак паролите на младинците беа директна подршка на општата идеја за конечно уништување на фашизмот и негово протерување од преостанатиот неослободен дел на Југославија.[135] Во тој контекст на Конгресот беа утврдени новите задачи на НОМСМ и учствoто на младите борци во завршните операции за конечно ослободување на Југославија. Исто така на Конгресот е утврдено местото на НОМСМ во новите услови на слободниот живот и повоена изградба на младата македонска држава. Токму затоа од вториот конгрес на НОМСМ до Президиумот на АСНОМ беше испратено писмо со заветување дека младината на Македонија активно ќе се вклучи во изградбата и обновувањето на сообраќајната мрежа, железничките линии и другите објекти во Федерална Македонија.[136] Во претстојниот период,

[135] Михаило Апостолски, Комората на фашиските окупатори е меѓу нас. НМ,II/14, Скопје, 27 јануари 1945,5.

[136] Младото поколение на Македонија. Младите ќе ја обноват нашата таковина. МБ,III/14, Скопје, 27 јануари 1945,5.

македонската младина, воодушевено ја прифати паролата "Се за фронтот-се за победата", реализирајќи ги практично претходно зацртаните задачи на Вториот конгрес на НОМСМ.[137]

**в) Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија (АФЖМ)**

Активно учество во обновата и изградбата на Федерална Македонија, и понатамошно делување во рамките на антихитлеровакста коалиција, дадоа и жените на Македонија. Кулминацијата во изградувањето на антифашистичката организација на жените на Македонија, претставува одржувањето на Првата главна

[137] Во периодот од ослободувањето 19 ноември 1944 до мај 1945 година беа обновени следните објекти: 44 нови дрвени мостови, 4 поправени стари мостови, 14 во тек на изградба, изработени беа 300 дрвени колички, избичен дрвен материјал во греди, даски и друго околу 400м$^2$, изработени се 120 окови за тркала на колички, 30 железни тркала, дршки за лопати 4000, копачи 1000, извршена е поправка на електричната централа во Штип, електрифицирање на неколку села во околината на Скопје, поправен е насипот на левиот брег на реката Вардар, затрупани 33 засеци на откосите, оспособени беа рудниците:"Нада", "Радуша", "Раброво", Жостово, "Злетово", "Лојане" и други, обновени се: 25 моста во должина од 441 метри на железницата, оспособени 14 локомотиви, 145 товарни и 56 вагони за тесنолинејката, телеграфската врска:Скопје - Куманово - Прешево, Скопје - Влес - Градско, Скопје - Гостивар - Охрид, Велес - градско - Демир Капија, Велес - Штип и Велес - Прилеп - Битола - Граница и друго. Извештај од Президиумот на АСНОМ за неговата работа меѓу Второто и третото заседание на АСНОМ, 15 април 1945 година. АСНОМ. Документи на Президиумот на АСНОМ меѓу Второто и Третото заседание и од Третото заседание на АСНОМ...Том први, книга трета...353.

земска конференција на Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија (АФЖМ), одржана на 15 декември 1944 година во Скопје.[138] На оваа конференција се изврши основање и конституирање на АФЖМ, како масовно-политичка организација на жените на Македонија. При тоа на Конференцијата, беа набележани основните задачи на АФЖМ, како што се: довршување на војната и учеството во борбите за ослободување на неослободените делови на Југославија, учество во обновата и изградбата на новото општество и органите на власта, учество во акциите за собирање на прехрамбени и други артикли и друго.[139] Посебно место на Конференцијата беше дадено на ангажирањето на АФЖМ, во подготовките на 15 македонски ударен корпус, за негово заминување на Сремскиот фронт и учество во втората етапа на завршните операции за конечно ослободување на Југославија.[140] Непосредно по одржувањето на Конференцијата,АФЖМ, се ангажираше во спроведувањето на поставените задачи и обврски. Така на пример, жените на Македонија се вклучуваат во военозаднинските органи и служби, како што се санитетската, телеграфско-телефонската служба и други, како директна помош на македонската народноослободителна војска. Напоредо со ова, АФЖМ, започнува акции на прибирање на доброволни прилози заисхрана на војската и населението. Во таа насока организациите на АФЖМ на

138 Првата обласна конференција на АФЖ на Македонија. НМ,I/15, Скопје,15 декември 1944,16.

139 Д-р Вера Весковиќ Вангели, Жените во Револуцијата на Македонија 1941-1945.ИНИ,Скопје,1982,267.

140 Истото,267.

теренот започнуваат да приготвуваат подароци и пакети за ранетите борци во болниците,[141] како и прибирање на топла облека за потребите на борците за претстојната зима 1944/45 година.[142] На тој начин паролата:"Се за фронтот-се за победата" од страна на АФЖМ, широко беше прифатена и подржана.[143] Ваквата определба најдобро ја илустрира статијата на Нада Ачковска, објавена во органот на АФЖМ, "Македонка", од декември 1944, под наслов:"Се за фронтот-се за победата", во која покрај другото за ова се вели:"...Минат тие борци не многу арно облечени, ама со силен дух со цврста вера во конечната победа, со високо дигната глава, гледајки ја пред себеси возвишената задача која им претстои. Се готват на Берлин, таму, на јамата на збеснетата зверка, што ги уништи нашите градови и села, што ги запали нашите куќи, што ги истепа нашите чеда. И тие се спокојни, макар да не се облечени и наранети така како што треба да се облечени и наранети заштитниците на скапата слобода, тие знајат тилот је нивни, дека го имаат зад себе си целиот македонски народ, готов да дај од себе се: последниот

[141] Писмо од штабот на воената болница на 15 македонски корпус до Одборот на АФЖ во с.Стругово, Битолско, благодарност за испратените подароци до ранетите од 13 декември 1944. Зборник на документи, Жените во НОВ на Македонија...док.427,862.

[142] Д-р Вера Весковиќ Вангели, Жената во Револуцијата на Македонија...127.

[143] Така на пример во Битолската област АФЖ, од Охрид, на Првата ударна бригара и предал 462 рала чорапи, 14 рала кондури, 5 рала чизми, 9 ќебиња, 150 кошули, 30 палта, а на болните 33 тепсии пита, 10кг јаболки и друго. Во Кратово на 14 јануари 1945 година АФЖ за потребите на НОВ и ПОЈ за Македонија, предал: 641 пар чорапи, 99 пара тракавици, 47 пуловери, 9 шала, 54 кошули, 55 крпи и друго. Слична е ситуацијата и во останатите делови на Македонија. Д-р Вера Весковиќ Вангели, Жената во Револуцијата на Македонија 1941-1945...271.

залак и последната пара. Зимата е тука... Нема да остане војник без пакет за Божиќ, нема да има куќа која не ќе испрати пакет, приготвен со најголема грижа и љубов, испратен од срце, не само за своите блиски, ами и за други, оти тие се сите наши, сите се синови на Македонија. Тие пакети ќе ги топлат душите и телата на нашите мили борци, говорејки им дека со нив е целиот народ, крепејки ги и давајки им сила, искажувајки им го нашето желание дека сме готови да дадеме се од себе за успешното достојно завршување на започнатото дело..."[144] Улогата на жената на Македонија се огледа и при замената на машкото население кое беше отсутно поради мобилизацијата во состав на единиците на НОВ и ПОЈ за Македонија, во извршувањето на бројните работи, како што се:прибирањето на есенската жетва, орање и сеидба, расчистување на патиштата и поправка на мостовите, оспособување на домовите за живеење на населението, предење, шиење, перење и друго.[145]

### г) Комунистичка партија на Македонија (КПМ)

[144] Статии, написи, хроники и извештај на Главната конференција на АФЖ од Македонија. Се за фронтот-се за победата, декември 1944.Македонка,I/2.Зборник, Жените во Македонија во НОВ...936.

[145] Истото,272.

Главен организатор и поттикнувач на сите општествено-политички активности во Федерална Македонија, како во текот на војната, така и непосредно по ослободувањето, беше Комунистичката партија на Македонија(КПМ). Бројните и сериозни задачи кои се поставуваа кон крајот на 1944 и почетокот на 1945 година, произлегуваа од веќе споменатата општојугословенска парола:"Се за фронтот-се за победата". Во таа насока КПМ како водечка политичка сила во Федерална Македонија, ги усмеруваше сите активности на целокупниот општетсвено-политички економски и воен план, подвлекувајки ја при тоа улогата на Федерална Македонија како членка во антихитлеровската коалиција. Меѓу овие задачи од посебно значење во овој период беа: решавање на прашањето за понатамошна мобилизација на широките народни маси за потполно истерување на окупаторите од неослободените делови на ДФЈ, организирање на позадината за потребите на фронтот и паралелно со тоа отпочнување на процесот на обновата и изградбата на земјата. Сите овие активности, беа проследени со сериозни мерки од страна на КПМ меѓу политичките организации и единиците на народноослободителната војска на Македонија, а со единствена цел припрема на истите за активно учество на Сремскиот фронт и завршните операции за конечно ослободување на Југославија. Покрај тоа КПМ зеде активно учество во акцијата за прехрана на војската и населението и за затоплување на истите во претстојната зима 1944/45 година.[146]

---

[146] Александар Христов,Првиот конгрес на КПМ.Прилози,XVII/1, МАНУ,Скопје,1986,111.

КПМ активно се вклучи и во евидентирањето на материјалните штети и човечки жртви, што ги претрпе Федерална Македонија во текот на војната, како и во превземање мерки за оспособување на сообраќајната патна и железничка мрежа во Македонија.[147]

Исто така од значење е и мерката на КПМ за донесување на Уредба за еднократен данок уште при крајот на 1944 година, со која се предвидуваше да се собере 1 милијарда и 150 милони лева. Со неа беа создадени поволни услови и основа за непречена работа на новата народна власт, бидејки истата немаше никакви парични средства во времето веднаш по ослободувањето на Федерална Македонија.

**д) Военозаднинските органи**

Во обновата и изградбата на младата македонска држава, особено во изградување на македонската војска, активно беа вклучени и военозаднинските органи.

Со реорганизацијата на единиците на НОВ и ПОМ во почетокот на декември 1944 година, покрај формациско обликување

[147] Писмо од 2 декември 1944 година од Вториот ОК КПМ до сите околиски комитети на КПМ во Втората област.Зборник на документи, Кичево и Кичевско во НОВ 1941-1944...352,522.

на единиците на НОВ и ПОМ, се пристапи и кон организирање и устројување на територијалните служби, согласно наредбата на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија бр.15 од 8 декември 1944 година.[148] Со неа територијата на Македонија беше поделена на три воени области и тоа: Скопска, Битолска, Штипска и Команда на градот Скопје(без околијата).[149] Иако оваа наредба веднаш започна да се спроведува во дело, сепак при нејзината практична реализација имаше потешкотоии.Како прво кадарот при командите на подрачјата и при командите на местата не беше приспособен за извршување на посложени задачи.[150] Исто така и повеќето од отсеците при военозадининските органи неажурно ги извршуваа некои од поставените задачи.Во тој контекст и пополнувањето на единиците при командите на подрачјата и при командите на местата не беше остварено во целост.[151] Поради сето ова а со цел за отстранување на недостатоците при работата на командите на подрачјата и на командите на местата, ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, организираше неколку советувања. Покрај тоа истиот во текот на месец јануари 1945 година испрати контрола на чело со командантот и политичкиот комесар на ГШ на НОВЈ за Македонија за обиколка на воените области заради отстранување на одредените недостатоци и

---

148 Д-р Миле Михајлов, Военозадининските органи во народноослободителната војна на Македонија (1941-1945).ИНИ, НИО "Студентски збор", Скопје, 1992,278.

149 Истото.

150 Истото,280.

151 Истото.

пропусти.[152]

### 3.Организационо зацврстување на народната власт

Периодот од ослободувањето на Федерална Македонија во втората половина на ноември 1944 до крајот на Втората светска војна прва половина на мај 1945 година, го карактеризираат два значајни настани во процесот на изградувањето на народноослободителната власт и државноста на Федеарлна Македонија и тоа: Второто заседание на АСНОМ, одржано на 28-30 декември 1944 година во Скопје и Третото заседание на АСНОМ и формирањето на првата народна влада на Федерална Македонија одржано 14-16 април 1945 година во Скопје.[153]

Во периодот по ослободувањето на Македонија, до одржувањето на Второто заседание на АСНОМ, односно петмесечниот интервал, Президиумот на АСНОМ и другите органи на народната

---

[152] Истото,282.

[153] Некои автори во македонската историографија, ги употребуваат термините Прво Вонредно и Второ вонредно заседание на АСНОМ (Д-р Миле Тодоровски, Покрупни општествено-политички настани во Скопје по ослободувањето до победата над фашизмот. Зборник, Скопјеи Скопско во НОВ...1943-1945...110.), додека пак други автори ги употребуваат термините Второ и Трето заседание на АСНОМ (Д-р Новица Вељановски, Административно-централистичкиот период во државно-правниот развој на Македонија (1945-1953).ИНИ,Скопје,1992,53).За нас поприфатлива е употребата на вторите термини.

власт, развија широка активност за конечното ослободување не само на Македонија, туку и за помош на Сремскиот фронт и конечното ослободување на преостанатиот неослободен дел на Југославија. Токму овие претстојни задачи во поглед на обновата на опустошената земја и помош на неослободените краеви, како и вклучувањето на Федерална Македонија во општите напори на антихитлеровската коалиција за конечна победа над фашизмот, ја налагаа потребата од одржување на Второто заседание на АСНОМ. Всушност Второто заседание на АСНОМ, беше прво заседание на ова највисоко тело на народната власт во новата македонска држава, кое се одржа во сосема слободна Македонија во нејзиниот главен град Скопје. Покрај другите прашања од доменот на изградувањето на новата држава, една од најглавните групи прашања и задачи беа поврзани со конечното ослободување на цела Југославија, подцртувајки ја мислата дека без слободна Југославија нема слободна Македонија.[154] Во таа насока како една од најприоритетните задачи во Македонија, се поставуваше вооружувањето и борбеното оспособување на народноослободителната војска на Македонија, пред која претстоеја решавачки борби на Сремскиот фронт и потоа, како и борбите на Косово и Метохија и одржувањето на редот и мирот во самата земја. Помошта на Македонија на Сремскиот фронт се поставуваше како приоритетно политичко прашање за зацврстување на "братството и единството на југословеснките народи".[155] Со

---

[154] Д-р Новица Велјановски,Административно-централистичкиот перио...59.

[155] Истото.

одржувањето на Второто заседание на АСНОМ, се зголеми уверувањето дека местото на Федерална Македонија е во рамките на нејзината заедничка држава Демократска Федеративна Југославија, како заедничка земја на сите југословенски народи. Токму затоа се изврши натамошно мобилизирање на широките народни маси во функција на операциите за конечно ослободување на Југославија во Втортата етапа од истите.

На подрачјето на Федерална Македонија, пред одржувањето на Третото заседание на АСНОМ, во текот на месец март беа извршени првите слободни избори за избор на органите на новата народна власт.Овие избори се одвиваа според принципите што ги декларираше Президиумот на АСНОМ во поглед на изборниот систем во Македонија.За таа цел беше донесена посебна Одлука за распишување на изборите за селски, градски, реонмски и Околиски НОО во Федерална Македонија од 22 февруари 1945 година.[156] Врз основа на оваа одлука во периодот од 11 до 22 март 1945 година се реализираа првите слободни избори.

Во текот на овој месец, на југословенски план, беше образувана единствена југословенска влада, во која покрај другите беше оформено и Министерство за одбрана на чело со Јосип Броз Тито.[157] Во контекстот на формирањето на Единствената југословенска влада, беа дадени смерници за

[156] Новица Вељановски,Административно - централистичкиот...95.

[157] Obrazovanje jedinstvene vlade Tito-Šubašić, 7 mart 1945. Branko Petranović, Momčilo Zečević, Jugoslavija 1918-1984. Zbirka dokumenata.RAD,Beograd,1985,581.

формирање на владите на федералните единици на ДФЈ.[158] Во таа насока се одржа Третото заседание на АСНОМ, на 14,15 и 16 април 1945 година во Скопје. На ова заседание доминираа одлуките за усогласување на устројството на органите на народната власт во Федерална Македонија со оние на ДФЈ. Со ваква цел беше донесен Законот за промена на името на АСНОМ во Народно собрание на Македонија, Законот за заклетва на народните пратеници, Законот за формирање на Народната влада на Македонија и други.[159] Мандатот за составување на новата народна влада на Федерлна Македонија, му беше доверен на Лазар Колишевски, кој потоа ја презентираше листата од девет свои министри и два потпретседатели.[160] По образувањето на Народната влада, Президиумот на АСНОМ, престанува да ги врши оние работи кои му беа привремено доделени во надлежност како носител на функциите на владата, па тој сега исклучиво ги врши функциите што му припаѓаа меѓу двете заседанија на Народното собрание на Македонија и определени

---

158 Uputstvo o osnovnim načelima za obrazovanje vlada federalnih jedinica Demokratske Fedrativne Jugoslavije. Branko Petranović, Momčilo Zečević, Jugoslavija 1918-1984...584.

159 Пред вонредното заседание на АСНОМ. НМ,II/85, Скопје, 12 април 1945 и НМ,II/86,Скопје, 17 април 1945,1.

160 Составот на Народната демократска влада на Македонија беше следниот: Претседател Лазар Колишевски, Прв потпретседател, и министер за финансии Љупчо Арсов, Втор потпретседател Абдураман Мехмед, министер за внатрешни работи Киро Петрушев, мнистер за просвета Никола Минчев, Министер за правосудие Д-р Павел Шатев, мнистер за индустрија и рударство Страхил Гигов, министер за тргвија и снабдуење Тоде Ношпал, мнистер за земјоделие и шумарство Богоја Фотев, министер за народно здравје Д-р Вукашин Попадич, министер на социјална политика Д-р Неџат Аголи и министер на градежите Инж.Гоерги Василев.НМ,II/89,Скопје, 17 април 1945,1.

функции што ги врши во својство на претставник на државниот и народниот суверенитет на Федерална Македонија. Владата раководеше со државната управа во земјата, доколку тие работи не спаѓаат во надлежност на Владата на Југославија и на нејзините министерства.[161] Наедно Владата раководи ја обединува и инасочува работата на одделните министерства, како и работата на другите установи што припаѓаат под нејзина надлежност.[162]

Третото собрание на АСНОМ, покрај другото, во текот на својата работа, повторно укажа на значењето на максималниот придонес што Федерална Македонија го дава и ќе го дава за југословенскиот фронт, играјки ја улогата на своевидна сигурна заднина не само на југословенскиот, туку и на југоситочниот европски фронт.[163] При тоа беа жигосани некои појави кои претставуваа кочница во обновата на земјата, помошта на југословенскиот фронт и консолидацијата. За ова покрај другото во Политичкиот извештај на Президиумот на АСНОМ, поднесен на ова заседание, покрај другото се вели:"...Денес може да се каже дека во целата земја на ослободената југословенска територија се постигнати сериозни успеси во нормализирањето на условиата во

---

[161] Првата народна влада на Македонија.Издание по повод 40 - годишнината од формирањето на првата народна влада на Македонија,1945 - 1985,Скопје,1985,15

[162] Д-р Александар Т. Христов,Владата на Народна република Македонија политичкоизвршните и управните органи.Едиција:Државно-правниот развиток на СР Македонија (1944-1974 година),Институт за социолошко и политичко-правни истражувања при Универзитетот "Кирил и Методиј", Скопје,мај 1979,39.

[163] Д-р Новица Велјановски,Административно-централистичкиот ... 64.

изградуење на пустошот кои ни го остави зверскио окупатор. Сето това овозможуе да нашата општа татковина е сложен воен логор, еден единствен тил кој под паролата "Се за фронтот" работи за општата победа. Белки нема друг пример да една земја до тaja мора дае искрвавена, опљачкана и рушена како нашата и во моментот уште сите рани не и се излечени со таков полет и со такво темпо ја гради својата армија и води победоносна војна. Това се должи на високата патриотска и политичка свест на нашите народи кои извојувајки си ја националната рамноправност и правата народна демократија, знајат да за тија права треба да се бие бој до уништување на најголемиот непријател на националната рамноправност и демократијата до уништувањето на фашистичката Германија и нејзините слуги. Нашите народи знајат да слободата и рамноправноста на секој еден од нив несе сигурни додекане е слободна и независна цела Демократска Федеративна Југославија. И затова нашите борци од сите народности на единствената Титова армија се бијат во Срем и Босна, за Загреб и Љубљана, како за Београд и Скопје, а во нашите федеративни единици насекаде се живее и гради под паролата "Се за фронтот-се за победата". За тие успеси во исполнението на задачите во врзка со војната и фронтот голема зслуга е на народната власт, која успеја да ја организира помоќта на фронтот...На прво место нашата помоќ за фронтот досега не одговара на возможностите на нашата земја која е нај малку пострадала во сравнение со другите земји на Југославија. Ние можиме, мораме под паролата"Се за фронтот" да дадеме многу повеќе

за нашата армиа..."[164]

Слични оценки и смерници, среќаваме и во извештајот на Президиумот на АСНОМ за неговата работа меѓу Второто и Третото заседание на АСНОМ, изнесен на Третото заседание на АСНОМ на 15 април 1945 година.[165]

Веднаш по формирањето на првата Народна влада на Македонија, на 16 април 1945 година, истата излезе со ова програмска декларација. Во неа таа ги изнесе своите основни програмски цели на своето идно делување и ги осуди тенденциите за водење на "мирновременска политика".Покрај тоа исто така беше укажано и на потребата од ангажирање на сите стопански потенцијали во воени услови за успешно завршување на војната во Југославија. Декларацијата повикуваше и потсетуваше на долгот кон паднатите жртви за слободата, како долг што треба да се исполни во конечната победа над фашизмот.[166] При тоа борбата за ослободување на Југославија се третира како борба на македонскиот народ за ослободување на сопствената држава.

Интересно е да напоменеме дека во составот на првата Народна влада на Македонија, не постоеше Министерство за одбрана, како што тоа беше случајот со владата на ДФЈ од март 1945 година,при која беше оформено Министерставо за одбрана на

---

[164] АСНОМ, документи од работата на Президиумот на АСНОМ меѓу Второто и Третото заседание на АСНОМ. Том I, книга 3. Архив на Македонија-Скопје, Скопје, 1987,344-352.

[165] Истото,353-402.

[166] Д-р Новица Велјановски, Административно - централистичкиот ... 118.

чело со Јосип Броз Тито. Улогата на ова Министерство во Македонија, се уште ја играше Главниот штаб на народноослободителната војска и партизански одреди на Југославија за Македонија (ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија). Тој оваа улога ја извршува се до почетокот на месец мај 1945 година, кога дефинитивно со указ на Министерставото за одбрана на ДФЈ на чело со Јосип Броз Тито, сите Главни штабови кои егзистираа во Југославија во рамките на федералните единици и покраини беа распуштени. Во Македонија местото на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија го превзеде Главниот штаб на 5 југословенска армија.

%

Со дефинитивното ослободување на Федерална Македонија, се создадоа услови за реализирање на придобивките од национално-ослободителната војна, која на тлото на Македонија, траеше три години, седум месеци и 19 дена. Само неколку денови по ослободувањето на главниот град на Македонија, Скопје, градот стана седиште на највисоките државни, политички, воени и други организации и тела, меѓу кои се:Президиумот на АСНОМ, ЦК КПМ, ГШ на НОВ и ПОМ и други. Сето тоа стана речиси во воени услови и

покрај тоа што земјата беше ослободена, бидејки сеуште траеја борбите на Косово и Метохија, каде активно учество зедоа и македонските единици, а на територијата на Федерална Македонија се спроведуваа акции за чистење од остатоците од квислиншко-колаборационистички сили, за обновата и изградбата на земјата, за исхрана на војската и населението, за затоплување на војската и населението и други.

Од друга страна пак како нужна и приоритетна задача се налагаше потребата од понатамошни воени напори на Федерална Македонија за ослободување на неослободените краеви на Југославија и учество во борбата против балистите на Косово и Метохија.[167]

Во овие услови основната насоченост на дејноста на органите на новата власт и масово-политичките организации, се одвиваше во неколку правци. Приоритет имаше акцијата за сопствено организационо изградување и оспособување за дејство во новите услови, потоа политичкото работење за мобилизирање на расположивите човечки и материјални средства , како и впрегнување на сите расположиви материјални и човечки резерви за довршување на војната и осигурување на услови за организирање на слободниот живот, обновување на разурнатото стопнаство, економијата и организирање на културно-просветниот живот и друго.

---

[167] До декември 1944 година, во Македонија беа разбиени еден дел од преостанатите балисти од групата на Мефаил Зајази и Џемо Хасани. Меѓутоа самиот Џемо Хасани со група свои истомисленици ќе биде активен се до мај 1945 година, кога дефинитивно истиот ќе биде ликвидиран. Владо Малески Тале, Качакот Џемо е утепан. НМ,II/104, Скопје, 5,6 и 7 мај 1945,2.

Во таа насока, целокупната активност на воено-политичкото раководство, органите на народната власт и масово-политичките организации по ослободувањето на Федерална Македонија, се одвиваше под веќе спомената општојугословенска парола:"Се за фронтот-се за победата". Дека тоа е така, укажуваат и бројните акти од одржаните состаноци на споменатите тела во Македонија во текот на 1944 и првата половина на 1945 година.

Целокупната натамошна активност на политички, економски и воен план во Федерална Македонија во иднина ќе биде усмерен во две насоки: во мобилизација на сите човечки постојни потенцијали и материјали, во зацврстувањето на младата македонска држава од една страна и второ, во подготовка на дел од воениот потенцијал на Македонија за учество во Втората етапа од завршните операции за конечно ослободување на Југославија, што ќе биде предмет на елаборација во наредните глави на трудот.

# ГЛАВА ТРЕТА

## НЕПОСРЕДНИ ПРИПРЕМИ НА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА ЗА ВОЕНО УЧЕСТВО ВО ВТОРАТА ЕТАПА НА ЗАВРШНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

### 1. Воената организација на Федерална Македонија по ослободувањето до мај 1945 година

Веднаш по ослободувањето на Федерална Македонија, започна периодот на изградувањето на структурата на воената организација, согледана низ потребите на Македонија како сојузник во Втората етапа од завршните операции за ослободување на Југославија во претстојниот период. За реализација на поставените цели, беше нужно потребна најширока мобилизација на широките народни маси, организација на позадината за потребите на фронтот и паралелно со тоа обновата и изградбата на Македонија.

Во овој период Федерална Македонија , заедно со ослободените територии на Србија, Црна Гора, Далмација и делови

на Босна и Херцеговина, претставуваше стабилна позадина и оперативна база од решително значење за успешно држење на цврст фронт спрема силите на Германија и Независна држава Хрватска(НДХ) во Срем , Босна и останатите неослободени делови на Југославија. Исто така оваа територија беше основа за изведување на завршните операции за конечното ослободување на цела Југославија, во рамките на втората етапа од овие операции. На оваа слободна територија, беше стациониран третиот дел на оперативната групација на НОВЈ во времето на започнувањето на припремите за завршните операции за конечно ослобување на Југославија. Со задача енергично да делува при уништувањето на остатоците од балистичките и четнички формации и обезбедување на јужните граници на Федерална Македонија односно Југославија. Истовремено таа беше стратегиска резерва на НОВЈ, бидејки дивизиите од овие територии можеа во секое време да бидат префрлени на фронтот, доколку за тоа се укаже потреба. Оваа трета оперативна групација на НОВЈ, ја сочинуваа силите под команда на Главните штабови на Македонија, Србија, Оперативниот штаб за Косово и Метохија и корпусот на народната одбрана на Југославија.

ГШ на НОВ и ПОМ[168] , во тоа време располагаше со

---

[168] По ослободувањето на Федерална Македонија, ова нејзино највисоко воено тело се нарекуваше Главен штаб на Народноослободителната војска и партизански одреди на Македонија (ГШ НОВ и ПОМ).По воената реорганизација во почетокот на месец декември 1944 година, тој се преименува во Главен штаб на Народноослободтелната војска и партизански одреди на Југославија за Македонија (ГШ НОВ и ПОЈ за Македонија).Со новата реорганизација од март 1945 година, кога НОВ И ПОЈ се преименува во Југословенсла армија( ЈА), а Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ во Генералштаб на ЈА, ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија се преименува во Главен штаб на Југословенската армија за Македонија (ГШ ЈА за Македонија).Pukovnik Boro Mitrovski,Rad i funkcionisanje Glavnog

три дивизии и тоа:41 македонска, со три пешадиски и една артилериска бригада во вкупна силина од околу 6.000 борци и старешини, 11 топови, 13 минофрлачи, 3.656 пушки и 189 митролези, 49 македонска дивиозија со три пешадиски бригади, распоредени на просторот на Западна Македонија кои се наоѓаа во борба против балистичките остатоци во вкупна силина од околу 5.600 борци, 13 минофрлачи, 3097 пушки и 110 митролези.Потоа 50 македонска дивизија, распоредена на јужните делови на Макeдпонија кон границата со Грција во силина од три бригади со околу 5.539 борци и старешини, 13 минофрлачи, 4.700 пушки и 77 митролези. Вкупно во сите три македонски дивизии во овој период имаше 17.144 борци и старешини, 11 топови, 39 минофрлачи, 11.453 пушки и 373 митролези. Покрај тоа ГШ на НОВ и ПОМ имаше голем број на самостојни единици, како што се Коњичката бригада, Сообраќајната бригада(Авто бригада)[169], Егејската бригада[170] и трите инженериски

---

štaba Makedonije.Za pobedu i slobodu, Armije u strategiskoj koncepciji...282.

[169] Во Македонија оваа бригада во почетокот била како Моторизациско одделение при ГШ на НОВ и ПОМ, формирано на 8 февруари 1945 година со следните отсеци: Организациски, наставен, материјален и сообраќаен. По оформувањето, Авто бригадата имала 3 баталјони со по 3 чети, со вкупно 119 војници, 16 патнички возила, 43 камиони, 5 специјални возила, 5 автобуси, 3 санитетски возила и 26 мотоцикли. Се до април 1945 година, бригадата неможеше да изведува обука, поради недостиг на погонско гориво. На 21 април 1945 година, ГШ на НОВ и ПОМ, испраќа наредба до 41, 49 и 50 македонска дивизија за упатување на возачи и механичари на курс за Авто бригада, за идни возачи при единиците на НОВ и ПОМ.Оваа бригада ги опслужувала целокупните потреби во поглед на транспортот на сите единици на НОВ и ПОМ и на ГШ на НОВ и ПОМ во текот на 1945 година.АВИИ,к-236,рег.бр.1-2/7,АМ,Мф-407.

[170] Првата народноослободителна бригада од Егејскиот дел на Македонија(Егејска бригада), во составот на НОВ и ПОМ е формирана на 17 ноември 1944 година во Битола. Командант бил Илија Димивски Гоце, негов заменик Наум Ламбров Пејов, полком Михаил Керамитчиев и негов заменик Вангел Ајановски Оче. Бригадата имаше 4 баталјони

бригадаи, работен баталјон, подоцна артилериската база и другите наставни и школски центри, курсеви и други единици во кои се наоѓаа околу 11.000 борци и старешини. Според наредбата на ГШ на НОВ и ПОМ, ст.пов.бр.15 од 8 декември 1944 година на целата територија на Македонија, беа формирани три Воени области и тоа: Скопска[171], Битолска[172] и Штипска[173]. Подоцна оваа поделба ќе претрпи измени.[174] Во секоја воена област имаше по еден дополнителен-

---

со околу 2 000 борци и старешини. Подоцна се формираат петтиото шести баталјон со прилив на новите борци. На 3 јануари 1945 година, бригадата е прекомандувана на просторот на Гостивар и тетово со задача чистење на тамошниот терен од остатаоците на балистите.Во почетокот на март 1945 година, бригадата доаѓа во Скопје, а потоа на теренот на Гевгелија и Битола, каде останува цсе до 2 април 1945 година, кога истата е расформирана.Талески Благоја, Првата народноослободителна бригада на НОВ и ПОМ од Егејска Македонија.Незаборавник,Скопје,48.

[171] Скопската воена област, беше поделена на три подрачја и тоа: Кумановско со команди на местата во Кратово, Крива Паланка и Куманово, Тетовско со Команди наместа во Тетово и Гостивар и Велешко со команди на места во Велес, Свети Николе и Богомила. Тука спаѓаше и командата на место на градот Скопје за градот Скопје и неговата околија. Новица Велјановски,Административно - централистичкиот...126.

[172] Битолската воена област, беше поделена на три подрачја и тоа: Прилепско со команди на места во Прилеп, Брод, Крушево, Мариово,Кавадарци и Неготино, Битолско со команди на места во Битола, Ресен и Охрид и Кичевско со команди на места во Кичево, Ростуше,Дебар и Струга.Истото.

[173] Штипската воена област, беше поделена на две подрачја и тоа:Штипско подрачје со команди на места Штип, Кочани,Пробиштип, Царево Село и Берово и Струмичко подрачје со команди на места Струмица,Радовиш, Гевгелија и Дојран. Истото.

[174] Измените се состоеја во следното: За градот Битола, беше формирана Команда на град Битола под непосредна команда на Битолската Воена област бидејки се покажа дека од команда на место за градот и околијата, не може успешно да се командува и опфати целата територија. Со најновата административно- територијална поделба на Федерална Македонија, истата е поделена на 8 административни окрузи, кои не се поклопуваа со споменатата воено-територикјална поделба. Покрај тоа се покажаа недостатоци на воено-територијалната поделба во политичка и сообраќајна смисла. Врз основа на тоа ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија со својата наредба од 14 април 1945 година, ја прилагоди

наставен баталјон, а во секое воено подрачје најмалку по една до три чети. Вкупно во Воено позадинските органи имаше околу 13.000 борци, активисти и стершини.[175]

Според тоа, оперативната групација која се наоѓаше под команда на ГШ на НОВ и ПОМ, имаше: три дивизии, односно 16 бригади од кои 10 пешадиски, 3 инженериски и по една артилериска, коњичка и Авто бригада, со вкупно 41144 борци и стрешини.[176]

По префрлувањето на Главниот штаб на НОВ и ПОМ во ослободениот Прилеп на 1 ноември 1944 година, беа создадени условите за понатамошно интензивно преструктуирање и дооформување на овој штаб. Во првата фаза беа организирани одделенија на ГШ на НОВ и ПОМ, задолжени за поедините надлежности и координација на работата на големиот број на единици.[177] (Види пеилог бр.5).

---

воено-територијалната поделба на Македонија со новата административна поделба, која отстапуваше од поранешната поделба во следното:Скопска Воена област, Скопско подрачје само за околијата на Скопје, Кумановско подрачје останува исто, Тетовско подрачје со команди на места Тетово,Гостивар и Ростуше, Велешко подрачје со команди на места Свети Николе, Велес,Богомила,Неготино и Кавадарци, Битолска воена област со Прилепско подрачје со команди на места Прилеп, Брод, кичево и Крушево, Битолско подрачје со команди на местата во Битола, Ресен *и Мариово, Охридско подрачје со команди на места Охрид, Струга и* Дебар, Штипска Воена област со Штипско подрачје со команди на места во Штип, Радовиш, Кочани, Злетово и Царево село и Струмичко подрачје со команди на места Гевгелија, Валандово, Струмица, Берово и Пехчево.Шестомесечен извештај на ГШ ЈА за Македонија ст.пов.бр.312 од 21април 1945 година, упатен до Генералштабот на ЈА.АВИИ,к-236,рег.бр.1-2/7.

175 Шетомесечен извештај на ГШ ЈА за Македонија...рег.бр.1-2/7.

176 Истото.

177 Состав на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија.АВИИ, к-238, рег бр.28-3.

Тогашниот состав на Главниот штаб на НОВ и ПОМ беше:Командант генераллајтнатот Михаило Апостолски, а негов заменик полковник Панче Неделковски. Но со наредбата на Врховниот штаб на НОВЈ односно ЈА на 19 февруари 1945 година, Апостолски ја предаде должноста на својот заменик Неделковски, а тој беше повлечен на служба при Врховниот штаб на НОВЈ.[178] Политички комесар на Главниот штаб на НОВ и ПОМ беше Борко Темелковски Лилјак, начелник на персоналното одделение Наум Наумовски Борче и началник на ГШ на НОВ и ПОМ беше генерал мајорот Павле Илиќ.[179]

Од расположливиот човечки потенцијал се создадени следните одделенија при ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија: Оперативно, Воздухопловно, Одделение за врски, Сообраќајно, Артилериско, Инженериско, Економско, Персонално, Санитетско, Судско, Наставно, Мобилизациско и Аѓутантско одделение. На овој начин беа опфатени сите дејности на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македоинија, но и покрај тоа Штабот беше доста оптеретен со големиот број на единици, а координацијата на работата неможеше во потполност да се оствари.Покрај тоа недостасуваа искусни кадри во поедините стручни одделенија.

По ослободување на Скопје и дефинитивното настанување и лоцирање на ГШ на НОВ и ПОМ во втората половина на

[178] Таму тој е поставен за втор помошник на Началникот на Врховниот штабна НОВЈ, односно подоцна Генералштаб на ЈА, во Наставното одделение и за Началник на Организациско-мобилизациското одделение при Генералштабот на ЈА.АВИИ,к-238,рег.бр.6-35/3.

[179] Истото.

месец ноември 1944 година во овој град, се пристапи кон реорганизација на ГШ на НОВ и ПОМ.Целта на ова реорганизирање беше да се обединат тесно поврзаните служби во едно способно раководство, за да дојде до израз искуството на способните кадри и раководниот апарат на ГШ на НОВ кој ќе раководи со наставата и организацијата на сите родови и видови на македонската војска, со што би се олеснило командувањето на ГШ на НОВ и ПОМ со оперативните единици.[180]

Но и со вака намалениот број на одделенијата, ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија не го олесни командувањето и полната организација на тесно поврзаните служби. Неопходно беше Командата на позадината и Повереноството за народна одбрана пристапат кон организација на позадинските команди на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, што досега не беше можно поради немање на соодветен кадар. Развојот на позадинските служби и што подобрата организација и раководење на поедините родови на војската налагаше, во што пократок рок да се формира Команда на позадина,

---

180 На основа поставениот план во месец декември 1944 година, беше пристапено кон реорганизација на ГШ на НОВ и ПОМ на следниот начин:1.Организирано е Генерлштабно одделение со следните отсеци:оперативен, известувачки, мобилизациски, организациски, наставен, топографски, историски и аѓутантски отсек,2.Артилериско одделение со следните отсеци:организациски, наставен,и материјален отсек, 3. Инженериско одделение со одсеците:организациски, наставен, материјален и градежен отсек, 4.Моторизациско одделение со следните отсеци: организациски, наставен, материјален и сообраќаен отсек,5.Воздухопловно одделение со отсеците:општ, аеродромски и материјален,6.Персонално одделение со отсеците: општ, за политички раководители, за воени раководители и инвалидски,7. Економско одделение со отсеците:општ, материјален и контролно-буџетски,8.Санитетско одделение со остсеците:општ, епидемиолошки и апотекарски, 9. Ветеринарно одделение, 10.Судско одделение и 11. Пропагандно одделение.Шестомесечен извештај на ГШ ЈА за Македонија...рег.бр.1-2/7.

макар и со послаб раководен кадар, како би можело да се овозможи правилна работа и контрола на командувањето од страна на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија.

Врз основа на директивата која ја доби ГШ на НОВ и ПОМ од страна на Врховниот штаб на НОВЈ, на состанокот при Врховниот штаб во Белград[181], ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија на 6 декември 1944 година[182] со својата наредба ст.пов.бр.1[183], ја изврши следната реорганизација на своите оперативни единици: Формиран беше 15 македонски ударен корпус во чиј состав влегоа: 42 македонска дивизија со 3,14 и 16 пешадиска и 5 артилериска бригада, 48 македонска дивизија со 1,2 и 7 пешадиска и 10 артилериска бригада[184].Овој корпус беше ставен под непосредна команда на Врховниот штаб на НОВЈ и истиот беше предвиден за учество на Сремскиот фронт. Овој корпус во периодот од 1 до 15 јануари 1945 година беше транспортиран во реонот на Белград без предвидените македонски артилериски бригади, кои останаа да се обучуваат во Скопје во артилерискиот Наставен центар бр.6, се до месец февруари 1945 година, кога е завршена обуката. По извршеното гаѓање од 24 до 28 февруари 1944 година, истите се транспортирани за Земун и влегоа во состав на 15 македонски

---

181 General pukovnik Dane Petkovski,Makedonski 15 udarni korpus u sastavu 1 armije.Za pobedu i slobodu,Armije u strategiskoj koncepciji...123.

182 Истото...123.

183 Истото.

184 Istoto.

ударен корпус односно 1 Југословенска армија.[185] Со оваа реорганизација, под командата на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија останаа следните единици:41 македонска дивизија со 8,12 и 17 македонска бригада, , 49 македонска дивизија со 6,9 и 11 македонска бригада и 50 македонска дивизија со 4,20 и 21 македонска бригада. Покрај споменатите оперативни единици под непосредна команда на ГШ на НОВ и ПОМ беа и Егејската бригада, составена од борци од територијата на Македонија под Грција, Коњичката бригада со 2 дивизиона и еден мотомеханизиран дивизион кој не располагаше со возила, Авто бригада од 3 авто баталјони, 1,2 и 3 инженериска бригада од по 3 баталјона со по 450 луѓе и една работна бригада формирана од заробени германци и италијани со вкупна бројна состојба од околу 2 500 луѓе.[186]

При ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија беше формиран офицерски курс за оспособување на повисоки воени старешини, а при штабовите на корпусите подофицерски курс за раководители за командири на чети и водници.Првиот офицерски курс траеше од 1 декември 1944 до 18 јануари 1945 година[187], а другиот офицерски

---

[185] Истото,рег.бр.1-5/7.

[186] Pukovnik Boro Mitrovski,Rad i funkcionisawe Glavnog štaba Makedonije u vreme formiranja armija.Za pobedu i sloboldu, Armije u strategiskoj koncepciji...284.

[187] Еве што за ова се вели во весникот на ГШ на НОВј за Македонија:"По иницијатива на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија се отвори во Скопје Виши офицерски курс при истиот штаб во началото на овој месец.Курсот се посетува од голем број наши војни началници, команданти на бригади и баталјони на македонскиите единици на НОВЈ, као и од нивните заменици..."Виши офицерски курс во Скопје.Народен војник,I/2, Скопје,28 декември 1944,4.АМ ф.весници од НОБ,инв.бр.4798.

курс траеше од 1 февруари до 10 март 1945 година[188]. Врз основа на наредбата пов.бр.12/45 од страна на Генералштабното Наставно одделение при ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, слушателите од овие курсеви се упатени на продолжување на своето школување во Белград.[189] (Види прилог бр.6).

Офицерскиот курс траеше од 1 декември 1944 до 18 јануари 1945 година и уште еднаш од 7 февруари до 15 март 1945 година, кога истиот по наредба на Генералшатбот на ЈА е укинат, а слушателите беа испратени на доусовршување во Белград.[190] Понискиот офицерски курс при ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, наменет за командири на чети,водници и нивни заменици, започна со работа на 7 февруари и траеше до 20 март 1945 година. Вкупно овој курс го посетуваа околу сто слушатели, од кои сите по завршувањето на истиот се вратија во своите матични единици, а 14 од нив беа испратени во Белград за доусовршување за офицери. (Види прилог бр.2).

На 1 декември 1944 година, при ГШ на

[188] Во истиот весник за ова се вели:"При 42 дивизиа по заповед на 16 корпус се одржа курс за војни раководители.Курсистите беа по 15 души од секоја бригада во состав на дивизиата.Курсот се одржа во *с.Сушица,Скопско и беше воден од Кирил Хаџи Костовски*, командант на војната школа.Курсот траеше 25 дена...". Први курс за подготвуење на војни раководители.Народен војник,I/1,Скопје,18 декември 1944,2.

[189] "Веќе 330 војници от Македониа заминаја за Панчевачкото воздухопловно училиште, 175 за Белградската војна акадамија, а 70 други другари ќе отпатуваат на авијатичарска школа во Советскиот Сојуз каде се заминати уште дваица на виша војна специјализација."Нашите војници и раководители одат на учење",Народен војник,I/2,Скопје,28 декември 1944,4.

[190] Виши офицерски курс во Скопје."Народен војник",I/2,Скопје,28 декември 1944,4.АМ,ф.Весници од НОВ,к-87,инв.бр.4798.

НОВ и ПОЈ за Македонија[191] во Скопје беше организирана артилериска база бр.8, во која се обавуваше обука на старешинскиот кадар и борците за артилериските единици на 15 македонски ударен корпус[192]. На 10 јануари 1945 година, оваа база е преименувана во наствен центар бр.6, а по завршувањето на обуката на артилериските единици на 15 македонски корпус, овој центар е расформиран[193]. На 1 март 1945 година, е формиран дополнителниот артилериски дивизион од 3 мешовити батерии[194].Во овој дивизион се се обучуваадел од борците за пополнување на артилериските бригади на 41, 49 и 50 македонска дивизија, како и противколските чети на единиците на овие дивизии. На 15 јануари 1945 година, според наредбата на Генерлштабот на НОВЈ, ст.пов.бр.106 и 114/44,[195] беа формирани 1,2 и 3 дополнителен баталјон стационирани во Куманово, Битола и Штип, при командите на Воените области, со цел обука на новомобилизираните контингенти на борци кои додега не служеле војска. Овие баталјони беа формирани од 3 стрелечки, 1 митралеска и 1 минофрлачка чета.

На 26 февруари 1945 година, во Наставниот центар бр.6 во Скопје на ГШ на НОВ и ПОМ, беа формирани 13 школски

[191] Преглед на наставни центри курсеви и допунски баталјони во Македонија според наредбата на ГШЈ,50/45 од 24 април 1945 година.АВИИ,к-238,рег.бр.1/225.

[192] Наредба на ГШ НОВЈ за Македонија.Артилериско одделение,бр.92 од 13 март 1945, до наставниот центар бр.6.АВИИ,к-238,рег.бр.3-1/5.

[193] Истото.

[194] Истото.

[195] Шестомесечен извештај на ГШ ЈА за Македонија.АВИИ,к-236,рег.бр.1-27/2.

батерии за артилериска обука со советеските артилериски орудија, но веќе на 12 март истата година, поради недостиг на потребниот раководен кадар, овој центар е расформиран, а слушателите во три групи од по 25о луѓе се испратени во наставните центри во Ваљево, Крагуевац и Ниш. Оваа артилериска база, беше формирана на 1 декември 1944 година со основна задача, обука на старешинскиот кадар и војниците за потребите на артилериските бригади на 15 македонски ударен корпус, кој требаше да биде испратен на Сремскииот фронт.

Почетоците на создавањето на артилериските единици во Македонија, датираат со создавањето на Артилериското одделение при ГШ на НОВ и ПОМ од месец октомври 1944 година. По ослободувањето на градот Прилеп, започна интензивно собирање и опремување со воениот плен , на артилериските единици на НОВ и ПОМ. Во почетокот на месец ноември 1944 година, оваа Артилериско одделение при ГШ на НОВ и ПОМ, интензивно работеше на формирањето на артилериската база Бр.8 при ГШ на НОВ и ПОМ во градот Скопје, а согласно наредбата на Врховниот штаб на НОВЈ,ст.пов.бр.35.[196] Според тоа ова одделение поради обемот на работата пристапи кон формирање на три отсека и тоа: 1.организациски, 2.наставен и 3.материјален, кои имаа за цел организација на наставата, средување на организацијата и материјалното обезбедување на артилериските единици на НОВ и ПОЈ за Македонија. На 10 декември 1944 година, во оваа база беа прибрани артилериските единици од 50 македонска дивизија која

[196] АВИИ,к-238,рег.бр.3-1/5

беше формирана на 8 октомври 1944 година со околу 350 борци и артилериските единици од составот на 49 и 48 македонска дивизија, формирани уште на 15 ноември 1944 година во градот Битола со околу 720 борци. Тука беа собрани и сите останати артилериски одделенија и единици заради обука и влегување во состав на 15 македонски ударен корпус. Во оваа артилетриска база, која на 10 јануари 1945 година е преименувана во Наставен центар Бр.6, беа формирани прва артилериска бригада со 3 дивизиона, 1 противтенковски, 1 полски и 1 минофрлачки, исто така и втора артилериска бригада. Откако претходно на 17 февруари 1945 година, беше извршена реорганизација на 1 и 2 артилериска бригада и на 25 февруари истата година, пеш преку Куманово и Врање и потоа со воз стигнаа во Белград и Земун влегувајќи во состав на 15 македонски ударен корпус. Од останатите борци од Наставниот центар Бр.6, на 26 февруари како и од борците од регрутните центри во Скопска,Битолска и Штипска Воена област на број околу 600 војници и од другите единици на артилериски курс од пешадиските бригади околу 600 војници, беа формирани 13 школски батерии за обука со руските артилерски орудија и поедини специјалисти. На 13 март 1945 година со наредбата ст.повБр.92 на ГШ НОВ и ПОЈ за Македонија[197], Наставниот центар Бр.6, престана да делува, а на неговото место беше формиран"Дополнителен артилериски дивизион при ГШ на ЈА за Македонија".Во врска со тоа беа упатени три групи од по 250 војници во наставните центри на Србија и тоа во.Ваљево, Крагуевац и Ниш, а останатите борци влегоа во Дополнителниот

---

[197] ЇИстото.

артилериски дивизион при ГШ ЈА за Македонија.За пополнување на артилериските единици на 15 македонски ударен корпус беа формирани: 1 противтенковска батерија од 167 војници, 1 против тенковска батерија од 155 војници и минофрлачка батерија од 160 војници. Со наредбата на ГШ ЈА за Македонија, бр.131 од 25 март 1945 година во Ханриево е формиран Пиротехнички оддел каде што порано беше одделението на Военотехничкиот завод. При овој оддел на 15 април 1945 година, започна курс за пиротехничари со 60 посетители од разни единици и установи од Македонија. Со наредбата на ГШ ЈА за Македонија , Бр.12 од 16 јануари 1945 година, беа формирани три транзитни станици од трите Воени области во Македонија и тоа транзитна станица Бр.14 во Скопје, Бр.15 во Штип и Бр.16 во Битола. На овие станици им беше ставено во задача прибирање на воениот плен, образување на работилници за поправка на оружјето и муницијата и приеми и испраќање на единиците, дезертерите и демонстрантите за Сремскиот фронт.

Во меѓувреме скоро во сите одделенија при ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, беа организирани посебни стручни курсеви за обука на борците во поедини струки. Така во периодот од 10 февруари до 3 март 1945 година, на падините на Попова Шапка, беше пдржан скијашки курс за 32 посетители во соработка со Планинарското друштво на Македонија.[198]

При автомобилското одделение-Авто бригадата на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, беше организиран курс за возачи, но поради недостаток на погонско гориво, извесен број од

[198] Шестомесечен извештај на ГШ на НОВ и ПОМ...16.

потребните возачи беа упатени на курс во Белград за офицери на Авто бригадата, додека за останатите потреби за оваа намена беа организирани курсеви за млади возачи и авто механичари во Автомобилската бригада. По тој повод ГШ на НОВ и ПОМ, издаде наредба на 20 април 1945 година до штабовите на 41,49 и 50 македонска дивизија, за упатување на борци од својот состав на курс за возачи и механичари за потребите на Автомобилската бригада.[199] Тоа беше втор курс за возачи и механичари за потребите на споменатата Авто бригада.

За потребите на Одделението за врски при ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија беше организиран курс за телефонисти во траење од 45 дена. Курсот го посетуваа 194 слушатели, а за потребите за радиоврските, беше организиран радиотелеграфски курс во траење од четири месеци и истиот го посетуваа 20 слушатели.

За кадровко пополнувањена Економското одделение при ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, беа испратени 19 слушатели на Вишиот интендантски курс во Белград. Во исто време при оваа одделение беа одржани еден 25 дневенен курс од информативно-интендантска струка кој го посетуваа 27 слушатели , а покрај тоа беа организирани и 4 дневни конференции-курсеви по Воените области со целокупниот состав на секоја Воена област и секоја недела се одржуваа конференции со лицата од Економскиот оддел, за појаснување на нејасните работи.[200]

---

199 АВИИ,к-236,рег.бр.14-1/1.

200 Шестомесечен извештај...35.

За потребите на материјалниот отсек при ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија во текот на месец март 1945 година, беа одржани четвородневни курсеви, на кои беа давани потребните упатства за работа на благајничко-контролната служба.

При Санитетското одделение на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, при Обласните болници и при Штабовите на дивизиите, беа организирани курсеви за усовршување на нижото и средно санитетско особје, а за потребите на аптекарството во Македонија од страна на Генералштабот на ЈА, беа доделени извесен број аптекари, а еден дел од студентите по фармација од Македонија беше упатен на курс при Аптекарскиот отсек на Генералштабот на ЈА во Белград.[201]

Покрај организирањето на потребните курсеви по определени струки, според Планот за обука на воените единици на Македонија, започна Зимската обука на 1 јануари 1945 година, која траеше се до 16 април истата година. Оваа обука беше поделена на два дела и тоа:Четна школа и Заедничка Школа. Во рамките на оваа настава се изведуваше обука која траеше од 1 до 21 јануари 1945 година, потоа следуваше обука подесетини од 22 јануари до 5 февруари истата година. Обуката по водови траеше од 5 до 19 февруари.Обуката по чети се изведуваше од 19 февруари до 4 март. Сите овие обуки спаѓаа во првиот дел од програмата за школување на новите старешини. Вториот дел на Заедничката обука, траеше од 6 март до 16 април 1945 година и беше посветена на обука по

[201] Истото.

баталјони, бригади и заедничка обука.[202]

Покрај наведените практично-теоретски активности на единиците на ГШ на НОВ и ПО на Југославија за Македонија и неговите стручни одделенија, егзистираа и некои одделенија кои имаа посебна намена.

Така на пример Инженериското одделение на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, беше организирано во четири баталјони од по три инженериски чети и една бригада. Вкупната силина на баталјонот изнесуваше 459 луѓе. Покрај овој баталјон беа формирани и два пионерски баталјони за потребите на 42 и 48 македонска дивизија од составот на 15 македонски ударен корпус кој се бореше на север на Југославија, во силина од 170 луѓе. Но споменатиот баталјон не ги задоволуваше потребите на Федерална Македонија. Поради тоа дополнително беа формирани пет албански работнички баталјони просечно од по 500 луѓе, четири италијански заробенички баталјони и еден германски заробенички баталјон. Во Скопје беше формиран еден градежен баталјон за поправка на воените градби, а за истата намена по Командите на подрачјата беа формирани градежни чети. Бидејки Инженериското одделение не можеше да управува со толкав број на баталјони, беше извршено ново преформирање во четири инженериски бригади секоја од по еден инженериски и три работнички заробенички баталјони.[203] Овие бригади воглавном вршеа поправки и оспособување на друмскиот и делимично

---

202 Истото.

203 Истото.

на железничкиот сообраќај, додека градежните батаљони и чети ги оспособуваа касарните за нивна намена. Во натамошниот период беше извршено ново преформирање на овие батаљони во 1,2 и 3 инженериска бригада со по три батаљони, додека работничката бригада беше формирана од по еден македонски инженериски батаљон и четири италијански заробенички батаљони. Така организирани, бригадите ги вршеа следните работи: 1 инженериска бригада во чиј состав влегуваше и еден германски заробенички батаљон, доби задача до крајот на месец мај 1945 година да ја поправи пругата Велес-Демир Капија, во месец јуни да ја поправи пругата Скопје-Качаник, 2 инженериска бригада, до крајот на месец мај 1945 година да изврши поправка на сите комуникации на просторот Струмица-Валандово-Гевгелија-Дојран, а потоа да работи на оспособувањена пругата со тесен колосек на правецот Катланово-Зелениково, 3 инженериска бригада до крајот на месец мај 1945 година имаше задача да врши поправка на сите мостови и патишта на правецот Скопје-Куманово-река Пчиња и правецот Бујановац-Куманово-Свети Николе и на делницата на патиштата и мостовите на правецот Куманово-Крива Паланка и Работничката бригада доби задача да изработи нова варијанта на Удовската клисура во должина од 8км на железничката линија Демир Капија-Гевгелија и истата ќе работи на оваа задача се до месец октомври 1945 година.[204]

Посебно значајно беше Одделението за Врски при ГШ на НОВ и ПО на Југославија за Македонија. Отпрво беа фоормирани

---

[204] Истото.

мали единици за врска при ГШ на НОВ и ПОМ и корпусите, подоцна овие единици ќе прераснат во баталјон за врска со послаб состав при ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија. Истовремено за потребите на Битолската воена област беше формиран и таму еден баталјон за врска со послаб состав.Со тек на време се премина на формирање на баталјон за врска од среден состав за поправка на потполно уништените телефионски линии во реонот на градот Скопје. Исто така и при 41,49 и 50 македонска дивизија, беа формирани баталјони и чети за врска. Кон крајот на месец јануари 1944 година, се пристапи кон организирање на Воените пошти и воспоставување на телефонските линии во следните правци:Скопје-Врање 2 линии, Скопје Велес 7, Велес-Штип 3, Штип-Струмица 2, Штип-Кочани 2, Струмица-Удово 2, Удово-Гевгелија 2, Скопје-Качаник 1,Битола-Охрид 2, Битола-Прилеп 4,Кочани-Царево Село 3, Царево Село-Пехчево 2, Пехчево-Берово 2, и Велес-Гевгелија 6 линии.[205] Благодарение на интензивната работа на Одделението за врски, на ГШ НОВ и ПО на Југославија за Македонија, одржуваше врски со:Генералштатабот на ЈА со радио станица три пати дневно, а се работеше на воспоставување на перманентна линија, со телефон преку постојната поштенска линија Скопје-Белград и Скопје-Ниш-Белград, со телефон преку Ниш и со секојдневните поштенски служби и курири по потреба, со 41 македонска дивизија врските се одржуваа со радио станица, телефон и редовна поштенска и курирска служба, со 49 и 50 македонска дивизија исто така. Покрај тоа беа одржувани редовни врски со

[205] Истото.

Скопската, Штипската и Битолската воена област.[206]

На крајот за одбележување е што при ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, беше воспоставено Историско одделение, кое имаше задача да собира и средува историски материјал од НОВ на Македонија, со цел пишување на историјата на НОВ на Македонија, извлекување на сето воено искуство во организациска и воена смисла,искористување на искуството стекнато при обуката на војската, како и собирање на сеќавања на актерите од НОВ на Македонија. Беа превземени мерки постоечкиот пишан материјал, документи, лични дневници, сослушувања, мемоари и друго да се соберат во рамките на оваа оделение.[207] Но во моментот не постоеше искусен кадар за прибирање и средување на материјалот, а ситуацијата уште повеќе беше усложнета со недоволно прецизно водење на докумантацијата од страна на учесниците во настаните, така што прибирањето на архивската граѓа од НОВ на Македонија започна со тешкотија.

Воглавном тоа беа содржините и работата на ГШ на НОВ на Југославија за Македонија до неговото укинување.

На 4 мај 1945 година, со наредба стр.пов.150 на Министерството на одбрана на ДФЈ-Генералштаб на ЈА-Организациско одделение, беше наредено формирање на 5 Југословенска армија во состав: 2 пролетерска дивизија, 22 ударна дивизија, 37 ударна дивизија, 49 македонска дивизија, 50 македонска дивизија, 24

---

[206] Истото.

[207] Истото.

дивизија, 41 македонска дивизија се расформирува и од нејзиниот состав се пополнуваат 49 и 50 македонска дивизија. За командант на 5 ЈА беше назначен генерал-мајор Славко Родиќ, политички комесар полковник Војо Ковачевиќ, началник на штабот генерал-мајор Павле Илиќ, зам.командант полковник Алексо Демниевски-Бауман.[208] Со оваа наредба ГШ ЈА за Македонија и ГШ на ЈА за Србија беа укинати и наместо нив се формирани командно-воени територијални области, додека кадровите од овие штабови беа предвидени за пополнување на Штабот на 5 ЈА и останатите армиски единици.[209] Силите на 5 ЈА беа распоредени на целата територија на Македонија, Јужна Србија и Косово и Метохија и имаа задача во случај на агресија на Југославија да го бранат правецот Гевгелија-Штип-Куманово додека не им пристигне помош од силите на 6 ЈА. На Скопскиот правец Штабот на 5 ЈА ги распореди 5 и 6 албанска дивизија од составот на НОВ на Албанија кои сеуште беа во Југославија и тоа 6 дивизија во реон Ресен-Охрид-Струга, а 5 дивизија во реон Тетово-Гостивар-Кичево.[210]

Се до укинувањето на ГШ на ЈА за Македонија, на

---

208 Наредба ст.пов.бр.150 на Министерството за одбрана на ДФЈ, за формирање на 5 Југословенска армија и укинување на Главниот штаб на НОВ и ПО на Југославија за Македонија, од 4 мај 1945 година. АВИИ, к-25А, рег.бр.37/2 Ф.2/1.

209 Во состав на 5 ЈА влегоа: 2 пролетерска, 22 српска, 37 санџачка, 24 српска, и 49 и 50 македонска дивизија. Армијата броеше околу 50.000 борци и старешини и не учествуваше во борбите на фронтот. Таа имаше задача, заштита на државните граници и обезбедување на слободната територија и да води борба против заостанатите колаборационистички остатоци на балистите и четниците во Македонија, Јужна Србија и Косово и Метохија. Седиште на штабот на 5 ЈА беше во Скопје.Истото.

210 АВИИ, к.1411, рег.бр.39/4.

територијата на Македонија се наоѓаа советска, англиска и американска воена мисија со кои ГШ на ЈА за Македонија соработуваше и се договараше по прашањата сврзани со сојузничката помош и друго и за сето ова го известуваше Генералштабот на ЈА.[211] ГШ ЈА за Македонија,во периодот од ослободувањето на Македонија до крајот на војната извршуваше многу сложени и одговорни задачи во уцврстувањето на единиците на НОВ на Македонија, обезбедувањето на границите, чистење на територијата на Македонија и дел на Косово и Метохија од остатоците на колаборационистичките елементи, обезбедување ред и мир и безбедна работа на органите на новата народна власт.

Должни сме меѓутоа да напоменеме дека еден од главните заговорници за единствена југословенска армија беше генерал-лајтнатот Михаило Апостолски.[212]

---

[211] АВИИ, к.-35, рег.бр.1-41/1. На 8 мај 1945 година Американската мисија во состав: Мајор Дикинскин, наредникот Џим Хајне, и наредникот Стив Сиљанов, по наредба на нивната Команда преку Белград заминаа за Бари. АВИИ, к.238, рег.бр.9-61/3. Англиската мисија тогаш ја сочинуваа: Капетанот Џасти Хил, и наредникот Џефри. АВИИ, к-238, рег.бр.9-543.

[212]„Територијалната поделба по федерални единици можеби политички и моментно изгледа подобра, но би била штетата на единствената армија и на штета на сигурносната организација на територијата. Единството на армијата и сигурноста на територијата се доволни аргументи да се отфрли принципот на територијална поделба пофедеративни единици, а сметам дека степенот на развојот на борбата е таков да може секој правилно да ги разбере причините за отфрлање на територијалната поделба по федеративни единици". Оваа изјава генралот Михаило Апостолски ја изнесе како раководител на групата стручњаци која работеше по наредба на маршалот Јосип Броз Тито во периодот од февруари до 27 април 1945 година. Групата изработи студија за преминување на ЈА на мирно временски распоред.Со групата раководеа:Помошникот на началникот на Генералштабот на ЈА генералот Михаило Апостолски, Началникот на Органозацискотo одделение генерал-мајорот Богдан Орешчанин и помошникот началник на Мобилизацискотоодделение потполковникот Вјекослав Колба. АВИИ,к-25,рег. бр.13/3

Ваквата идеја, отсекогаш беше водилка и на маршалот на Генералштабот на ЈА, Јосип Броз Тито, кој никогаш не мислеше да ја дели ЈА по републики и покраини, поради тоа Тито, нареди да се забрза процесот на мирнодобската организација на ЈА до 31 мај 1945 година. Врз основа на оваа наредба дефинитивно беа укинати Главните штабови по Федеративните Републики, кои уште од порано веќе беа престанале да функционираат. Укинати беа и самостојните воени области, корпусните воени области и командите на подрачјата, градовите и местата. Новата организација на ЈА стапи на сила на 1 август 1945 година.[213]

## 2.Мобилизација на нови борци за потребите на НОВ на Македонија

Мобилизацискиот отсек при ГШ на НОВ и ПОМ, беше формиран во почетокот на месец ноември 1944 година.При неговото формирање, за надлежен мобилизациски офицер беше назначен мајорот Владимир Амповски, а на 6 ноември 1944 година, за шеф на овој отсек е назначен потполковникот Стојан Марковски.Формирањето на овој отсек, беше извршено по доаѓањето на ГШ на НОВ и ПОМ во ослободениот Прилеп на 1 ноември 1944 година. Од формирањето на отсекот во Прилеп па се до неговото доаѓање заедно со ГШ на НОВ и ПОМ во Скопје, истиот не пројави некоја посебна активност на

[213] Наредба на Врховниот командант на ЈА од 4 мај 1945 година, за формирање на 5 армија на ЈА.АВИИ.к-25А,ф-2,док.37.

полето на организирањето и мобилизацијата на новите борци за потребите на единиците на НОВ и ПОМ, нивно евидентирање и распоредување. Наредбата за организирана мобилизација на новите борци, беше издадена од страна на Врховниот командант на НОВЈ до ГШ на НОВ и ПОМ, уште на 7 ноември 1944 година, и со која се бараше мобилизација на нови борци од 18 до 30 годишна возраст.[214] Меѓутоа оваа наредба од страна на ГШ на НОВ и ПОМ, можеше да биде спроведена дури по неговото префрлање во ослободеното Скопје, каде што веќе Командата на Скопското воено подрачје, упати апел до граѓаните и граѓанките на град Скопје за општа мобилизација на младинците и младинките од 18-30 годишна возраст.[215] На 8 декември 1944 година, ГШ на НОВ и ПОМ ја издаде својата прва наредба бр.34, за мобилизација на новите борци по редовен пат. Имено дотогашната мобилизација,се одвиваше претежно врз основа на доброволна основа, но со објавата на оваа наредба, доброволниот начин на прилив на новите борци во единиците на НОВ и ПОЈ за Македонија не се укинува, туку напротив се потикнува.[216] Со оваа наредба беа опфатени сите способни мажи од 18 до 30 годишна возраст, почнувајки со лицата родени на 1 јануари 1945 година, завршно со лицата родени на 31 декември 1925 година. За потребите на Народната милиција, беше предвидена мобилизација на постарите

[214] Наредба од 7 ноември 1944 година на Врховниот командант до ГШ на НОВ и ПОМ за мобилизација на сите борци од 18 до 30 годишна возраст. АВИИ,к-653,рег.бр.3-2/3.

[215] Командата на скопското подрачје до граѓаните и граѓанките во град Скопје.НМ,I/3,Скопје, 12 ноември 1944,2.

[216] Наредба бр.34 од 8 декември 1944 година на ГШ на НОВ и ПОМ за мобилизација на новите борци. НМ,I/4, Скопје,13 декември 1944 година,3.

годишта. За неспособните, беше предвиден посебен лекарски преглед. До објавувањето на оваа наредба мобилизирањето на обврзниците беше вршено по иницијативата на Штабовите на одредите, баталјоните и бригадите, а по формирањето на дивизиите и корпусите по наредба на истите според директивите добиени од ГШ на НОВ и ПОМ.Меѓутоа периодот до 9 септември 1944 година, воглавном беше исполнет со доброволно мобилизирање и влегување на нови борци, а по овој период до објавата на наредбата на ГШ на НОВ и ПОМ бр. 34 на 8 декември 1944 година, мобилизацијата ја вршеа со доброволци и со мобилизирање на обврзниците односно од страна на оперативните единици. Со објавувањето на оваа наредба, се пристапи кон организирана мобилизација на обврзниците, а извршувањето на мобилизацијата беше поверено на Командите на места и подрачја. Од тогаш започнува устројувањето на првата евиденција на мобилизираните борци и средства за комората по Командите на места и подрачја, а со формирањето на Командата на Воените области и командата на град Скопје[217] , беше устроена ваква евиденција и кај нив. Се до 10 март 1945 година, Мобилизацискиот отсек при ГШ на НОВ и ПОМ, остана во првобитната формација со истиот состав. До тоа време во овој отсек се решаваа само молбите за ослободување од служење на воениот рок по основ на наредбата бр.34 на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија. Поради тоа на 10 март 1945 година е извршена реорганизација на овој отсек со назначување на новиот команден соста:Шеф на отсекот Ангеловски

217 Шестомесечен извештај на ГШ ЈА за Македонија...рег.бр.1-7/7.

Нача "Рочко", и мобилизациски офицер Тома Јосифовски[218]. Проблемот на мобилизацијата беше иницирал од страна на Врховниот штаб на НОВЈ уште на 18 ноември 1944 година, кога беше испратена директивата до ГШ на НОВ и ПОЈза Македонија, со која се налагаше учество на македонските единици во ослободувањето на дел од територијата на Косово и Метохија.[219] Во оваа директива покрај другото, под точка 4, се налагаше мобилизација на сите годишта од навршени 17 па се до 30 години, при што наредба беше да се пополнат првенствено оперативните единици, а со останатиот дел на новомобилизираните борци да се формираат дополнителни баталјони за обука во одделни места заради поминување на борците низ кратка обука.[220] Веќе на 25 декември 1944 година, Врховниот командант на НОВЈ издаде нова наредба на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија[221], за формирање на една дополнителна бригада во состав од пет баталјони со седиште во Скопје, која ќе служи за пополнување на потребите на оперативните единици на НОВ и ПОЈ за Македонија.[222] На 30 декември 1944 година оваа наредба е дополнета со нова наредба со која прецизно се бара до 15 јануари 1945 година, да се изврши

---

[218] Истото, рег.бр.1-19/7.

[219] Директива до ГШ на НОВ и ПОМ од Врховниот командант на НОВЈ од 18 ноември 1944 година. АВИИ, к-26, рег.бр.9-312.

[220] Истото.

[221] Наредба на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ од 25 декември 1944 година, за формирање дополнителни бригади и баталјони при ГШ НОВ и ПОЈ за Србија, Воената управа во Војводина, ГШ НОВЈ за Македонија и 5 корпус на НОВ и ПОЈ. АВИИ, к-15, ф.1, док.22.

[222] Наредба на Врховниот командант до ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија од 25 декември 1944 година. АВИИ, к-15, рег.бр.44-2/1.

процесот на формирањето на дополнителните единици.[223]

Меѓутоа мобилизирањето не секогаш беспрекорно се одвиваше. Имаше случаи кога поедини лица заради избегнувањето на мобилизацијата се саморанувaa и повредувaa, па поради оваа појава бидејќи истата станувaшe се помасовна на целата територија на ослободениот дел на Југославија, Врховниот командант на НОВЈ, издаде посебна наредба до сите Главни штабови за спречување на ваквата појава.[224] Се сметаше дека саморанувањето е еднакво на дезертерството кое исто така беше доста честа појава.

Дополнителните единици и регрутни центри како и останатите военозадински органи на ослободените територии, одиграа значајна улога во мобилизацијата на сите расположиви човечки потенцијали, обука на новомобилизираните борци и дополнување на оперативните единици во натамошниот период при нивна загуба на фронтот во Срем. Веќе на 1 февруари 1945 година, Врховниот командант на НОВЈ, нареди мобилизација на целокупната ослободена територија да ја вршат само Командите на воените

[223] ВШ на НОВ и ПОЈ, дополнение на наредбата за формирање дополнителни бригади на слободните територии во Србија, Војводина, Македонија и територијата на Босна и Херцеговина(5 корпус) од 30 декември 1944 година.АВИИ,к-111,ф.2,док.31. Според одредени непотполни податоци, во текот на 1944 година, под непосредна команда на ГШ НОВЈ за Македопнија, без военозаднинските органи и други служби, имаше 45000 војници и старешини. Во текот на 1945 година под непосредна команда на 5 JA имаше по завршетокот на војната 75000 војници и старешини, а под нејзина команда беа и 33000 луѓе во позадината и позадинските установи.Antun Miletić, Prilog proučavanju istorije jugoslovenske armije kroz izabrana dokumenta maršala Jugoslavije Josipa Broza Tita u svojstvu ministra narodne odbrane i Vrhovnog komandanta 1945-1956 godine.VIG,XXXVIII/1,VII,Beograd,1987,322.

[224] Истото.

подрачја преку надлежните мобилизациски органи по пат на комисиски лекарски преглед. На 14 март 1945 година, Претседателот на Министерскиот совет и министер на народната одбрана на ДФЈ, маршалот Тито, го потпиша Привремениот правилник за оценка на способноста за воена служба. Во статијата "Сите на фронт-се за фронт", објавена во весникот "Млад борец" од 12 декември 1944 година, покрај другото за ова се вели:" Народната власт во Македонија, како власт која работи само за интерес на народот, превзела мерки да македонскијот народ стекни се она што сака. За това насекаде се врши мобилизација да и македонскијот народ дајвојни единици за борба против заедничкијо непријател на сите, па утре и тој да решава заедно со сите. Кој денеска оди против мобилизацијата оди и против народните интереси, оти у колку македонскијо народ дај појќе за борбата у толку ќе спечали појќе."[225]

[225] "Сите на фронт-Се за фронт".МБ,I/4,Скопје, 12 декември 1944,1.

## 3.Обезбедување на слободна Македонија

Проблемот на народната одбрана, обезбедувањето на редот и мирот на ослободениот простор, како и обезбедувањето на границите на Федерална Македонија,односно Демократска Федеративна Југославија(ДФЈ) се поставуваше со сета своја тежина во ова време.Поради тоа итно се налагаше формирање на посебна оперативна единица во рамките на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, која исклучиво ќе се бави со споменатите проблеми.

За таа цел првите малубројни делови при оперативните единици, кои се бавеа со народната одбрана,во текот на месец декември 1944 година, беа издвоени од оперативните единици и влегоа во состав на новоформираната Бригада на Народната одбрана[226].Седиште на штабот на оваа бригада беше во Скопје, а нејзините делови беа распоредени на целата територија на Федерална Македонија и нејзините граници. Меѓутоа формацијата на бригадата не беше доволна за овие потреби, затоа веќе кон средината на месец декември 1944 година, истата е преформирана и

[226] Б.Чадиковски,Некои моменти од создавањето и развитокот на службата за безбедност во Македонија во ослободителната војна и револуцијата.Историја,X/2,Скопје,1974,219.Pukovnik Sekula Joksimović,Formiranje i delatnostr Korpusa narodne odbrane Jugoslavije.Za pobedu i slobodu,Armije u strategiskoj koncepciji...361.

реорганизирана како Македонска дивизија на народната одбрана.[227] Во составот на оваа дивизија влегоа покрај постојаните единици на одбраната и 3,10 и 13 македонска бригада. На тој начин беа организирани три бригади со по четири батаљони. Вака организираната дивизија, влезе во формациски состав на Корпусот на народната одбрана на Југославија(КНОЈ) кој имаше седиште во Белград, и доби име 8 дивизија на КНОЈ.[228] И покрај тоа што оваа дивизија, работеше според упатствата на Штабот на КНОЈ од Белград, истата тесно соработуваше и беше поврзана со Одделението за заштита на народот (ОЗНА) на Македонија и со ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија односно ГШ ЈА за Македонија, а подоцна со Командата на 5 армија на Југославија која делуваше на просторот на Македонија и имаше седиште во Скопје. Конечното комплетирање на 8 македонска дивизија на КНОЈ, е извршено во почетокот на месец април 1945 година, кога од страна на Штабот на Корпусот на КНОЈ, беше упатена една бригада со борци од составот на Белградската и Војводинската дивизија на народната одбрана. (Види прилог бр.7 и 8).

Оваа бригада како 4 бригада од составот на 8 македонска дивизија на КНОЈ беше упатена на секторот на јужната граница на Македонија односно Југославија со седиште на својот штаб во Битола.Вака комбинирана бригадата, имаше за задача да ја

[227] Rade Gogov,Aktivnost 8 (Makedonske) divizije KNOJ-a na obezbegjenju oslobogjene teritorije Makedonije.Za pobedu i slobodu,Armije u strelegiskoj koncepciji...612.

[228] General pukovnik, Vicko Antić, Dejstva Korpusa narodne odbrane Jugoslavije na razbijanju kontrarevolucionarnih snaga u poslednjoj godini rata.Vojno Delo,XXXVII/4,VIIZ,Beograd,1985,164.

затвори потполно границата на Македонија односно Југославија со Грција на овој сектор.Со тоа 8 македонска дивизија од составот на КНОЈ,го достигна бројот од 4 бригади.Седиштето на нивните штабови беше во следните места :Скопје,Штип,Битола и Кичево.

Покрај ова на 13 февруари 1945 година, со наредба на Врховниот командант на НОВЈ, сите партизански одреди кои досега делуваа на ослободената територија, како воени формации, влегуваа во составот на единиците на Корпусот на народната одбрана, а кадарот и борците од овие одреди со целокупната нивна опрема се ставаат на располагање на штабовите на Корпусот на народната одбрана.[229] Во наредниот период овие единици на КНОЈ беа ангажирани во контролата и обезбедувањето на сигурноста и мирот на целиот простор на Федерална Македонија, откривање и фаќање на заостанатите групи на соработниците на окупаторот, остатоците од балистичките и четнички формации, обезбедување на важни установи, затвори, сообраќајните јазли и комуникации, спроведување на затворениците и осудените, како и мошне важната задача на обезбедување на границите. Со сите овие свои дејности, оваа дивизија ма КНОЈ, придонесе во припремите на Федерална Македонија за испраќање на своите единици на Сремскиот фронт, правејки од Македонија стабилно подрачје на јужниуот дел од Југословенскиот простор.

**4. Појави кои отстапуваат од декларираната политика на**

[229] Наредба на Врховниот командант на НОВЈ од 13 февруари 1945 година.АВИИ,к-238,рег.бр.6-3/3.

## Воено-политичкото раководство на Македонија

Оваа тема досега недоволно беше проучувана во македонската историографија од повеќе причини. Историчарите намерно или не неа ја заобиколуваа поради недостаток на оригинална архивска документација. Дури и во оваа прилика не сме во можност во целина и сосема да задреме во оваа прашање, од проста причина што не ја имаме целокупната потребна документација за реконструкција на овој проблем. Од досегашните мои истражувања во архивот на Македонија, Военоисторискиот архив во Белград и другите институции како и од искажувањата на живите учесници на овие настани ќе се обидеме ова прашање да го иницираме и делумно презентираме во овој наш труд.

Проблемот на демонстрациите на воените единици и на дезертирањето во помасовен облик, датира со појавата на идејата и припремите на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија за испраќање на македонски единици на Сремскиот фронт. Демонстрациите за неодење на Сремскиот фронт, се јавија кај артилериските бригади на НОВ и ПОЈ за Македонија, стационирани при артилериската база бр.8 на Скопското кале во Скопје. Исто така слични демонстрации во исто време беа одржани и во градот Штип при 20 македонска бригада.

Паролата:"Сакаме на Солун", не беше нова и беше присутна меѓу единиците на НОВ и ПОМ, особено во источниот дел на Македонија во деновите на првата етапа од завршните операции за ослободување на Југославија односно Македонија .Макар да оваа

парола живееше во срцата на сите македонци и сите борци на НОВЈ за Македонија истата не заживеа во практична смисла на зборот од повеќе причини.Во ова време неа ја исфрлаа претежно воени лица кои претходно беа служеле во бугарската војска во текот на војната, а позадината на оваа парола беше повеќекратна. Имено повеќето од луѓето кои подоцна ја прифатија оваа парола, не сакаа воопшто да заминат на Сремскиот фронт, а ниту пак мислеа практично да ја спроведат помислата за борбено настапување кон Солун.

Овој проблем уште повеќе се заостри, кога во артилериските единици, стационирани на Скопското Кале, дојдоа група командири подготвени на брзина од артрилериските водови во Белград. Тогашниот начелник на артилеријата на Врховниот штаб на НОВЈ, Бранко Обрадовиќ, без поголема проверка и подготовки на овие командири истите ги испраќа за Скопје. Со тоа веднаш се создаде незадоволство кај македонците артилерци, бидејки неможеа да се помират со реалноста, српски и црногорски команден кадар да ги комадува.[230]

Демонстрациите во Скопје, започнаа и завршија дента на 7 јануари 1945 година на православниот христијанскиот празник Божиќ, во време кога во Скопје се одржуваше Вториот конгрес на НОМСМ.Намера на демонстрантите покрај другото беше и нивно обраќање до делегатите на овој Конгрес и според некои искажувања да ги апсат Славко Комар и Михајло Швабиќ делегати на

[230] Михаило Апостолски:Побунетите војници ме послушаа и се вратија во касарната.Автентични сведочења што се случуваше на Скопското Кале и во Штипската касарна во јануари 1945 година.(8).НМ,XI//15838,Скопје,25 март 1991,5.

овој Конгрес.[231]

Организатор и водач на демонстрантите беше Александар Минчев командант на Првиот артилериски дивизион и Лазар Никодимовски комесар на Првиот артилериски дивизион. Вториот артилериски дивизион со својот командант Илија Поповски и комесарот Блажо Стефановски, не се приклучи во демонстрациите на Првиот артилериски дивизион.Тој остана во касарните на Калето[232].

---

[231] За историската вистина,По повод книгата:"Една мал а дост во виорот на Војната" од Васка Дуганова. СЗБ од НОВ- Општински одбор-Гевгелија,Гевгелија,1989,378. Во неа покрај другото за ова се вели:"...За Вториот Конгрес на младината има и други искажувања. Не е точна интерпретацијата на Фана Кочовска, дека војниците од побунетата бригада дошле да говорат на Конгресот, е не да ги апсат Михајло Швабиќ и Славко Комар. Не точно ни тоа дека е одржан митинг во кругот на касарната. Едно е сосем точно:Од кога пристигнаа побунетите војници на плоштадот, сите заинтересирани фактори беа ангажирани, војската по најкус пат да биде вратена во касарната. За случај на поинаков начин на настаните беа превземени и други мерки Беа поставени митралези на Народната банка, НАМА и на "Ристиќевата палата". Тоа може да го потврди и Јанко Тодоровски, а за целиот настан мора да постојат документи во архивот на Главниот штаб."

[232] Тогашниот командант на овие артилериски единици Иван Штериев за ова се сеќава:"Дента кога се случи бунтот бев дома чекав да дојде берберот. Дојде еден војник и ми кажа:"Команданте се побуни бригадата, не сакаат да одат на Срем, сакаат за Солун." Отидов неизбричен. Гледам таму Владо Стругар и Петко Лековиќ ги убедуваат да не демонстрираат. Војниците бараа од нив да зборуваат на македонски јазик, дека на српски не ги разбираат. Штом пристигнав почнав да ги разубедувам. Викаа сакаме да разговараме со Апостолски и сакаме да одиме кај него. Ги убедив да не го прават тоа, дека нема потреба за тоа и дека Апостолски ќе го викнеме по телефон да дојде и тука да ни одговори на нашите прашања. Отидов на телефон и го побарав Апостолски за да му ја објаснам ситуацијата и го замолив да дојде што побргу. Ми рече дека тргнува веднаш...Повеќемина беа од мојот крај Штип. И така тргнаа кон плоштадот, а Минчев беше со нив во стројот. Мислам дека долу слегоа меѓу 500 и 600 војници и офицери. Јас со нив не сакав да одам , одев по колоната. И токму на камениот мост го сретнав Апостолски. Ми вели:"Што не ги задржа","Не можев" му велам. Ми нареди да гио одведам до Железничката станица, а од таму со параден марш да ги вратам во касарната. И така направив, продефилиравме кај Офицерскиот дом. Тогаш војниците и офицерите на чело на колоната почнаа да викаат:"Не одете во касарната ќе

Командантот на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, генерллајтнатот Михаило Апостолски, има свое видување на овој настан.[233]

За да се спречат евентуалните вооружени инциденти, со демонстрантите, веднаш од страна на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија беше организирано обезбедување на центарот на градот.[234] Во меѓувреме припадниците на ОЗНА и КНОЈ веќе ја имаа опколено касарната на Калето, по што започна детално испитување на целиот случај.

За овај настан и Светозар Вукмановиќ Темпо

---

ве излажат". Подоцна заедно со војниците отидовме во касарната. Во меѓувреме ОЗНА и КНОЈ ја имаа опколено касарната. Таму не слушнав никакво пукање." Иван Штериев: Немаше стрелање, туку судење.Автентични...НМ,24 март 1991,5.

[233] "...Меѓутоа јас кога чув за тоа наредив да излезат бригадите тука и ги построивме на плоштадот. Сакав да ги построиме, зошто постројувањето претставува воспоставување на дисциплината. Тука јас примив рапорт. Одржав еден краток говор и наредив да тргнат. Еден полк тргна, а четата на едн полк застана. Застанаа кај мостот, јас како да се сеќавам, и еден со пушкомитралез се сврте кон бината. Тогаш јас со мојата газа, како јас ги викав неколкуте курири, дотрчав до него и мурековː"Пукај ако смееш". На него му падна митралезот од раката. Им рековː"Штом ме баравте мене еве ме".Потоа отидовме горе во касарната. Таму по неколку кратки говори што беа одржани и од политичкото раководство, релативно брзо се открија организаторите. Организаторите на тие непријатни работи ги отстранивме, двата артилериски полка отидоа на Сремски фронт". Михаило Апостолски:Побунетите војници...Истото...5.

[234] "Методија Поповски Мајка, кој инаку беше командант на дивизијата, тој ден даде тревога, информирајки не дека артилериската бригада на Кале се побунила и дека бара наместо на Сремскиот фронт да се оди на Солун", вели во своето искажување Крсте Митровски Господ."Веднаш беше дадена наредба да го земеме оружјето и да ги запоседнеме денешната улица Маршал Тито и улицата што се вкрстува со неа и продолжува кон Собранието. Откако се распоредивме на двете улици пристигна бригадата од кај Калето извикувајки:"Не сакаме на Берлин, Сакаме на Солун".Со нив носеа и пароли со иста содржина. Отидоа до денешната стара железничка станица, а од тука се вратија со параден марш и со музика. Апостолски им зборуваше на плоштадот, а потоа се вратија назад. Што се случи горе на Калето не знам". Истото.

известува во своите мемоари.[235]

Веднаш по овој настан Главниот Штаб на НОВ и ПОЈ за Македонија ја издаде наредбата ст.пов.бр.17 од 8 јануари 1945 година, со која се наредуваше, моментално разоружување на единиците на артилериската бригада, сем на 2 артилериски дивизион кој што не учествуваше во демонстрациите и истиот со оваа наредба за тоа беше пофален.[236] Целокупното раководство на Бригадата беше

---

[235] "...Во Скопје се побуниле, некои воени единици одбиле да појдат на Сремскиот фронт, се одржале помали демонстрации и паролите "Не сакаме на Берлин, сакаме на Солун". Веднаш тргнав за Скопје...Ми беше криво што такво нешто се случува во Македонија...Додека размислував за тоа чекајки да се построи баталјонот пред чиј строј сакав да зборувам стигна веста за нова побуна во Штип. Од градскиот комитет јавија дека и во други делови на бригадите одбиле да тргнат кон Сремскиот фронт, дека се појавиле истите пароли како и во Скопје, дека побуната не се ограничила само на касарната, туку дека војската го завзела градот и ја превзела власта во свои раце. Сватив дека морам веднаш да реагирам...Наидов на жална слика, борците одеа распојасани, дисциплината не се чувствуваше...За време на мојот говор владееше мачна тишина...Одржав краток состанок со Штабот на бригадата. критикувајки ги неговите членови што ја испуштиле ситуацијата од свои раце. Им наредив со остри мерки да воведат дисциплина, тргнав за Скопје. Свратив во Главниот штаб и предложив "бунтовниците"единици да се расформираат, а борците да се распоредат по другите единици и да се пратат на Сремскиот фронт." Svetozar Vukmanović Tempo,Revolucija koja teče.Memoari,knj.2,"Komunist",Beograd,1971,220.

[236] По повод демонстрациите ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија ја издаде следната наредба ст.пов.бр.17 од 8 јануари 1945 година:" Во врска со демонстрацијата станала на 7 јануари 1945 година, на ден на Втори Конгрес на Антифашиската младина на Македонија, а со цел да се пресечат до корен сите вакви и слични опити на народните непријатели, да го рушат братството и единството на нашите југословенски народи и да е накрнавена дисциплината на нашата народна војска НАРЕДУВАМЕ:1.Веднага да се разоружат сите единици на артилериската бригада, се 2 Дивизион, кој нее зел участие во Демостарцијата,2.Сите раководства на бригадата се стават под истрага, раководителите за кои се утврди во течението на истрагата дека са криви, ќе бидат дадени под Војни уд, 3.Сите учесници во демонстрацијата се накажуваат дисциплинарно со по шест дена затвор, кои ќе почнат да го издржуваат во казармата от 10 овој месец и 4. Се похвалува 2 дивизион на спомenатата бригада, кој не се подал на непријателските опити и останал на

ставено под истрага а директните организатори беа дадени на Воен Суд. Сите учесници во демонстарцијата беа казнети со затвор од по десет дена со издржување на казната во касарната на Калето со почеток од 10 јануари 1945 година.[237]

Сите учесници во демонстрацијата беа разоружани, но не и 2 дивизион. Десетина дена по разоружувањето, сите демонстрантипо двајца или троица беаиспратени по другите единици надвор од Артилериската бригада. Во Бригадата остана само 2 дивизион од кој што подоцна заедно со луѓето кои подоцна беа приклучени беше извршено преформирање на двете артилериски бригади за потребите на 42 и 48 македонска бригада од составот на 15 македонски ударен корпус кој се наоѓаше на Сремскиот фронт.Командирот на Бригадата, Иван Штериев и останатите околу 30 до 40 души на чело со Александар Минчев, беа затворени и сослушувани. По 13 дневното испитување, Иван Штериев е пуштен на слобода и прекомандуван подоцна во Приштина, додека за останатите учесници беше организирано судење на 30 јануари 1945 година.Претседател на Воениот суд беше Гојчо Стефковски(Стево Патка) од Куманово, јавен обвинител беше Александар Христов(Цанко) а бранител Димитар Митрев. Во тоа време Претседател на Воениот суд при ГШ на НОВ и ПОМ беше полковникот Тодор Звезданов. Судскиот совет беше во состав:Тодор Звездин,полковник,Панче Неделковски мајор, Кирил Крстевски, Гојко

---

своето место".АВИИ,к-240,рег.бр.1-37/4.

[237] Истото.

Стефковски и Алексо Гаврилски.[238]

Споменатото судење покрај другото беше и резултат на телеграмата од 9 јануари 1945 година, што ја испрати Врховниот командант на НОВЈ по демонстрациите, упатена до ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, во која се наредуваше:"Вчерашните демонстрации на Младинскиот конгрес не смееја ни во кој случај да се десат. Не бевте доволно будни. Веднаш превземете енергична истрага. Сите учесници во ова дело, особено инспираторите и организаторите веднаш поапсете ги, сместете ги во строг затвор и ставе те ги под Воен суд. Истрагата да ја води тој Штаб, систематски и строго дискретно, под своја лична одговорност."[239]

Се смета дека пред Воениот суд, се нашле околу 40 души, од кои дваесетина се осудени на временска казна, а само 9 беа осудени на казна со смрт, а останатите на повеќе годишна

---

[238] Според наредбата ст.пов.бр.43 од 8 декември 1944 година на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, во Скопскиот гарнизон, функционираа следните воени судови:1.Виш воен суд на НОВЈ-Совет при ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија и 2.Воен суд на Скопската воена област-Совет при Скопското воено подрачје,3.Во останатите градови функционираат месни воени судови.НМ,I/12, Скопје,11 декември 1944,4.Овие судови беа надлежни за истражување и судење на сите воени злосторници, на сите окривени лица и на оние граѓански лица кои се во било каква служБен однос со војската или пак лица кои имаат направено кривично дело против припадниците на војската или пак во воените пребивалишта и работат против воените претпријатија, установи или предмети, како и затворениците на воените затвори. Како воено злосторство се сметаше секое дејство кое е управено против борбата која е водена и која се уште се води за ослободувањето и новото уредување на Македонија и целата Југославија, како и против придобивките на таа борба. Цанко Т.Христов, Војните судови во Демократска Федеративна Југославија.Карактер и значение.НМ,I/18,Скопје,17 декември 1944,2.

[239] Телеграма на Врховниот командант на НОВЈ од 9 јануари 1945 година до ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, по повод демонстрациите од 7 јануари 1945 година во артилериските единици на НОВ и ПОМ во Скопје.АВИИ,к-236,рег.бр.6-2/3.

робија. Но согласно наредбата на Врховниот командант на НОВЈ, од 12 јануари 1945 година[240], сите осудени на смрт се помилувани. Подоцна е одржано и второ судење кое траеше се на се половина час, на кое биле потврдени првобитните пресуди. Се на се осудените на смрт останале во затвор 18 месеци, а некои биле пуштени и по половина година на слобода.

Веќе на 23 јануари 1945 година ГШ на НОВ и ПОЈ за

---

[240] Според оваа наредба, покрај другото беше регулирано и прашањето на смртната казна и тоа на следниот начин:"...лица што се осудени на смртна казна, како што се раководителите , организаторите и интелектуланите иницијатори на злосторствата и предавничките дејствувања, смртната казна може да се изврши единствено и исклучиво по претходното одобрување на Советот на Вишиот Воен суд кај Врховниот штаб." АВИИ,к-238,рег.бр.2-2/11. Ова прашање меѓутоа уште порано беше регулирано со наредбата Бр.1 од 9 септември 1944 година на ГШ на НОВ и ПОМ, каде покрај другото беше објаснето и тоа на кој начин и кога да биде извршена смртната пресуда и стрелано едно лице по судската пресуда, а кога и во кој случај без пресуда. Но оваа наредба во целост не беше почитувана, за што дознаваме од Наредбата Бр.16 на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија од 26 декември 1944 година, каде се вели... Но спрема сведенијата кои ги има овој штаб, стои како сигурно по таја наредба несе постапува. Случило се да бидат поедини лица или читави селски и општински НОО, да се вршат стрелања, палежи и слично од страна на воените органи, кои за това не се надлежни или на начин кои нуждата не е налагала. Случиле се дури извесни појави на пљачка. Вакви дејанија вршат безсекое сомнение три категории лица, отворените непријатели на нашата народноослободителна војска, кои се облекуваа во униформата на војската и вршат забранети дела со специјална цел за да наудат на добриот глас и името кои војската ги ужива. Наредуваме: 1.Истражувањето за кривичните дела освен случаите за кои е надлежна ОЗНА, го вршат само судските истражители, 2.Упатување и претрес на лицата и помештенијата вршат воено-судските власти, народната одбрана и НОО преку својата народна милиција и ниедна друга власт,3.Сите уапсени лица или одземени ствари за кои е надлежен Воениот суд се предаваат нему,4.Стрелање на лицата може да се врши само по судските пресуди, 5. Сите судски прсуди кои гласат на смрт има да се достават на Вишиот Воен суд при ГШ на НОВ и ПОЈ за македонија и стрелањето ќе се изврши тогај ако таја пресуда ја одобри Вишиот Воен суд, 6. Без пртесуда може да биде убиено едно лице само во следните случаи: во борба додека дава спротивставление, кога бега, нејќе да застане, се опира на наредбата, кога врши физички оружен напад. Ни во кој друг случај не смее да биде убен никој". АВИИ,к-238,рег.бр.2-11.

Македонија, со телеграма го извести Врховниот Командант:"Демонстрантите ги издвоиме од артилериските бригади и ги упатуваме како пешадија по цврстите бригади на 15 корпус со пробрано раководство."[241] На 24 јануари е испратен списокот на војниците кои учествуваа во демонстрациите од 7 јануари 1945 година, кои се га се слободни, во кој се внесени бројно војниците предадени на ОЗНА.[242]

Начинот на испраќањето на демонстрантите и дезертерите беше регулиран со посебени наредби.Најпрво беше упатена наредба ст.пов.бр.23 до Командата на град Скопје од ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија , на 14 јануари 1945 година.[243]

Истовремено наредба со исто таква содржина со додатни елементи беше испратена и до Штабот на Кумановското воено

---

241 Телеграма од ГШ на НОВ и ПОМ до Врховниот командант од 23 јануари 1945 година.АВИИ,к-238,рег.бр.6-10/3.

242 АВИИ,к-236,рег.бр.3-2/4

243 Во неа се наредува:"Сите демонстранти од артилериската и 20 пешадиска бригада, кои не се ставени под Воен суд и сите дезертери од 15 корпус и другите единици ќе бидат збрани и под стража на Народната одбрана испратени на фронтот. За таа цел наредуваме:1.Да ги зберете сите демонстранти од артилериската бригада и дезертеритеод 15 корпус и другите единици кои се наоѓаат во Скопската, Битолската воена област и во градот Скопје. Истите да ги сместите во погодни згради под стража на КНОЈ. За таа цел Штабот на дивизијата на КНОЈ ќе ви стави на располагање 1 баталјон свои војници,2.Да ги истражите сите дезертери кои се кријат во градот Скопје и да ги стави под стража,3.Да ги приготвите за тие луѓе( за околу 1650 лица) продукти( брашно, вариво, месо и др.) и средства за готвење( казани,порции и дрваи др.),4. Да снабдите зградите со потребен број печки, дрва и кревети или бар слама,5.Сите горе споменати војници ќе тргнат за Врање и ќе ги чека композицијата. За дата на тргнувањето ќе бидете известени, 6.Соопштете за бројот на доброволците кои сакаат да одат на фронтот,8.Припремањето и предавањето на споменатите лица да стане по список по приложениот образец." Телеграма до Командата на град Скопје од ГШ на НОВ и ПОМ, пов.бр.23 од 24 јануари 1945 година.АВИИ,к-236,рег.бр.1-1/4.

подрачје [244], кое требаше да биде собирен пункт за Скопските и Штипските демонстранти и дезертери од цела Македонија, за испраќање на истите во превец на Врање за Сремски фронт. во неа покрај другото стои:"...1.Да ги зберете сите дезертери од 15 корпус и другите единици кои се на територијата на подрчјето и ги сместите во погодна зграда под стража на КНОЈ,2.Да ги проклучите на тија дезертери и сите дезертери и демонстранти кои ви ги испраќаат Штипската Вона област на број околу 600, овие тргнуваат од Штип на 24 јануари и Командата на град Скопје на број околу 1 650 луѓе кои тргнуваат тие денови...". [245] Ваква наредба беше испратена и до Штабот на Артилериската база бр.8 во Скопје во која покрај другото стои:"...1.Да извршите сите припреми за покрет за Белград.Покретот ќе се врши пеш до Врање, каде ќе чека железничката композиција која треба да ги однесе војниците-деменостранти до Белград во состав на 15 ударен корпус,2.Да јавите веднага за точниот број на горе споменатите војници. Овие војници се стават под команда на Командата на град Скопје, а под стража на КНОЈ. Војнниците ќе ги предадете на Командата на градот по список."[246]

Најодзади ваква наредба беше испратена и до Штабот на Скопската воена област.[247]

---

244 Наредба пов.бр.24, од 24 јануари 1945 година од ЗГШ на НОВ и ПОМ до Кумановското воено подрачје.АВИИ,к-236,рег.бр.2-1/4.

245 Истото.

246 Истото.

247 Во неа се за ова се вели:"Сите демонстранти од артилериската и 20 пешадиска бригада, кои не се ставени под Воен суд и сите

Откако се беше припремено претходно постапувајки по сменатите наредби, следеше дефинитивна нередба од ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, до Командата на град Скопје од 30 јануари 1945 година за начинот на транспортот на демонстрантите и дезертерите на Сремскиот фронт.[248] Со неа се регулираше начинот на

дезертери од 15 корпус и од другите единици ќе се спроведат на фронтот.За таа цел наредуваме: 1.Да ги эберете сите дезертери од 15 корпус и другите наши единици и разоружани под стража на КНОЈ да ги предадете под список на Командата на град Скопје,2.Спроведете строг претрес за да се пронајдат сите воени бегунци кои се кријат по селата, градовите и разни установи воени или цивилни од Обласга". Наредба пов.бр.26 од 24 јануари 1945 година до Штабот на Скопската воена област од ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија.АВИИ,к-236,рег.бр.4-1/4.

248 Заповед од ГШ на НОВ и ПОМ, до Командата на град Скопје од 30 јануари 1945 година, за транспортот на демонстрантите, дезертерите и доброволците на Сремскиот фронт, во која се вели:"Во цел на извршување на Наредбата на ГШ на НОВ и ПОМ, сите прибрани дезертери во центарот при оваа Команда(Транзитна станица бр.14) и сите демонстранти од артилериската бригада, кои што не се ставени под Воен суд, на 31 јануари 1945 година ќе заминат за 15 македонски ударен корпус под строг спровод на 1 батаљон од Народната одбрана. Со истите ќе заминат и сите прикупили се руси партизани од НОВ и ПОЈ, како и Пољаци,Словенци,Аустријци партизани и ново мобилизирани за 15 корпус и сите прибрани од истиот корпус по разни оправдани причини. За исполнување на предното заповедам:Цел на движењето Куманово-Врање-Београд,1.Поаѓање на споменатите војници ќе биде на следниот начин: а) дезертерите од центарот во 8 саатот така да во 8,45 излезат на Кумановската трошарина, б)демонстрантите од артилериската бригада ќе кинисат во 8,25 односно кога замине зачелието на дезертерите пред артилериската касарна, така да на Кумановската трошарина бидат во 8,48 саатот, в)Пољаци,руси,аустријанци и други од прихватниот батаљон во 8,15 така да на Кумановската трошарина бидат во 8,50 саатот. Така значи ќе бидат образувани три ешалони, како е напред речено со растојание на ешалоните по 200 метри. Пратечкиот батаљон на Народната одбрана, ќе ги смтра како дезертери и таков распоред ќе завземе при пратењето. За тоа осим предне образуење, ќе има и бочно обезбедуење и меѓу ешалоните, како и задно осигуруење. Пољаци,руси и наши новомобилизирани да не влизат во обезбедената колона а след неа. Поступак на пратеќиот батаљон во случај на бегство да биде по правило за спровоѓење на воени дезертери, односно во краен случај да се употреби и оружје. Помочникот другарот Орлов во 8,30 да биде на Кумановската трошарина и да изврши преглед на колоната, за кое има да поднесе извештај.

транспортот на демонстрантите и дезертерите од Скопје-Куманово-Врање за Белград на Сремскиот фронт во состав на 15 македонски ударен корпус.

За демонстрациите на 20 македонска бригада во Штип во јануари 1945 година, исто така не сме во можност целосно да ја проследиме нужната документација. И оваа бригада се побуни барајки наместо на Сремскиот фронт да се оди на Солун. Оваа бригада беше сместена во касарните крај Брегалница во Штип во чиј состав влегуваа околу 1200 борци, распоредени во четири баталјони. Составот на борците беше претежно од источниот дел на Македонија. Откога дознале борците од оваа бригада дека ќе бидат испратени во составот на 15 македонски ударен корпус на Сремскиот фронт, започнала побуната со излегување на борците од касарната и нивно упатување кон мостот на реката Брегалница, каде што попат извикувале пароли:"Нећеме на Срем", "Сакаме на Солун". Меѓутоа на мостот истите биле пречекани од страна на борците на КНОЈ и

војниците да бидат снабдени со суха храна за по еден ден. Штабот на баталјонот ќе се управува по правило ратне службе оддел "патување" односно да се даваат редовни застанци на секои 50 минута хода. Одмор и ручек ќе биде во село Орланци, преноќиште во град Куманово, каде е наредено да се спреми топла храна и преноќиште. Друго преноќиште ќе биде во село Биљача, а преноќиште на 2 февруари во Бујановац, дека колоната ќе стигне на 2 февруари до 14 саатот за да има време да се одмори и уреди. Колоната ќе биде пратена од еден лекар и три двоосовински коли од Скопје до Куманово, сообраќаен отсек при оваа команда, од Куманово до Бујановац сообраќаен отсек при Кумановското подрачје, Бујановац-Врање команда на место Бујановац. Командата на Кумановското подрачје да снабди војниците со суви храни за до Бујановац, а Команда места Бујановац до Врање.Штабот на пратеќиот баталјон да редовно праќа напред коначаре кои да припремат преноќиште и храна. Припрема и укрцавање во возот во Врање да биде со помош на Врањското подручје. Сите војници освен русите да бидат предадени на 15 корпус, како назначи да се пољаци и аустријанци препратат по могуќност до нивните бригади, а исто и словенците".АВИИ,к-236,рег.бр.1-29/4.

вратени во касарната без борба.[249] По извесно време единиците на народната одбрана ја опколија касарната и ги разоружаа борците исто така без борба. Потоа започнува истрагата и барањето на иницијаторите, при што истите брзо биле откриени и веднаш предадени на Воениот суд. За овој настан пред бигадата зборуваше и Командантот на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија генераллајтнатот Михаило Апостолски и делегатот на ЦК КПЈ и Врховниот Штаб на НОВЈ Светозар Вукмановиќ Темпо. Според одредени искажувања на преживеаните борци, на смртт биле осудени 6 лица кои најверојатно биле стрелани.[250]Подоцна бригадата беше испратена еден дел на Сремскиот фронт односно оние кои беа учесници во демонстрациите и еден дел на Косово и Метохија.

Таканаречениот батаљон на Макеларски, тргна од градот Штип на 24 јануари 1945 година со околу 700 луѓе кои требаше да бидат експедирани на Сремскиот фронт. Веќе на 26 истиот месец околу 450 луѓе дезертирале од овој состав, од кои дел биле фатени од органите на народната одбрана.[251] Предвидено било овој батаљон да се пополни до 1000 луѓе. На 1 февруари 1945 година, бројот на овој батаљон достигна 800 борци од кои 200

---

[249] Според сеќавањата на Љупчо Арсов, објавени во книгата "Сведоштва",Комунист,Скопје,1984, во поднасловот:"Непријателските и реокционерни сили не мируваат"(440-450), за овој настан се вели:"...Но еден мал број од нив не сакал да се повлечат и направија обид да се забарикадираат. Тоа предизвика голем револт меѓу самите војници, настана судир меѓу нив и пред да може било што да се стори, дојде до линчување на неколку луѓе кои биле главни подбуцнувачи на бунтот. До вечерта беше воспоставен потполн ред и мир. И тука иницијаторите беа уапсени и осудени".

[250] Шестмината беа ликвидирани во Штип.Автентични сведочења...9.НМ,Скопје 26 март 1991,5.

[251] Извештај на Штабот на 1 шиптарска бригада пов.бр.5 од 31 јануари 1945 година до ГШ на НОВ и ПОМ.АВИИ,к-236,5-16/4.

дезертирале на патот за Прешево, така што во Прешево пристигнаа 600 борци. Поради ваквото држење на борците уште во Куманово како попатна станица за транспорт на борците кон Врање за Белград, било извршено едно стрелање на дезерѓтер како пример за останатите дезертери. Стрелањето го изврши Шиптарската бригада кој беше надлежна за спровод на борците.[252]

Во извештајот на Кумановското Воено подрачје упатен до Скопската Воена област од 28 јануари 1945 година, се дава преглед на дезертерите по поединечните единици на следниот начин:"...Во Куманово се пристигнати од Штипската Воена област и тоа: од 1 бригада 61 дезертер, 13 бригада 1 дезертер, 14 бригада 243 дезертери, 20 бригада 179 дезертери, 19 бригада 2 и од 48 дивизија 8 дезертери или вкупно сите заедно 499 дезертери. Во Командата на местото Куманово има дезертери од разни други единици 45 и во регрутниот центар Куманово има дезертери од разни единици 49, а вкупно сите другари се 593 другари".[253] Според одредени показатели од Битолската воена област во овој период имало 104 дезертери, Штипската 187, Скопје 877.[254] Така во овој период се собрале приближно 2950 дезертери кои биле утоварени во Врање и испратени во составот на 15 ударен македонски корпус на Сремскиот фронт.[255] На 7 февруари 1945 година тие се испратени во

[252] Телеграма бр.8 од Шиптарската бригада до ГШ на НОВ и ПОМ.АВИИ, к-236, рег.бр.5-5/4.

[253] АВИИ, к-236, рег.бр.1-12/4.

[254] АВИИ, к-236, рег.бр. 5-6/4, 5-121, 5-4/4, 5-7/4.

[255] АВИИ, к-236, рег.бр.5-8/4.

состав на 15 македонски ударен корпус,[256] а сите останати дезертери кои подоцна беа откривани дополнително беа испраќани на фронтот. Во директивата бр.3 на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија од 13 февруари 1945 година,[257] се дава целосен извештај за состојбата во војската и проблемите на дезертерството во 7,14 и 20 бригада.

Едно прашање што постојано се повторува и поставува во сите повоени години во македонската јавност, особено последните неколку, е дали тогашното военополитичко македонско раководство не погрешило што не издало наредба наместо на Срем да се оди на Солун. Дали со тоа не се испуштила според некои последната шанса да се оствари вековниот сон на македонскиот народ, да се обедини распарчената македонска земја, особено во моментот по ослободувањето на Македонија кога таа создаде своја сопствена држава и своја војска. Колку навистина тоа беше реално, дали постоеја услови за една таква акција и што ќе се случеше ако македонското военополитичко раководство издадеше една таква наредба. Меѓутоа во оние услови по ослободувањето на Македонија, апсолутно немаше никакви објективни можности за остварување на оваа идеја, особено и поради тоа што неможеше да дојде до промени на надворешните граници меѓу земјите на антифашистичкиот блок. Тоа беше време кога во Пиринска Македонија беа стационирани големи единици на советската амија[258], но нивната цел не беше

[256] АВИИ, к-236, рег.бр.2-5/4.

[257] АВИИ, к-238, рег.бр.11-1/1.

[258] А.В.Антосјак, Советско југословенската соработка во годините на втората светска војна.Зборник,Југословенско-советските односи во втората светска

Солун, туку да се спречи продорот и евентуална вооружена акција на англиската војска кон северните граници на Грција. Овие сили беа распоредени согласно Јалтската конференција од 1943 година[259] кога светот веќе беше поделен на интересни свери на сојузниците, и Московската спогодба од 1944 година.[260] Помеѓу Сталин и Черчил на фифти фифти влијание на Балканот, со која Грција 90% беше препуштена на Британското влијание, Бугарија 90% на советското влијание а Југославија 50% на Британско и 50% на Советско влијание, не дозволуваше било какви илузии за промена на овие договори.

Македонскиот случај не може да се споредува со случајот на Словенија и Хрватска од проста причина што таму беа сосема поинакви условите и распоредот на сверите на влијанието на сојузниците. Друго е прашањето на материјалните, човечките и другите можности на штотуку ослободената Македонија, која едвам составуваше крај со крај за да го прехрани гладното население и војската, да ги затопли во студените зимски јануарски денови, да ги доведе во функција барем на најниско можно ниво сите инфраструктури на младата држава и најодзади треба да се има во предвид дека Народноослободителната борба на Македонија беше составен дел на Народноослободителната борба на Југославија, под

војна (1941-1945).(Материјали на Југословенските и советските историчари на III пленарно заседание на Комисијата ба историчарите на СФРЈ и СССР, одржан од 9 до 13 јуни 1981 во Волгоград СССР,ИНИ,Југословенско-советска комисија на историчарите, Скопје,1991,153.

259 Prof.D-r R.Ditrich,Teheranska konferencija.Sasatanak velike trijice.Drugi svetski rat,knjiga druga.Mladost,Zagreb,1980,366.

260 Prof.D-r H.W.Van der Dunk, Nemačko pitanje do Jalte.Podela Nemačke.Istoto...183.

команда на Врховниот штаб на Југославија на чело со Врховниот командант Јосип Броз Тито, под чие раководство се координираа сите акции, распоредување на единиците, нивно формирање и наоружување покрај другото и со сојузничката помош добивана преку Врховниот штаб. Уште повеќе што младата македонска војска немаше искуство на фронтално војување, а толку потребните родови и видови воени формации за една евентуална таква акција, на македонската војска беа во фаза на почетно формирање. Недостасуваше и тешкото наоружување, артилериските орудија, механизацијата и транспортните средства. Тоа беше реалност во даденото време. Наспроти ова во Грција беше стационирана модерно вооружената британска армија и грчките единици. Токму поради сето ова и другите неспомнати околности, одењето на Солун ќе значеше објавување војна на сојузниците, на чија страна југословенските народи извојуваа победа а заедно со нив и македонскиот народ, ќе ја доведеше во прашање судбината на македонскиот народ. Воедно тоа ќе значеше победа на воената опција на решавање на македонското прашање по пат на војна а не со преговори и меѓународни договори. Според тоа историјата треба да се смести во времето и во просторот за кое што станува збор, а извлечена од времето и просторот и сместена во сегашни рамки таа се политизира и пристрасно се објаснува. Токму затоа добро треба да се проучи давателот на фактите пред да се зафатиме со проучување на истите. Друго е прашањето на одредени гласноговорници кои сметаат дека ако се тргнело на Солун, иако не се успеало во обединувањето на Македонија, на македонскиот проблем ќе му се дадела поголема гласност и дека уште тогаш светот ќе ја дознаел вистината за

поделеноста на Македонија и македонскиот народ. Меѓутоа, токму ваквиот начин на гледање на работите кога војната беше на својот крај со отворањето на едно ново воено жариште меѓу самите сојузници би значело катастрофален крај на придобивките од четиригодишната војна и нивно елиминирање како што тоа се случи во Егејскиот и подоцна Пиринскиот дел на Македонија кои денес немаат ни најосновни права на своја култура.

Од истражувањата што ги направи весникот "Нова Македонија" во текот на 1991 година по однос на ова прашање беа сублимирани резултатите при што истражувачот не дојде до оригинална архивска граѓа, но од анкетата на триесеттина директни учесници во настаните истражувачот дава свој заклучок.[261]

261 "Нова Македонија разговараше со триесетина учесници и сведоци на настаните, објави повеќе реагирања и сеќавања на тие настани. Иако во сите тие искажувања има недоречености, контрадикторности и нејаснотии, колку толку можат да се состават главните контури на мозаикот на настаните. Навистина недостасуваат одредени елементи, но тоа не значи да се даде оценка која е блиску до вистината. Сознанијата до кои можевме да дојдеме водат до заклучок дека на Скопското Кале не бил извршен никаков масакар, дека не бил ликвидиран ниту еден војник или офицер ниту пак бил истрелан барем еден куршум. Бунт навистина имало. На плоштадот на Скопје пред Офицерскиот дом каде се одржувал Вториот конгрес на младината излегле повеќемина војници им старешини(според некои очевидци и сведоци бројката се движи меѓу 300 и 800), кои барале наместо на Берлин да се оди на Солун. Подоцна овие војници со помош на единиците на народната одбрана се вратени во касарните на Скопското Кале и разоружани...По враќањето во касарните, поголем број војници и офицери биле затворени. Подоцна е организирано судење. Детали нити пак пресуди и обвиненија од тоа судење засега нема.Точниот број на оние што се нашле на обвинителната клупа исто така не може прецизно да се утврди. Се смета дека пред Воениот суд се нашле околу 45 души, од кои 25 се осудени на временска , а девет на смртна казна...Одржано е второ судење кое траело се на се половина час на кое биле потврдени првобитните одлуки...Во недостиг на оригинални документи тешко може да се утврди што всушност се случувало по судењето, како подоцна биле применувани нивните пресуди, но со голема веројатност може да се каже дека никој не бил стрелан, ниту пак одлежал подолг период во затвор.

Ваквата констатација беше потврдена претходно и на одржаниот разговор на преживенаните борци и научни работници, одржан во Републичкиот одбор на Сојузот на борци од НОВ на Македонија на 7 март 1991 година во Скопје.[262]

Д-р Владо Иваноски, директор на Институтот за национална историја во Скопје, даде свој коменар по однос на ова прашање на споменатата трибина.[263]

## 5.Испраќање на 15 македонски ударен корпус на НОВЈ на Сремскиот фронт во состав на 1 Југословенска армија

Се на се осудените на смрт останале во затвор 18 месеци, некои биле пуштени по половина година.

Сличен е и бунтот во Штипската касарна на 20 македонска бригада кој се случи истовремено со скопскиот бунт на артилериската бригада. Овој бунт е спречен исто така со помош на единиците на Народната одбрана. Веднаш по бунтот бригадата е разоружана, еден број војници се затворени. Колкумина точно не се знае, ниту пак се знае кога е одржано судењето на истите. Еден број од нив од Воениот суд се осудени на смрт и ликвидирани, за што е читана наредба пред стројот на 20 македонска бригада непосредно по бунтот. Весникот "Нова Македонија" во своето истражување по повод овој настан, утврди дека се ликвидирани шестмина војници учесници во бунтот, што веројатно е најблиску до вистината. Некои преживеани учесници-сведоци на настаните, тврдат во своите искажувања дека станува збор за поголема бројка". Цветановски Виктор, Во Скопје немало масакар. Што се случуваше на Скопското Кале...НМ,Скопје,11 април 1991,5.

262 Никој не е стрелан на Калето. Борците по повод написот на "Нова Македонија"-"Божиќен масакар на Скопскаото Кале".НМ,Скопје,8 март 1991,6.

263 "Овој настан не беше непознат за историската наука на Македонија, бидејки има доста материјали, разговори снимени и пишувани текстови, меѓу другите и од Михаило Апостолски, па сепак сметам до денес немаме доволно материјали за научно објаснување на овој настан". Искажување на д-р Владо Иваноски, директор на Институтот за национална историја-Скопје,Истото,6.

Во текот на месец декември 1944 година,согласно претходниот договор помеѓу Командантот на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија генераллајтнатот Михаило Апостолски и полком Борко Темелковски од една страна и од друга страна Командантот на Врховниот штаб на НОВЈ Јосип Броз Тито обавени во почетокот на месец декември истата година, во Македонија започна процесот на реорганизација и устројување на воените единици и раководство на македонската војска.[264]

Согласно добиените инструкции од Врховниот Командант на НОВЈ, ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, издаде наредба на 6 декември 1944 година за реорганизација на единиците на НОВ и ПОМ на своето оперативно подрачје. Со оваа наредба беа расформирани Брегалничко-Струмичкиот и 16 ударен корпус, додека 51 македонска дивизија беше преименувана во 50 македонска дивизија. Тогаш беше формирана и 8 македонска дивизија на КНОЈ.

[264] ГШ на НОВ и ПОМ во почетокот на месец октомври 1944 година, побара од Врховниот штаб на НОВЈ да му се доделат броеви за уште два корпуси, покрај 15 македонски корпус, чие формирање го одобри претходно Врховниот командант на НОВЈ. Бидејки ГШ на НОВ и ПОМ не ги доби бараните бриеви, двата новоформирани корпуси ги нарече 1 и 2 македонмски корпус, а третиот Брегалничко-Струмички корпус, што не наиде на позитивна клима кај Врховниот штаб на НОВЈ. абргу по ова Врховниот командант на НОВЈ, ги повика Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ генераллајтнатот Михаило Апостолски и полком Борко Темелковски на реферирање во Белград во почетокто на месец декември 1944 година. Тука тие добија соодветни напатствија и диретиви за реорганизација на единиците на НОВ и ПОМ. Така 16 македонски корпус-поранешниот 1 македонски и Брегалничко-Струмичкиот корпус, беа расформирани на 6 декември 1944 година, додека 15 македонски корпус-поранешниот 2 македонски, е реорганизиран и преформиран заради негово испраќање на Сремскиот фронт во почетокот на 1945 година.

Согласно наредбата од 4 декември 1944 година од страна на Врховниот штаб на НОВЈ упатена до ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија[265], беше извршено преформирање на 15 македонски ударен корпус, кој беше формиран уште на 3 октомври 1944 гподина, сега во неговиот состав влегоа:42 дивизија со 3,14 и 16 македоска бригада и 48 дивизија со 1,2 и 7 македонско-шиптарска бригада. Малку подоцна поради упатување на овој корпус на Сремскиот фронт, во почетокот на месец јануари 1945 година,беа извршени извесни измени. Така 7 албанска бригада влезе во состав на 42, а 14 маладинска бригада "Димитар Влахов" во состав на 48 македонска дивизија. Кон овој корпус подоцна ќе бидат приклучени 1 и 2 артилерсика бригада по една во секоја дивизија. Штабот на корпусот од 6 декември 1944 година до 6 јануари 1945 година го сочинуваа:командант Тихомир Милошевски, полком Бено Русо Коки и начелник на штабот Вујадин Поповиќ. Од 6 јануари до 23 април 1945 година, всушност до расформирањето на Штабот на Корпусот, командант на корпусот беше Алексо Демниевски Бауман, полком Вујадин Поповиќ а вршител на должноста начелник на штабот Владо Амповски.[266]

Штабовите на дивизиите од 6 јануари 1945 година беа:42 дивизија, командант Миливие Грозданиќ, полком Бено Русо

---

[265] Во оваа наредба од 4 декември покрај другото се вели:"Како што зборувавме вие формирајте подвижен ударен корпус од две дивизии. Засега тој корпус нека остане на просторот Скопје-Урошевац-Гњилане-Куманово, за средуввање на приликите на таа територија. Во Ниш немојте да испраќате дивизија, како што се договоривме. Вооружувањето на двете дибвизии вие ќе го добиете било во Ѓуешево било во Ниш. За тоа дополнително ќе се договориме".АВИИ,к-26,рег.бр.9-6/12.

[266] General pukovnik, Dane Petkovski, Makedonski 15 udarni korpus u sstavu 1 armije...124.

Коки а началник на штабот Коста Јашмак, 48 дивизија, командант Тихомир Милошевски, полком Боро Чаушев, началник на Штабот Дако Кундачина.Во раководниот состав на 15 македонски ударен корпус и дивизиите до завршувањето на војнта немаше промени со исклучок кога комесарот на 48 дивизија Боро Чаушев беше упатен на парђиски курс, па на негово место дојде Ратко Родовиќ а подоцна Петар Пепељуговски.

Од 6 декември 1944 до 7 јануари 1945 година, овој корпус обавуваше припрема за одење на Сремскиот фронт. Истиот беше распореден на просторот Скопје-Урошевац-Гњилане-Куманово, односно таква беше директивата на Врховниот командант на НОВЈ за разместување на овој корпус од 4 декември 1944 година. Се до поаѓањето за Сремски фронт, единиците на корпусот беа непрестајно ангажирани во борбите против остатоците од балистичките сили и четници.[267]

На 5 јануари 1945 година, Економското одделение на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, со наредбата бр.240, упатена до 15 македонски ударен корпус, а во согласност со Президиумот на АСНОМ, реши да даде еднократна неповратна парична помош на секој војник по 200 лева а на офицерите по 1000 лева плус додаток за секој оженет по 5оо лева. На тој начин на 15 македонски ударен корпус, вкупно му беа доделени 4.145.000 лева.[268] Покрај тоа следуваше интензивна пропаганднополитичка работа за афирмирање на

---

[267] Бора Митровски, Петнаести (македонски) ударни корпус НОВЈ...286.

[268] Наредба бр.240 од 5 јануари 1945 година.АВИИ,к-238,рег.бр.12/8.

идејата за испраќање на македонските единици на Сремскиот фронт. Така весникот "Нова Македонија" од 6 јануари 1945 година донесува наслов:"И ние ќе одиме на Берлин"[269] , а весникот Млад Борец" донесува повеќе написи и творби посветени на овој настан како на пример песната:"На Берлин" по случај заминуењето на 15 корпус за фронтот".[270]

Заради обезбедувањето на единиците на корпусот со неопходните потребштини по случај неговиот марш и транспорет преку Врање за Белград, Штабот на корпусот со писмо пов.бр.3, од 4 јануари 1945 година го замоли Еконимското одделение при ГШ на НОВ и ПОМ да упати наредба до позадинските воени власти за соработка при снабдувањето на единиците на 15 ударен корпус и тоа во Скопје, Куманово и Бујановац. По тој повод Генерлшатбното одделение при ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија на 5 јануари 1945

---

269 Во написот на НМ 30/11748,Скопје,6 октомври 1979(сабота),2 под наслов:Од Вардар до Берлин..." стои:"Меѓу мноштвото фотографии од првата година на своето излгување "Нова Македонија", донесува илустрации за масовни митинзи по разни поводи."И ние ќе одиме на Берлин..."- е еден од најкрупните наслови во весникот од 6 јануари 1945 година. На 11 јануари 1945 година, заедно со извештаите за Вториот Конгрес на НОМСМ, се објавени и фотографиите како илустрација кон текстот"Младината на Македонија е неразделно врзана со останатата младина на Југославија", што има поднаслов"Секој кој не сака да оди на Берлин е непријател на Македонскиот народ"."Нашиот пат е:Од Вардар до Берлин".Во текстот меѓу другото е даден следниот опис што се случувало:"Младинците кои одвај чекаат да излезат и да покажат на сите што сака, што нејќе ,акедонскиот народ и младина...со песни "Од Вардар до Берлин" и пароли излегуваат надвор викајки пароли. Распалената младина фрла парола за парола, се редат песни. Од илјада грла се цепи:"Само Тито никој друг, Ние младинците Берлин ќе го газиме, Се за фронтот-сите на фронт,Братство-единство, и други."

270 Една од повеќето песни испеани по повод заминувањето на 15 македонски ударен корпус на Сремскиот фронт е и песната:"На Берлин"-по случај заминуењето на 15 корпус на фронтот, од Славчо Темков.МБ,II/15,Скопје,8 февруари 1945,7.

година им нареди на потчинетите Команди во Скопје, Куманово и Бујановац за соработка и обезбедување на единиците на 15 македонски ударен корпус по повод нивниот транспортен марш низ овие градови да им излезат во пресрет.[271]

На 10 јануари 1945 година, со наредба од Врховниот командант на НОВЈ 15 македонски ударен корпуситно да се јави на Сремскиот фронт.[272] Бидејки железничката линија од Македонија кон Србија односно Врање, беше во прекин , борците на 15 македонски ударен корпус мораа пеш да го поминат растојанието од Скопје до Врање, пратени со големи студови и наноси од снег. Тој процес на прибирање на единиците на овој корпус во Врање, траеше од 7 до 10 јануари 1945 година, а во преиодот од 10 до 16 јануари истата година, единиците на корпусот во мошне примитивни вагони, со големи застои во транспортот, беа транспортирани од Врање за Белград. За таа намена ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија веќе претходно беше обезбедил преку ГШ на НОВЈ за Србија сооветен број вагони и композиции.[273]

По пристигањето на просторот на Белград, единиците на корпусот беа распоредени на широкиот простор на Земун-Пазова-Батајница. Штабот на Корпусот беше сместен во Земун, додека штабот на 42 дивизија во Земун , а на 48 дивизија во Батајница. Вкупната бројна состојба на 15 македонски ударен

---

[271] Наредба до Генерлштабното одделение на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македпнија од 5 јануари 1945 година.АВИИ,к-239,рег.бр.11-1.

[272] АВИИ,к-238,рег.бр.6-2/3.

[273] Истото. И во написот на МБ,II/15,Скопје,8 февруари 1945 година,6, под наслов:"15 ударни корпус замина за фронт" од Борко Темелковски.

корпуспри префрлањето во Срем изнесуваше 15 400 борци истарешини, од кои 126 беа жени. Во оваа бројна состојба не е влезен составот на двете артилериски бригади кои се обучувааа во артилериската база бр.8 на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија во Скопје, како и борците кои подоцна сукцесивно ќе бидат испраќани од Македонија за Срем, и борците од Дополнителната бригада, која од која се пополнуваа единиците на Корпусот во текот на борбата и која имаше околу 4 000 борци истарешини. Веднаш по пристигањето Корпусот воспостави соработка со месните органи на власта во овој крај, заради понатамошна политичка и културно-просветна активност помеѓу единиците на Корпусот и месното население.

За 15 ударен корпус, беше предвидено ново оружје добиено од Советскиот сојуз.Тоа требаше да бидеиспратено преку Бугаријаза Македонија. За таа цел на 23 јануари 1945 година оружјето беше донесено во Софија.[274] Првобитно ова оружје требаше да биде испратено во Македонија, но сега по префрлањето на Корпусот во Срем, истото беше донесено тука и кон средината на месец март 1945 година со негое е извршено превооружување на 15 македонски корпус.[275] По тој повод ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, го замоли Врховниот командант на НОВЈ, да го врати оружјето од Корпусот во Македонија кога овој ќе биде превооружан со новото

[274] АВИИ,к-238,рег.бр.6-10/2.

[275] Мајорот Инков, шефот на советската исија при ГШ мна НОВ и ПОЈ за Македонија, предложи со 50 камиони да го врати оружјето од Крива Паланка до Софија, а од таму со воз да биде префрлено за Земун.Поради тоа на 1 февруари 1945 година, тој заминува за Софија.Оваа операција беше нужна , бидејќи ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, немше средства за вака голем транспорт. АВИИ,к-238,рег.бр.6-17/3.

советско оружје, како би можеле ненаоружаните борци од македонските дивизии и дополнителните бригади во Македонија да се наоружаат.[276]

Во меѓувреме паралелно со прибирањето , реорганизирањето и припремите на пешадиските македонски единици за испраќање на Сремскиот фронт, ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, започна со интензивна припрема на артилериските единици кои ќе влезат во состав на 15 македонски ударен корпус и истите ќе бидат испратени малку подоцна на Сремскиот фронт како составен дел на 15 македонски ударен корпус. За таа цел како први артилериски единици од кои се формираат 1 и 2 артилериска бригада, Битолската, Сопската и Кумановската артилериска бригада.

Битолската артилериска бригада, беше формирана од страна на Александар Коневски со две хаубици од 105мм,М-13, запленети од бугарската војска. Оваа бригада учествуваше во ослободувањето на Кичево, а потоа преку Брод замина за Крушево, каде одржа десетодневен курс. По ослободувањето на Прилеп и Битола, на 5 ноември 1944 година, замина од Прилеп за Битола со 120 борци и двете хаубици. Во Битола оваа бригада го започна својот касарнски живот, каде е извршена мобилизација на артилерците од Битолската околија и е собран трофејниот материјал за потребите на оваа артилериска бригада. На 5 декември истата година,бригадата доби наредба од 15 корпус да замине за Скопје, каде веќе беа пристигнати артилериските бригади, кои на 16 декември 1944 година беа расформирани и преформирани во 1

[276] Телеграма на ГШ на НОВ и ПОМ од 12 февруари 1945 година до Врховниот штаб на НОВЈ.АВИИ,к-238,рег.бр.6-2/3.

македонска артилериска бригада.[277]

Скопската артилериска бригада,започна да се формира на чело со Киро Спасовски. во село Присад Велешко,од артилерискиот дивизион чиј командант беше Стјепан Златар.Во почеток таа беше наоружана со 4 хаубици од 105мм, М-13. На 20 септември 1944 година, по паѓањето на Прилеп, повторно во рацете на германците овој дивизион заминува за село Лисиче Велешко.По формирањето, таа учествува во борбите за Брод, Прилеп и Велес, при шро во село Врлевци запленува еден германски топ од 75мм со камион и муниција. Со ослободувањето на Скопје, бригадата е преместена тука и влегува во став на 1 македонска артилериска бригада.[278]

Струмичката артилериска бригада"Гоце Делчев" со брдските топови, дојде од Софија во комплетен состав чии што раководители беа македонци, исто како и борците. Од Царево Село, оваа бригада се дели на два дела, од кој еден дел заминува во првец на Царево Село-Кочани-Штип каде учествува во борбите за ослободување на овие градови. Другиот дел од бригадата заминува во правец на Царево Село-Берово-Криволак. На чело на овој дел беше Александар Минчев. Двата дела имаа две батерии брдски топови од 75 мм, а секоја батерија имаше по два топа.[279]

Кумановската артилериска бригада, беше формирана

277 АВИИ,к-1364,рег.бр.1-16/2.

278 Истото.

279 Истото.

од артилерците на 17 и 18 македонска бригада. Тие запленија во селото Старо Нагоричане, Никуљане и Четирци пет топови од 75 мм и 4 противтенковски топа од 45 мм во борба со бугарите. Во селото Степанци се формираа две батерии, односно еден дивизион на чело со командантот Трајко Костовски. Овој дивизион учествува во борбите против германците за освојување на висот Паруса покрај Страцинскиот пат, потоаборбите за село Младо Нагоричане,Добрача,Никуљане,Челопек,Коинце,Четирце и за ослободување на Куманово. По ослободувањето на Куманово и Скопје, овој дивизион учествува во борбите за Качаник , а по солободувањето на Качаник, дивизионот ја продолжува борбата за Урошевац помагајки ја 18 македонска бригада во акцијата против балистите кај Гњилане.Од Гњилане дивизионот учествува во борбите кај селото Песјане, а потоа оди на одмор во Прешево, од каде заминува за Скопје каде велегува во состав на 1 македонска артилериска бригада.[280]

На тој начин беа собрани сите артилериски единици од составот на НОВ и ПОЈ за Македонија од кои на 16 декември 1944 година во Скопје беше формирана 1 македонска артилериска бригада.Таа беше стационирана во касарните на Скопското Кале во артилериската база Бр.8, која подоцна беше преименувана во Наставен центар бр.6. На 18 февруари 1945 година, по интензивната подготовка и обука на борците со помош на руски инструктори, оваа бригада е преформирана во 1 и 2 македонска артилериска бригада.

На 20 февруари 1945 година, Врховниот командант

[280] Истото.

на НОВЈ нареди артилериските бригади да заминат за Земун и влезат во состав на 15 македонски ударен корпус.[281] Првата македонска артилериска бригада, тргна за Врање на 23 а Втората на 25 февруари 1945 година. На 1 март истата година двете бригади тргнаа од Врање за Белград и Земун, каде што пристигнаа на 2 март попладнето.[282]

По пристигањето во Белград, 2македонска артилериска бригада беше сместена во Коњичките касарни на бившата југословенска армија во Земун , 1 артилериска бригада во Белград на Дедиње.Тука беше извршена реорганизација на составот и наоружувањето беше заменето со ново советско артилериско оружје на кое во текот на месец март се извршуваше интензивна обука на борците од овие единици.[283] Така опремени и обучени овие бригади влегоа во состав на 15 македонски ударен корпус и тоа 1 македонска артилериска бригада во состав на 42 македонска дивизија,а 2 македонска артилериска бригада во состав на 48 македонска дивизија.Бројната состојба на пример во 2 артилериска бригада изнесуваше:1191 борец, од кои 96 старешини, 9 полком,

---

281 АВИИ,к-238,рег.бр.6-35/3.

282 Во телеграмата на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија од 22 февруари 1945 година упатена до ГШ на НОВ и ПОЈ на Србија, за ова се вели:"На 28 февруари пристигаат во Врање 1270 војници, 200 коњи, 35 коли, односно артилеријата на 42 дивизија, а на 1 март наутро пристигаат во Врање 1270 војници, 200 коња,35 коли, односно артилеријата на 48 дивизија од 15 корпус." АВИИ,к-238,рег.бр.7-9/2

283 АВИИ,к-1364,рег.бр.6-7/2.

1888 подофицери, 864 војници и 4 жени.[284]

Непосредно пред почетокот на пробивот на Сремскиот фронт, 15 македонски ударен корпус, на 10 април 1945 година, на два дена пред пробивот на фронтот, имаше вкупно 15.266 борци и старешини. Од нив во Штабот на корпусот со придружните одделенија, имаше 1.500 борци.42 македонска дивизија во својот состав ги имаше 3 и 16 македонска , 7 албанска и 1 артилериска бригада, со вкупна силина од 6.974 борци и старешини вооружена со: 4 хаубици од 122мм,4 топа од 76мм,20 противтенковски топа од 45мм, 8 противтенковски топа ЗИС од 76мм, 12 минофрлачи од 120 мм, 50 минофрлачи од 82мм, 3.153 пушки,255 пушкомитралези, 54 митралези, 64 минофрлачи од 50мм, 115 противтенковски пушки и два камиона. 48 македонска дивизија ја сочинуваа: 1,2 и 14 македонска и 2 артилериска бригада, со вкупно 6.812 борци и старешини, наоружана со: 8 хаубици од 122мм,4 топа од 76мм,20 противтенковски топа од 45мм,8 противтенковски топа од 76мм,12 минофрлачи од 120мм,54 минофрлачи од 82мм, 2.773 пушки, 1.671 автомат, 252 пушкомитралези, 54 митролези, 8 противтенковски митралези, 64 минофрлачи од 50мм и 102 противтенковски пушки.[285]

Тогашната вкупна бројна состојба на 1 Југословенска армија кон која формациски припаѓаше 15 македонски ударен корпус изнесуваше 111.078 борци истарешини со следното наоружување:35 хаубици од 122мм,4 останати хаубици, 70 топа од

---

284 Истото.

285 АВИИ, к-252, рег.бр.32-1/3, рег.бр.8-3/3, рег.бр.7/6, к-1365, рег.бр.9/1.

76мм,6 останати топа,55 топа ЗИС од 76мм,120 топа од 45мм,12 противтенковски топа, 43 противтенковски топа 25-88, 85 минофрлачи од 120мм, 455 минофрлачи од 82мм и 75 минофрлачи од 81мм и останати 75.[286]

286 АВИИ,к-257а,рег.бр.7-4,,3--1/4,1/4,к-715а,рег.бр.231-1-2.

# Г Л А В А   Ч Е Т В Р Т А

# ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРАТА ЕТАПА НА ЗАВРШНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА ЈАНУАРИ-МАЈ 1945 ГОДИНА

## 1. Состојба на Европското и Југословенското боиште во 1945 година

Во почетокот на 1945 година, Германија беше доведена во многу тешка воена, економска и политичка ситуација. Скоро сите нејзини довчерашни сојузници речиси беа ја напуштиле со исклучок на Јапонија која беше премногу далеку за да може било што да направи како помош за Германија, уште повеќе што и таа се наоѓаше во мошне незавидна ситуација и постојано повлекување пред противникот.

Огромните губитоци на Германија на фронтовите, знатно ја намалија борбената вредност на германските дивизии. Со цел одбрана на своите западни граници Германија ја изгради Зигфридовата линија која се состоеше од 2 до 3 појаса на утврдени положаи.[287]

[287] Зигфридовата линија или Западен Бедем, претставува германски утврден фронт на границите кон Франција, Белгија и Холандија. Називот го доби по името на германскиот легендарен јунак Зигфрид. Таа е градена во периодот од 1938 до 1945 година.

Основните цели на сојузничкиот план за продолжување на операциите во текот на 1945 година останаа воглавно исти како и пред почетокот на германската протифофанзива во Ардените.[288] Разработката на донесените одлуки во Мастрихт од 7 декември 1944 година го лоцираше времето на операциите, а од средината на јануари 1945 година припремите на плановите се забрзаа. По усогласувањето на извесните недоразбирања во поглед на командувањето и одредувањето на тежиштето на борбите, на конференцијата на британските и американските претставници на островот Малта од 30 јануари до 2 февруари 1945 година, конечно е усвоен планот за продолжување на операциите на западниот фронт во текот на 1945 година.[289] Со овој план беше

---

Се состои од околу 600км должина и околу 22.000 воени објекти.Беше наменета за одбрана на Третиот Рајх од евентуалниот напад на Западните сојузници. Нејзината практична примена дојде до израз дури при крајот на Втората светска војна во зимата 1944/45 година, кога благодарение на неа беше сопрено за кратко време сојузничката офанзива од запад. По војната оваа линија сојузниците ја демонтираа.Istorija. Enciklopedski leksikon,Mozaik znanja.Inter pres, Beograd,1970,738.

[288] Арденската против офанзива е една од последните офанзиви на Германија против сојузниците.Неа ја изведоа единиците на Германија на Западниот фронт во периодот од 16 декември 1944 до 16 јануари 1945 година.Оваа операција се одвиваше на планинскиот масив на Ардените кон правецот на Франција. Со неа беше предвидено сопирање на сојузничката офанзива и преминување на единиците на Германија во контра офанзива. Но и покрај почетните успешни дејства, оваа против офанзива заврши со неуспех на Германија.Линијата на фронтот која беше померена во текот на оваа операција кон запад, по завршувањето на истата пак се стабилизира на почетните позиции.Во текот на операциите на Арденската против офанзива, сојузниците имаа значителни загуби во првиот период, но подоцна при крајот се зголемија губитоците на единиците на Германија.Drugi svetski rat 1939-1945.Mladost, Beograd, 1969, 362.

[289] По долги преговори и одложувања, на 6 јуни 194 година со истоварување на сојузничките сили во Нормандија во Франција, започна операцијата "Оверлорд", со што практично беше отворен Втoриот-Западен фронт против Третиот Рајх. Со отворањето на овој

предвидено пробивање на Зигфридовата линија, воспоставување на мостобран на реката Рајна, одсечување на Рурската област од останатиот дел на Германија и пробив кон градот Франкфурт на Мајна со настапување во правец на градот Касел.[290]

Првата етапа од овие операции опфаќаше пробив на Зигфридовата линија и избивање на реката Рајна, која започна на 8 февруари 1945 година и траеше скоро до крајот на месецот март истата година. Во втората етапа започна со форсирањетона реката Рајна во текот на месец март 1945 година. По Рурската битка водена од 29 март до 18 април 1945 година, следуваа операции на гонење на германските единици низ Германија,Австрија и Холандија. Овие операции завршија на 7 мај 1945 година, со понудата за капитулација на Германија од страна на германскиот генерал Јодл во името на наследникот на Хитлер, адмиралот Дениц. Поради ова непријателствата беа прекинати помеѓу 8/9 мај 1945 година. Некои армиски делови оваа наредба не ја почитуваа во целост како што е случајот со германските единици на северот од Југословенското боиште.[291]

---

фронт, започна процесот на приближување на војските на антихитлеровската коалиција кон границите на Третиот Рајх.Отворањето на Западниот фронт имаше неколку значења и тоа:Третиот рајх мораше сега да се бори на повеќе фронтови, се растерети источниот фронт со префрлање на дел од германските војски на Западниот фронт, се засили отпорот во окупираните територии и друго.Со константното напредување на војските на членките на антихитлеровската коалиција од исток, запад и југ, се стегаше обрачот кон границите на Третиот Рајх, се до конечното спојување на источниот и западниот фронт во мај 1945 година и капитулацијата на Третиот Рајх. Со тоа практично заврши Втората светска војна во Европа.Истото.

[290] Истото,372.

[291] Истото.

Со тоа официјално заврши Втората светска војна на Европското боиште.[292]

Кон крајот на 1944 и почетокот на 1945 година, фронтот на Црвената армија на истокот се протегаше на линијата: Мазурски езера-река Нарва-река Висла - Кошице - Естрогом - Балатон - река Драва.На крајното лево крило на овој фронт се наоѓаше 3 Укарински фронт ориентиран со своите главнни сили кон освојувањето на градот Виена. Во периодот од 12 јануари до 3 февруари беше ослободена Полска, а во борбите од 13 јануари до 25 април 1945 година, беа уништени германските единици во Источна Прусија. Во периодот од 14 до 30 март истата година, потполно беше уништена германската група армии "Висла". Во почетокот на 1945 година, единиците на Црвената армија, успешно ја изведуваа битката на јужното крило на фронтот во Западна Унгарија и Јужна Германија, кој се спојуваше со фронтот во Југославија што го држеа единиците на Југословенската армија. По префрлањето и сконцентрирањето на поголем број германски единици на овој фронт,

---

292 Втората светска војна, траеше шест години, започна на 1 септември 1939 а заврши на 2 септември 1945 година со капитулацијата на Јапонија. Во виорот на оваа најголема светска војна до сега беа зафатени вкупно 61 земја, од кои практично војната се изведуваше на територијата на 40 земји, или 20% од вкупната светска површина.Со војната беа опфатени 17 милијарди луѓе, од кои директно беа мобилизирани во воените единици 110 милиони луѓе. Вкупниот број на загинатите изнесува 50 милиони луѓе, а на ранетите 35 милиони. Во војната за прв пат беше употребена атамската бомба во август 1945 година од страна на Соединетите Американски Држави(САД) врз јапонските градови Хирошима и Нагасаки. Овој најголем воен судир во историјата на човештвото, се водеше помеѓу силите на Обединетите народи и силите на Тројниот пакт кои имаа цел да го завладеат светот. Војната заврши со потполна победа на силите на Обединетитће народи собрани во Антихитлеровската коалиција над фашизмот.Истото,542.

Германската Врховна команда одлучи да превземе контра офанзива на овој дел од фронтот, оценувајки го истиот како мошне значаен за понатамошниот развој на идниот тек на настаните.Тука беа сконцентрирани:6 германска армија,2 оклопна армија, 6 СС тенковска армија кои влегуваа во состав на групата армии "Југ", потоа делови на армиската група "Вајкс" која припаѓаше на армиската група "Е". Вкупно тука беа сконцентрирани околу 310.000 германски војници и офицери, со околу 6.000 топови и минофрлачи, 1.600 тенкови и преку 850 авиони.[293] Со германскиот план беше предвидено едновремено да се нанесат три удари односно продори, во кои што главниот удар би го имала 6 СС тенковска и 6 германска армија на просторот помеѓу езерата Балатон и Валенце со општ правец на настапување кон на Дунавфелдвар. Оваа операција која имаше директно влијание на фронтот во Југославија во првите денови на месец јануари 1945 година, започна со пробивот кон Балатонското езеро по цена на огромни губитоци од германска страна а со цел воспоставување конатакт со окружените германски единици во просторот на Будимпешта. Но ефектите од оваа контраофанзива од германска страна беа минимални и истата многу брзо премина во отстапување и одбрана, така што на 13 февруари 1945 година, советската армија заробува 110.000 германски војници и офицери во обрачот кај Будимпешта. Но гермнанците повторно превземаат контраофанзива на 6 март 1945 година повторно во реонот на Балатонско езеро, пробивајки го фронтот 3 до 4 километри со употреба на скоро сите резерви. По десетдневните

[293] Истото,303.

борби од 6 до 15 март истата година, заврши и оваа последна германска противофанзива на овој дел од фронтот а со тоа и сите германски надежи да се продолжи војната и успори напредувањето кон Берлин.[294]

Во понатамошниот тек на настаните, следуваше Виенската операција на Црвената армија, која беше изведена во три етапи. Во првата етапа во периодот од 16 до 20 март 1945 година, советската армија со 2 и 3 Украински фронт ја разби германската одбрана во пределот на Естрогом, езерата Валенце и Балатон. Во втората етапа во периодот од 26 март до 4 април истата година, единиците на Црвената армија избија на границите помеѓу Унгарија и Австрија, дафајки на 3 април кон приодите на Виена. Во третата етапа во периодот од 5 до 25 април 1945 година, беа разбиени германските позиции кај Виена со што беше завземен овој град на 11 април истата година. Со тоа се отвори патот на Црвената армија кон Берлин и јужниот дел на Германија.[295]

Бидејки во првите месеци на 1945 година, Црвената армија успеа да навлезе во Источна Прусија,Полска и Источна Поменарнија и кон крајот на месец март 1945 година изби на бреговите на реките Одра и Ниса, започнаа припремите за завршните операции за завземање на главниот град на Германија Берлин.[296]

Берлинската битка траеше од 18 април до 8 мај

[294] Истото,305.

[295] Истото,305.

[296] Истото.

1945 година. Во тие последни денови на месец април и почетокот на месец мај 1945 година, Германија практично веќе не постоеше, нејзиниот партиски, државен и воен апарат наполно беше парализиран. На 29 април 1945 година, беше потпишан актот за капитулација на германските сили во Северна Италија, а на 4 мај истата година капитулираа и германските сили во Холандија, Северозападна Германија и Данска. Во наредните денови, сите германски вооружени формации го положија оружјето пред западните сојузници, додека германските формации на преостанатите делови на Советско-германскиот и Југословенско-германскиот фронт и понатака даваа силен отпор барајки начин да се повлечат што подалеку кон запад за таму се предадт и капитулираат пред западните сојузници. Сепак на 15 мај 1945 година, последните германски сили на просторор на Југославија капитулираа, а на 19 мај истата година беа уништени и последните помали групи кои се обидуваа да дадат отпор на територијата на Чехословачка и Австрија. На 23 мај 1945 гподина, престана да функционира и последната германска влада на чело со адмиралот Дениц. Члeновите и офицерите на бившиот Германски Генералштаб кои ја преживејаа капитулацијата, подоцна беа изведени пред Меѓународниот воен суд во Нирнберг и осудени како воени злосторници.[297]

Пресвтрен момент во воен поглед во текот на втората половина на 1944 година на југословенското боиште претставуваше Белградскта операција. Оваа операција беше извршена со заедничко содејство на едониците од составот на Третиот

[297] Nave Airey, Osobno svjedočanstvo o sugjenju glavnim nacističkim zločincima 1945-1946 godine. Globus, Zagreb, 1988, 58.

украински фронт, дел од бугарските единици и единицитена НОВ и ПОЈ во периодот од 14 до 20 октомври 1944 година.[298] Со успешното завршување на оваа операција беше оневозможен комуникацискиот правец на германската армиска група "Е" преку овој важен ссобраќаен јазол на Балканот. Покрај тоа со ослободувањето на Белград во него се префрли военото и политичкото раководство на нова Југославија.[299] По ослободувањето на Белград, источните краеви на Југославија станаа позадина на фронтот, извор и база за пополнување на единиците на НОВЈ со нови борци. Значението на Белградската операција ги надминува локалните рамки и граници на Југославија, бидејки оваа операција се вклопуваше во општите напори на антихитлеровската коалиција за консолидирање на фронтот на Балканот, Унгарија и Италија во една целина.[300]

Кон крајот на 1944 и почетокот на 1945 година, по успешните операции за ослободување на Македонија,[301] Србија[302] и Црна

---

[298] Beogradska operacija (Drugo izdanje). Institut za vojnu istoriju Ministarsiva odbrane SSSR - Vojnoistoriski institut JNA, Beograd, 1989, 324.

[299] Истото.

[300] Истото.

[301] Федерална Македонија конечно беше ослободена на 19 ноември 1944 година, кога беше ослободен и последниот македонски град Тетово. Со тоа војната која на нејзината територија траеше 3 години, 7 месеци и 19 дена заврши. Историја на македонскиот народ. Книга трета, Период меѓу двете светски вјни и народната револуција (1919 - 1945). ИНИ, Скопје, 1969, 448.

[302] Федерална Србија, беше ослободена на 15 декември 1944 година со воспоставувањето на Сремскиот фронт на линијата Илок-Ердевик-Мартинци- река Дрина. на 17 јануари 1945 година, германските сили извршија пробив на Сремскиот фронт кон Србија, но по жестоките борби тие беа одбиени и на 24 јануари истата година, германскиот продор беше сопрен а фронтот стабилизиран. Drugi svetski rat. Pregled ratnih operacija, knjiga IV...440.

Гора,[303] знатно се измени воено-политичката ситуација и на Југословенското боиште. Со ослободувањето на еден голем дел на Југославија, во која егзистираа Федералните единици Македонија, Србија и Црна Гора, беше создадена стабилна позадина на која се потпираше Сремскиот фронт кој се формираше спрема германските сили на просторот на Југославија. Со тоа знатно се изменија условите за понатамошното водење на војната со премин оддотогашниот партизански начин на војување на фронтален начин на војување, по воспоставувањето на непрекинатиот фронт на просторот помеѓу реката Драва и Јадранското море. Со тоа Југословенската армија единствена покрај големите сили и сојузници самостојно го држеше делот од обрачот кој се стегаше кон Германија, обезбедувајки го стратегиски фронтот на 2 Украински фронт во Унагарија и Англоамериканскиот фронт во Италија со поврзување на нивните крила.[304] (Види прилог бр.9).

Уште во текот на месец октомври 1944 година, Германската Команда на армиската група "Е", по оперативниот пробив на Црвената армија и единиците на НОВЈ на двете страни на реката Дунав и во реонот на Белград, го согледа прекинот на сите дотогашни позадински сообраќајни врски. Поради тоа мораше да го менува правецот на повлекувањето кон северо-запад во првец на

[303] Црна Гора е ослободена на 31 декември 1944 година со ослободување на Мојковац. Борбите за ослободување на Црна Гора всушност беа борби со 21 планински германски армиски корпус кој се повлекуваше преку овој простор. Во овие борби 21 германски корпус претрпе знатни загуби но сепак успеа да се соедини со германските сили кои од север му пријдоа на помош. Истото...450.

[304] Љубивоје Пајовиќ, Душан Узелац, Милован Џелебџиќ, Сремски фронт 1944-1945. БИГЗ, Београд, 1979, 17.

територијата помеѓу Јадранското море и реката Сава и таму да отвори нови врски и добие потпора на сопствените сили на север на Балканот каде беа лоцирани единиците на 2 оклопна армија.[305] Целта на оваа операција беше од сега натаму целокупните сили на Југоистокот да се сконцентрираат на територијата на Западна Хрватска, како би можела одовде да се поведе одбрана на Југоисточните граници на Рајхот по можност офанзивно.[306]

По префрлањето на Командата на армиската група "Е" од Косовска Митровица во Сараево на 15 ноември 1944 година, изгледаше дека е осигурано повлекувањето на германските сили од Македонскиот и Јужносрбскиот простор преку реката Дрина кон Босанско-Хрватскиот, со подигање на мостот кај Вишеград и завземањето на мостобраните кој Рогатица и Љубовија.

Кога од страна на Германската Врховна команда беше утврдено, дека на Командата на армиската група "Е", ќе и се стави во задача да ја брани јужната и источната граница на Хрватска која требаше и понатака да се држи како сојузник на Германија, тогаш во една процена Командата на оваа армиска групација изјави дека поставената задача само тогаш успешно ќе ја изврши кога големината на границите спрема фронтот кои требаше да се држат барем приближно би одговарале на големината мна борбената сила на нејзините расположиви трупи. При тоа

[305] Извод од Воениот дневник на Командата на армиската група "Е", за периодот од 1 октомври до 31 декември 1944 година. Упатство за водење борби од 18 октомври 1944 година. АВИИ,Т-311,р.185.

[306] Истото.

отежнувачки околности беа тешките врски со позадината и недостатокот на резервни сили. Поради тоа Командата на армиската група "Е", упати предлог до Врховната германска команда, за напуштање на Босанскиот и Јужнохрватскиот простор и сконцентрирање на сите преостанати расположиви сили како и новоподредените сили, позади општата линија Риека-Бихаќ-Бања Лука-Босански Шамац-Винковци-Вуковар, при што границите на овој простор упорно би се бранеле.[307] Овој предлог беше подржуван и од страна на Командата на Југоистокот, но од страна на Врховната германска команда овие предлози не беа прифатени. Следуваше наредба на Врхована германска команда да се држи целокупниот простор на Хрватска со исклучок на Далматинската обала, при што на источниот дел на фронтот беа предвидени потребни нови одбрани на општата линија Мостар-Вишеград-река Дрина- до устието на река Сава во Дунав кај Илок.Ова долго и упорно инсистирање и придржување на германската Врхована команда на оружените сили на овој план и подоцна кога е веќе надвор од секое сомнение неговата неизводливост се базираше на глобалниот германски план со кој беше предвидено по губитокот на важниот простор на северна односно Источна Германија на кои мораше практично да се смета, со држењето на Хрватско-Унагарскиот простор би се осигурала слобода на движењето и потребна база за суровини на Југоитокот толку потребни за понатамошното водење на војната. При тоа се сметаше и на скорешното изострување на спротивностите помеѓу сојузниците

[307] Резингер Шмидт Рихберг, Борби и движења на армиската група "Е" по доаѓањето на Босанско-Храватскиоот простор околу прекретницата 1944-1945.АВИИ,ф.Германска архива,к-7о-а, рег.бр.3/3-а.

кои би донеле еден ден спасување од оваа за германците изгубена ситуација.[308]

Поради сето тоа, германските единици во месец септември 1944 година, започнаа да го утврдуваат Срем и своите позиции на овој простор. Со време тука тие изградија седум воени цврсти фронтовски позиции, од кои четири беа изградени како непрекината линија на рововски систем на просторот од реката Сава до реката Дунав. Овие фронтовски позиции германските команди шифрирано ги нарекуваа почнувајки од исток кон запад со следните имиња:кафеава,зелена,жолта,црна,црвена,Нибелушка и одново зелена одбрамбена линија. Првите фронтовски позиции беа изградени по системот на утврдени отпорни точки на линијата село Добринци-село Путинци-Село Шатринци-село Крушедол и истите беа именувани како кафеава линија. Главното упориште и отпорна точка пак на зелената линија беше градот Рума, на жолтата линија градот Сремска Митровица, на петтата односно црвената линија одбрамбен пункт и главна отпорна точка беше градот Илок кој беше завземен од страна на единиците на НОВЈ односно од 1 пролетерски корпус и 6 стрелечки корпус на Црвената армија дури во декемвриската офанзива 1944 година.Последните германски фронтовски позиции-зелената линија на просторот на Срем се протегаа источно од линијата Жупања-Винковци-Вуковар. Оваа линија ќе биде пробиена дури во пролетната офанзива на Југословенската армија на 12 април 1945 година.[309]

[308] Истото.

[309] Schmidt-Richberg Erich,Der endkampf auf dem Balkan...160.

Во есен 1944 година, започна од германска страна изградбата на "Звонимировата линија" на одбраната, која се протегаше од Карловац преку Дуго село до Драва кај Копривица. Во април 1945 година оваа линија не беше готова скоро ни на едно место а во поголемиот дел скоро и не беше почната со работа. Особено за германската страна беше важно држењето на Звонимировата линија", што подолго се додека 2 оклопна германска армија ги држи позициите источно од градот Наѓ Кањижа, бидејки таму се наоѓаа изворите на нафта кои беа единствени значајни снабдувачи со гориво на Германија која се наоѓаше во смртоносна нафтена криза.[310]

Во текот на месец јануари 1945 година, тежиштето на активноста на армиската група "Е" се померуваше се повеќе кон север. Во надлежност на оваа армиска група сега премина и просторот на Срем и Славонија кои пред тоа ги држеше 2 оклопна армија, која пак беше усмерена кон фронтот североисточно од реката Драва. Поради тоа армиската група "Е" го помести своето седиште од Сараево во Нова Градишка. 2 оклопна армија се га тактички беше потчинета на германската група армии "Југ", но надлежноста за нејзино снабдување остана во рамките на Врховната команда на Југоистокот, чие седиште беше во Загреб и под чија Команда се наоѓаа и:армиската група "Е" и 69 армиски герамски корпус за посебна намена на кој му беа потчинети претежно хрватските трупи и козачката дивизија.[311]

---

[310] Истото.

[311] Kosta Pavlović, Nemačke oružane snage u Jugoslaviji za vreme završnih operacija. Završne operacije za oslobogjenje

На 26 март 1945 година, командантот на армиската група "Е", генерал-полковникот Александар Лер ја прими во Загреб Командата на Југоистокот од дотогашниот командант на армиската група "Ф" генерал-фелдмаршалот Фрајхер Максимилијан фон Вајкс, кој оваа функција ја обавуваше од 1943 па се до март 1945 година.[312] Под непосердна команда на Лер беа ставени и нови единици како што беше 15 планински армиски корпус за одбрана на Јадранската обала до Риека, подоцна 69 и 97 армиски корпус кој припаѓаше на армиската група "Ц" која го држеше фронтот во Италија. Основна задача на германските сили на Југоистокот беше да ги затвори сите правци кои водеа од Централна Југославија со цврсто бранење на Хрватска и Словенија преку поврзување со германските армии во Унгарија и Италија.[313]

Кога Командантот на армиската група "Е" на 27 март 1945 година во Загреб ја прими должноста Врховен Командант на Југоистокот, ситуацијата на боиштето на овој простор беше следната:

Левиот сосед, групата армии "Југ" беше под силен притисок на советската офанзива која првенствено беше усмерена кон освојувањето на Виена, која падна на 9 април 1945 година. 2 оклопна германска армија мораше да ги напушти своите положаи, така што армиската група "Е" повторно остана незаштитена од страната на реката Драва. Десниот сосед, Врховниот заповедник на

---

Jugoslavije. Za pobedu i slobodu..., knjiga 9 ...763.

[312] Наредба на Врховната германска команда бр.255/1845 од 1 март 1945 година.АВИИ,к-21,рег.бр.23/1.

[313] Истото.

Југозападот, се наоѓаше во жилава одбрана на Италијанскиот фронт и во постепено повлекување кон север. Долж германско-Унгарската граница се протегаше одбрамбената линија наречена "Линија на Југоисточната државна граница"(Südost reichstelung"), а од јужните падини на Алпите "Алпската линија"(Alpenstelung").[314]

На источниот фронт германците и понатака ја имаа главнината на своите сили, околу 57,1% од својот целокупен состав, кои беа организирани во четири армиски групи со вкупно 3.100.000 војници и офицери, распоредени во 185 дивизии и 21 бригада.[315]

На Западниот фронт беа рспоредени три групи на армии со вкупно 1.000.000 војници и старешини, распоредени во 77 дивизии.[316]

На фронтот во Италија беше распоредена една армиска група со вкупно 600.000 војници и офицери, состевена од 25 дивизии.[317]

На фронтот во Југославија беше распоредена армиската група "Е" и дел од армиската група "Ц" и "Југ" со вкупно околу 680.000 впојници и офицери од кои 450.000 германци и околу 230.000 квислинзи. Овие сили организациски припаѓаа кон 44 дивизии и повеќе помали единици.

Распоредот на армиската група "Е" на

[314] Drugi svetski rat. Pregled ratnih operacija. Knjiga 5, Dogagjaji od 1 januara do 2 septembra 1945 godine. VII, Beograd, 1970, 45.

[315] Истото, 269.

[316] Истото, 353.

[317] Истото, 240.

Југословенското боиште кон крајот на месец март 1945 година беше следниот: 92 армиски корпус за посебна намена беше со штаб во Нашице на Драва и го држеше просторот од Даљ до село Чаѓавице, 15 СС козачки коњички корпус беше со штаб во Подравска Слатина и ја држеше положбата од река Драва и тоа од село Чаѓавице до Вировитица, 34 армиски корпус за посебна намена беше со штаб во село Нуштар кој Винковци распореден на Сремскиот фронт помеѓу село Мохово и река Дунав, устието на река Дрина во Сава и на десната обала на реката Сава на просторот Брчко-Бјелина, 21 планински армиски корпус беше со штаб во Сараево, рапореден на поширокиот простор на овој град и неговата околина како и долината на река Босна, 15 планински армиски корпус беше со штаб во село Острожац кај Бихаќ, распореден во долината на река Уна и просторот Лика,Горски Котар и Кордун, 69 армиски корпус за посебна намена беше со штаб во Загреб, распреден на река Драва од Вировитица до Ормож кај Кутина и на простопрот село астребарско,Карловац,село Генералски стол и 97 армиски корпус за посебна намена беше со седиште во Спеса, распореден во Истра и Словенечкото приморје.Овој корпус беше потчинет на Командата на армиската група "Ц" во Италија, а од 25 април 1945 година е директно потчинет на Командата на армиската група "Е", односно Врховниот командант за Југоистокот. Единиците на овој корпус беа распоредени се до реката Соча.[318]

Уште додека траеја завршните операции на сојузничките армии на Европското боиште, во Белград во текот на

[318] Drugi svetski rat.Knjiga treća.Mladost,Zagreb,1980,254.

месец февруари 1945 година беше одржан состанок помеѓу Врховниот командант на ЈА, Јосип Броз Тито, советскиот Командант на Третиот Украински фронт маршалот Толбухин и командантот на сојузничките сили во Италија фелдмаршалот Александер.Тогаш беше договорено во текот на месец март 1945 година да отпочнат офанзивните операции на ЈА во долината на реката Уна, преку Лика до Горски Котар,Риека и Истра, со цел ЈА да ги привлече кон себе силите на 97 германски армиски корпус за посебна намена од реонот на Трст и на тој начин да ја олесни сојузничката офанзива во Италија. На овој состанок беа утврдени главните насоки во усклaдувањето на завршните операции на Црвената армија во Унагарија, западните сојузници во Италија и ЈА на југословенското боиште.[319]

Збиднувањата на фронтот во Италија и особено на фронтот во Унгарија во наредниот период, имаа најнепосреден одраз на воената ситуација и состојба на југословенското боиште и многуте германски постапки во Југославија беа условени со она што се смераше и планираше во германската Врховна Команда на фронтовите во Италија и особено во Унгарија.

Германската офанзивна активност во Унгарија и Југославија во првите месеци на 1945 година, како и држењето на така истурениот фронт во Југославија со значајни сили распоредени на ова боиште, призлегува од стратегиската оперделба на германската Врхоовна команда, тежиштето на понатамошните опреции да биде од северногерманскиот стратегиски правец кон

[319] Drugi svetski rat.Knjiga V...237.

јужното планинско подрачје на Баварија, северозападна Југославија и северна Италија. Сето тоа условуваше германската Врховна команда да држи на просторот на Унгарија и Југославија големи сили. *Само со согледувањето на взаемната корелација на* фронтовите во Југославија, Италија и посебно Унгарија во прва половина на 1945 година, може да се добие слика на воената состојба на овие простори. Врз основа на тоа може да се даде одговор на прашањето зошто германските трупи така упорно водат борба на Југословенското боиште и тоа во време кога Црвената армија беше на 80 км пред Берлин и кога западните сојузници го пробија германскиот фронт на запад и Зигфридовата линија и го отворија патот кон реката Елба, каде според одлуките во Крим требаше да се сретнат и спојат западните сојузнички војски со Црвената армија.[320]

Конечното ослободување на поголемиот дел од Југословенската територија во втората половина на 1944 година и почетокот на 1945 година создаде можности за солидна мобилизациска база за пополнување на постојните и формирање на нови единици и брз пораст на НОВЈ нејзино современо опремување благодарејки на заробеното оружје и сојузничката помош, што овозможи воспоставување единствен фронт кој го држеа единиците на ОВЈ. Тоа беа основните мотивирачки фактори, Врховниот командант на НОВЈ да донесе одлука на 1 јануари 1945 година да се изврши реорганизација на НОВЈ и се формираат 1,2 и 3 Југословенска армија, а два месеци подоцна и 4 армија на НОВЈ. На 1 март 1945 ,

[320] Истото...269.

Врховниот командант на НОВЈ да донесе одлука за преименување на НОВЈ во Југословенска армија, а Врховниот штаб на НОВЈ е реорганизиран во Генералштаб како непосреден орган на Повереноството за Народна одбрана за целата вооружена сила.[321] Првите фронтални дејства на Сремскиот фронт во класична смисла, започнаа кон крајот на месец октомври 1944 година.[322] Подоцна во почетокот на 1945 година, единиците на 1,2 и 3 ЈА на НОВЈ и 2 и 8 ударен корпус, го воспоставија единствениот југословенски фронт што се протегаше од реката Драва до реката Дунав, преку Срем, долината на реката Дрина источно од Сараево и Мостар до Книн и Задар. Овој фронт претставуваше неразделна целина од општиот сојузнички стратегиски фронт кој се стегаше околу Германија.[323]

Кон крајот на 1944 и почетокот на 1945 година, кон овој фронт беа сконцентрирани 60 пешадиски дивизии и две воздухопловни дивизии, како и многу други самостојни одреди и единици, распоредени ширум ослободената територија. Вкупно околу 650 000 борци и старешини ја сочинуваа силината на НОВЈ .Стратегискиот распоред на вкупните сили на ЈА пред почетокот на априлската офанзива беше следниот: Од 62 дивизии колку што беа нагажирани во завршните операции, 33 беа директно на фронтот, а 16 во позадината на непријателот, додека останатите беа

---

[321] Branko Petranović, Momčilo Začević, Jugoslavija 1918 – 1984...592.

[322] Овие дејства се одвиваа на територијата на Срем и по долината на реката Дрина. Љубивије Пајовиќ, Душан Узелац, Милован Џелебџиќ, Сремски фронт...44-45.

[323] Истото...240.

ангажирани во борба против остатоците од квислиншките воени формации и за заштита на државните граници.

За да се ублажат последиците од недоволно обучените новомобилизирани борци, Врховниот командант на НОВЈ, со своите наредби од 25 декември 1944 година, предвиде и нареди формирање на Дополонителни единици низ кои би поминале и обучувале новите борци, и дури по завршената обука би биле упатувани во составот на оперативните единици како на фронтот и во позадината на оалсободените територии.[324]

Така во месец март 1945 година, непосредно пред пробивот на Сремскиот фронт, ЈА во својот состав имаше четири армии и тоа:1,2,3 и 4, дванаесет корпуси и тоа 2,3,4,5,6,7,9,10,12,14 и 15 македонски ударен корпус, како и Корпус на народната одбрана и една оперативна зона со вкупно 52 дивизии, седум дивизии на КНОЈ и две воздухопловни дивизии, единици на Воена морнарица, самостојни пониски штабови и Военотериторијални команди. Покрај овие крупни оперативни тактички состави, во позадината на непријатрелот дејствуваа 36 партизански одреди и бројни други военотериторијални органи. Со сите овие сили командуваше Врховниот командант преку Генерлштабот на ЈА, кој непосредно ги припремаше операциите и со нив раководеше.[325]

Според планот на Врховниот командант и

---

[324] Armije u strategiskoj koncepciji NOR i Revolucije.Za pobedu i slobodu...knjiga 4...805.

[325] Završne operacije za oslobogjnje Jugoslavije 1944 - 1945. VII JNA,Beograd 1957,473.

Генерлштабот на ЈА, за дефинитивното ослободување на Југославија, а согласно претходниот договор во Белград , беше предвидено превземање на последната офанзива со опколување и заробување на главните германски сили на армиската група "Е", усташките и домобрански единици на просторот на нивното повлекување, односно Трст-Загреб-Целовец-Марибор. Во таа насока според општата замисла 4 ЈА треба да напаѓа од левото крило на фронтот во правец Госпиќ-Сењ-Риека-река Соча-Корушка,3 ЈА ќе напредува по долината на река Драва во правец на сијек-Вараждин-Марибор со избивање на просторот на Корушка каде ќе се спои со единиците на 4 ЈА, центарот на фронтот ќе биде држан од страна на единиците на 1 и 2 ЈА, со цел да се гони непријателот по Савскиот правец на просторот Белград-Загреб-Љубљана и на крајот партизанските единици во Словенија, корпусите 6 и 10 и во Хрватска 4 и 11 во горски Котар и Лика 7 и 9 и дригите единици ќе напаѓаат по комуникациите по кои се повлекуваат германските сили и нивните соработници.[326]

Тоа беше основната концепција на планот на дефинитивното ослободување на Југославија како втора етапа на завршните операции, во кој активна и носечка улога имаа и македонските единици од составот на 15 македонски ударен корпус.

**2.Припреми и активности на 15 македонски ударен корпус, непосредно пред пробивот на Сремскиот фронт, јануари-април 1945 година**

[326] Истото.

По пристигнувањето на 15 македонски ударен корпус во Срем, неговите единици беа разместени на повеќе места и тоа:во Земун каде што беше Штабот на корпусот беа уште и Штабот на 42 македонска дивизија и 3 македонска ударна бригада, во Добановци беше сместена 7 албанска бригада, во Бежанија и Сурчин беше сместена 16 македонска бригада, Штабот на 48 македонска дивизија беше сместен во Батајница, 1 македонска ударна бригада во Стара Пазова и во Војка, 2 македонска ударан бригада во Нова Пазова, додека 14 македонска младинска бригада "Димитар Влахов", беше стационирана во Батајница и Нови Бановци.[327]

Во сите овие места беше воспоставена тесна соработка на македонските единици со месното население, на културно-просветен, политички и економски план. Театарската група и хорот при Пропагандниот отсек на 48 македонска дивизија направи обиколка на единиците разместени во спомenатите места на Срем, изведувајќи при тоа културно-уметничка програма за борците.[328] Оваа програма беше гледана и од страна на месното население и прифатена со големо воодушевување. На 28 јануари 1945 година, хорот и театарската група при Пропагандниот отсек на 42 македонска дивизија, ги посети ранетите борци од Сремскиот фронт кои лежеа во Земунската болница.[329] При тоа за нив беше приредена кратка одбрана програма која предизвика трогателна слика кај

---

[327] Е.Тасковски, В.Картов, Четиринаесетта македонска младинска ударна бригада "Д.Влахов". Скопје,1981,101.

[328] Заедничка приредба израз на братството и единството. Млад Првобригадирец, весник на Прва македонска ударна бригада, 25 март 1945, Положај, 2.

[329] Драгољуб К.Будимовски, Вашиот воен дописник јавува...Студенстски збор, Скопје, 1986,53.

ранетите борци кои со нескриена радост ја прифатија програмата. На 14 февруари 1945 година, во Земун пред месното население, борците, месните органи на власта, присутните гости од Македонија:Емануел Чучков, повереникот за земјоделствод при НКОЈ, Бане Андреев Ронката, повереник за труд при НКОЈ, како и целиот Штаб на 15 македонски ударен корпус на чело со командантот Алексо Демниевски Бауман, беше приредена Литературно-музичка приредба од страна на борците на 15 македонски ударен корпус. Приредбата ја отвори Началникот на Пропагандното одделение при Корпусот Благој Поповски.[330]

Нешто подоцна 15 македонски ударен корпус, приредува исто така Литаратурна-музичка забава односно приредба на Коларчевиот Универзитет во Белград. Исто и на оваа приредба беа присутни бројни гости, борци и месното население. На приредбата беа изведени бројни маршеви, народни македонски песни, руски песни, партизански и црногорски песни, беа рецирани и песни одВенко Марковски и Ацо Шопов, како и повеќе скечеви.[331] Потоа следуваа приредбите во Инвалидскиот дом во Белград на 25 февруари и забавата во чест на прославата на 27 годишнината на Црвената армија во салата на Првата Машка гимназија во Белград, која заеднички ја организираа и приредија Одборот на НФ на македонците од Белград[332] со учество на хорот на 15 македонски

---

330 Од животот на 15 македонски корпус. МБ,II/15,Скопје, 24 февруари 1945 година,5.

331 15 ударни корпус даде приредба на Коларчевиот Универзитет. МБ,II/15,Скопје,24 февруари 1945,5.

332 Прв секретар на НФ на македонците од Белград, беше Дејан Алексиќ, а сега на чело на одборот беше Драги Аврамовски. На иницијатива на овој НФ, беше формиран македонскиот батаљон "Јане

ударен корпус. На приредбата покрај другите беа присутни и:Димитар Влахов,Емануел Чучков, Бане Андреев Ронката, Киро Петрушев, Павел Шатев и генераллајтанатот Михаило Апостолски, како и целокупниот раководен кадар на корпусот.

Месното население, започна со интензивна акција на прибирање помош за потребите на борците, нивното сместување и исхрана, како и помагање на борците во извршувањето на секојдневните задачи. Во оваа акција на прибирање на помош, предничеше Одборот на НФ на Македонците од Белград со седиште во "Домот на македонците" во Белград, во кој што се собираа сите македонци кои имаа желба да помогнат и да ги одржуваат контактите со својата тактковина Федерална Македонија. Во домот имаше читалиште, културно-просветна, музичка,економско-финансиска и други секции, како и зидни весници на македонски јазик. Одборот разви широка акција за собирање на материјална помош, при што собра околу 600.000 куни и преку 100.000 динари, наменети за потребите на македонските борци на фронтот.[333]

Веднаш по ослободувањето на Белград на 20 октомври 1944 година, македонците од Белград спроведоа акција на иницијатива на секретарот на НФ на македонците од Белград, Дејан Алексиќ и Милош Мацура, со дозвола на Командата на град Белград, да формираат една македонска единица составена од доброволци

Сандански" од македонци и други доброволци од Белград.Исто така Одборот интензивно работеше на полето на прибирање помош за потребите на 15 македонски ударен корпус. Драгољуб, К.Будимовски, Вашиот воен...65.

333 Македонците во Белград.НМ,I/5,Скопје,30 ноември 1944,5.

македонци и други. Така на 7 декември 1944 година е формиран баталјонот "Јане Сандански", кој влезе во состав на 1 Личка Пролетерска брогада "Марко Орешковиќ" од составот на 6 Личка пролетерска дивизија "Никола Тесла", како нејзин петти баталјон.[334] Командант на баталјонот во почетокот беше Душан Мајсторовиќ до 25 јануари 1945 година, а потоа по препорака на ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, Ламбе Михајловски, кој дотогаш беше полком на баталјонот. Во составот на баталјонот се наоѓаа околу 350 доброволци македонци и други. Сите оние кои дополнително се јавуваа како доброволци подоцна беа упатувани во составот на 15 македонски ударен корпус. Заедно со споменатите единици, баталјонот "Јане Сандански" учествуваше во операциите на Сремскиот фронт во борбите кај Врбања, Градиште, Пишкаревац, Нови Перковац, Чазма, Трбовац и Загребска гора. Но поради големита загуби во луѓе, истиот е расформиран на 21 март 1945 година во селото Адашевци, а борците од баталјонот беа разместени по останатите единици од составот на 6 Личка дивизија "Никола Тесла" и истите учествуваа во борбите за конечното ослободување на Југославија се до границите со Австрија.[335]

Заради што подобро обучување на борците и нивното запознавање со претстојната задача при пробивот на Сремскиот фронт, во рамките на 15 ударен корпус беа организирани повеќе

[334] Popović,Jovo, Prva Lička proeterska brigada "Marko Orešković".Ratna prošlost naroda i narodnosti Jugoslavije, knj.322.VINC,Beograd,1988,474. Djordje Orlović, Šesta Lička proleterska divizija "Nikola Tesla".VINC,Beograd,1990,461.

[335] Истото,86.

курсеви како што се:интендантски, разузнавачки, санитетски, ветеринарен и телеграфско-телефонски, како и воено-политички курс. Повеќето од овие курсеви беа наменети за раководниот кадар на корпусот, но и за борците од редовниот состав. Покрај тоа заради ликвидација на неписменоста, беа организирани курсеви за описменување на борците преку културно-просветните одбори. И покрај примитивните нагледни и други нужно потребни средства, материјали и помагала, ефектите од оваа акција беа очигледни и извонредно позитивни.[336]

Покрај наведените активности, корпусот воспостави контакти со месното население и на спортски план. Така на 21 февруари 1944 година, се одржа натпревар помеѓу фудбалската екипа "Македонија" и фудбалската екипа од Земун "Спарта".На овој натпревар како предигра се сретнаа екипите на 3 македонска бригада и на морнарицата. На спортски план беше мошне активен фудбалскиот тим на 42 македонска дивизија, како и фудбалската екипа на 1 македонска ударна бригада.[337]

---

[336] Еве што за ова стои во еден напис во Млад Борец од март 1945 година:"...Макар да културно-просветниот одбор не располаже со многу добри технички средства, во хартиа, моливи и креди, нарочни курсеви се одржават редовно за неписмените и добиените резултати са повеќе од задоволителни Нека примерите бидат свидетели. След доваѓањето на 500 албанци во 16 бригада имаше 900 неписмени а сега бројот на неписмените е точно 300. Во Трета ударна бригада од 290 неписмени, 230 се научива добро да пишат и чатат а другите 60 души усилено работат за да ги достигнат своите другари кои веќе са писмени луѓе. Ликвидација на неписменоста меѓу војниците од 15 корпус. МБ,IИ/19,Скопје,20 март 1945,5. Кон оваа бројка треба да се додаде и бројката од 155 души описменети борци од составот на артилериските бригади кои подиоцна пристигнаа.

[337] "Млад Првобригадирец"-весник на 1 македонска ударна бригада, 25 март 1945, положај.Спорт-Интерна болница-младината на 1 армија4:0.

На крајот би ги споменале и активностите на 15 македонски ударен корпус на полето на издавање весници на своите единици.Така во периодот пред и за време на пробивањето на фронтот при овој корпус, покрај другите беа издавани весниците:"Мугри",весник на 14 младинска македонска бригада "Димитар Влахов","Млад првобригадирец", весник на 1 македонска ударна бригада, "Глас", весник на 48 македонска дивизија, "Во борба",весник на 1 бригада,"Нашиот удар", весник на 2 бригада,"Нашата офанзива" весник на 14 бригада, "Артилерец", весник на артилериската бригада, "Фронтов билтен", весник на 48 дивизија и други. Исто така скоро при сите единици беа приредувани зидни весници кои третираа проблеми сврзани со работата и дејноста на поедините единици од составот на корпусот.[338]

По пристигањето на 1 и 2 артилериска бригада на 1 и 2 март 1945 година и нивното сместување, 1 артилериска бригада на Дедиње, а 2 на Земун, истите влегоа во составот на 42 односно

---

[338] "...Во време на офанзивата сите бригади издаваа свои фронтови билтени. Условите на офанзивата не позволјаваа издавање на поголеми публикации. 1 бригада го издаваше својот "Во борба"(4 броја), 2 бригада "Наш удар" (5 броја), 14 бригада "Нашата офанзива" (7 броја), Артилериската бригада "Артилерец" (4 броја). Тука беа опфанати директно дописи от борците и от самите борби. Се даваше преглед на актуелните светски војно-политички моменти заедно со радио новините. Беа издавани радио новини пооделно. Дури и през време на офанзивата во најкусото слободно време се издаваа зидни весници. 14 бригада издаде рекорден број 12 зидни весници (Технички и инаку најарен тој на приштабските единици-број 4). Актуелните статии се умножуваа. Се издаваа и специјални билтени, како: приликом паѓањето на Берлин, капитулацијата на Германиа и друго".Из нашата штампа.Глас на 48 македонска ударна дивизија, Брчко, април-мај 1945,19.

48 македонска дивизија. Командант на 1 артилерикска бриигада беше Стево Златар, а на 2 артилериска бригада Димитрие Гулевски.

Веднаш потоа бригадите го примија новото советско оружје и започнаа обука на истото, со посредство на советските инструктори. Така комплетиран , наоружан и обучен, 15 македонски ударен корпус, непосредно пред одењето на Сремскиот фронт по повод 27 март, учествуваше во парадата што се одржа во Белград.

Во ноќта помеѓу 28 и 29 март 1945 година, сите единици од 15 македонски ударен корпус тргнаа кон Сремскиот фронт срдечно испратени од месното население од селата и местата каде што единиците претстојуваа.Покретот беше изведен делумно со воз и делумно пеш, а единиците се разместија на фронтот со основна цел помагање на операциите на соседните армии односно 2 и 3 ЈА, како и подобрување на почетните позиции непосредно пред почетокот на пробивот на фронтот. Во почеток единиците на 15 македонски ударен корпус, беа разместени на следниот начин:3 бригада во село Љуба, 7 во Мартинци, 16 во Ердевик, Штабот на 42 дивизија со своите приштабски единици кои беа во резерва и 1 артилериска бригада во текот на 29 март, вршеа припреми за маршот во правец на фронтот. Веќе на 30 март , 7 бригада од Мартинци се префрли на потезот Село Кузмин-с.Дивош-с.Бингула, каде со останатите единици завзеде нов положај, во Илок се смести Штабот на 48 дивизија со своите приштабски единици и 1 и 14 бригада, 2 бригада во село Нештин, а 2 артилериска бригада во село Сусек на десниот брег на Дунав. Штабот на корпусот со своите приштабски единици се

размести во село Ердевик, а корпусната болница во село Лаѓарак.[339]

Основна задача на 48 македонска дивизија во овој момент, беше во случај на непријателски контранапад да ја помогне 1 пролетерска дивизија во реонот на Шаренград-Новак-Бапска, а на 21 српска дивизија во реонот на Беркасово, поради што 1 и 14 македонска броигада требаа да содејствуваат со 1 пролетерска дивизија, а 2 македоснка бригада со 21 српска дивизија. Во меѓувреме 2 македонска бригада привремено премина под командата на 11 дивизија и 8 Црногорска бригада на просторот кај селото Гуриќи.[340] За тоа време 42 македонска дивизија, доби задача да ги замени двете бригади од составот на 6 Личка дивизија "Никола Тесла", на просторот Винковци-Кодрашица-Градина. Во времето од 5 до 8 април 1945 година, единиците на оваа дивизија прибираа податоци за непријателот и вршеа извидувачка дејност на фронтот. На 4 април 1945 година, борците од 48 македонска дивизија, дадода свечена заклетва, а на истакнатите борци им беа доделени одликувања.

---

[339] Владо Стрезовски, Единиците на 15 македонски корпус на НОВЈ на Сремски фронт и во завршните борби за ослободување на Југославија. Зборник, Битола и Битолско во НОВ...1943-1945...книга 2...451.

[340] АВИИ,к-1364,рег.бр.5/1.

### 3. Македонските единици во Втората етапа на завршните операции за ослободување на Југославија април-мај 1945 година

Пред почетокот на пробивот на Сремскиот фронт, Штабот на 1 Југословенска армија, формираше три привремени оперативни состави и тоа: Северна оперативна група за дејство на просторот помеѓу реката Дунав и село Босут, каде беа сконцентрирани 1 пролетерска дивизија, 21, 42 и 48 македонска и 22 српска дивизија, како и 2 ренковска бригада со два тенковски баталјони, Босутската оперативна група на дивизии на просторот помеѓу Босут и реката Сава ја сочинуваа 6 пролетерска, 11 краишка дивизија и коњичката бригада и Босанската група на дивизии за содејство во правецот Бјелина-Брчко, каде дејствуваа 2 пролетерска, 5 Краишка и 17 босанска дивизија. За командување со овие привремени оперативни состави, Штабот на 1 ЈА се подели и тоа Командантот на армијата Пеко Дапчевиќ со Началникот на оперативното одделение и Началникот на артилеријата, командуваа со Босанската и Босутската оперативна група на дивизии, а Началникот на Штабот на 1 ЈА, Милутин Морача командуваше со Северната оперативна група на дивизии. По пробивот на Сремскиот фронт овие привремени оперативни состави се угасија.[341]

Вкупната бројна состојба пред почетокот на

[341] Milovan Dželebdžić, Istoriske odluke Vrhovnog komandanta druga Tita u završnim operacijama uz trideselogodišnjicu pobede nad fašizmom. VIG, XXIX/5, VIIZ, Beograd, septembar-oktobar 1975, 97-98.

пробивот на фронтот на 1 ЈА, изнесуваше 111.078 борци и старешини, од тој број на 15 македонски ударен корпус отпаѓаа 17.786 борци истарешини.[342] 48 македонска дивизија пред самиот пробив остана без 14 македонска бригада, која беше придодадена на 21 српска дивизија се до ослободувањето на Винковци. Оваа дивизија во почетокот беше задржана како втор ешалон на 1 ЈА на правецот на главниот удар на пробивот на фронтот и истата е воведена веднаш во борбите заедно со 21 српска дивизија на просторот на селата Илача и Шидски бановци. Додека пак 42 македонска дивизија беше ангажирана во правецот на просторот кон село Товарник. Дивизиските резерви кои беа како приштабски единици во првите денови на борбата не беа воведени на фронталната продорна линија. Исто така од 1 македонска артилериска бригада од составот на 42 македонска дивизија, беше одземен еден дивизион и придодаден на 6 пролетерска дивизија. Ширината на фронтот кој го држеше 42 македонска дивизија изнесуваше околу 14км и истиот се протегаше на просторот Илинци-Товарник.

Со влегувањето во составот на 1ЈА, 15 македонски ударен корпус на 27 март 1945 година беше ставен под командата на Штабот на оваа армија, а Штабот на Корпусот продолжи и понатака да егзистира се до освојувањето на Славонска Пожега, кога на 21 април 1945 година истиот е расформиран, а 42 и 48 македонска дивизија по заповед на Штабот на 1 ЈА, пов.бр.150 од 22 април истатат година, се упатени да го гонат непријателот во

---

342 АВИИ,к-257а,рег.бр.7-4,3-1/4.

правец на Славонска Пожега-Пакрац.[343]

Според операцискиот план на Штабот на 1 ЈА, пред Северната оперативна група на дивизии кон која спаѓаа и единиците на 15 македонски ударен корпус, беа поставени задачите да на десното крило на Сремскиот фронт, заедно со останатите единици од оваа групација го пробие фронтот и што побрзо избие на линијата Вуковар-Винковци. На 10 април 1945 година, беше издадена заповед од страна на 1ЈА за пробив на Сремскиот фронт во 5 часот наутро. Во оваа заповед покрај другото се вели:"...Нашата армија доби задача да изврши пробив на непрјателската линија на Сремскиот фронт, да ја разбие непријателската одбрана на правец Винковци-Вуковар и да со силен налет го завземе Винковци и Вуковар...За извршување на оваа задача, Штабот на армијата одлучи, главниот правец на ударот да биде на отсекот на фронтот: досегашното лево крило на 1 дивизија(безимена шума источно од Труниќевиот салаш-Среден потез)."[344]

Веднаш по ова наредба, следуваше измена и дполнување на заповедта на Штабот на 1 ЈА пов.бр.125, од 10 април 1945 година, со нова наредба о.бр.129, од 11 април 1945 година.[345] Во оваа наредба покрај другото е означен точниот датум на почетокот на пробивот на фронтот и во неа покрај другото се

---

[343] АВИИ,к-784,рег.бр.17-1/2.

[344] Заповед на 1 ЈА до 10 април 1945 година, до штабовите на потчинетите единици за пробив на Сремскиот фронт.АВИИ,к-251,рег.бр.41-6/1.

[345] Наредба на Штабот на 1 ЈА, о.бр.125, од 11 април 1945 година, за измена и дополнување на армиската заповед о.бр.125 од 10 април 1945 година.АВИИ,к-251,рег.бр.45-1/1.

вели:"...Почетокот на нападот: артилериска припрема ќе почне на 12 април во 4,45 часот и ќе трае 15 минути, со тоа што артилерискиот препад ќе се изведе во траење од по 3 минути. Точно во 5 часот пешадијата ќе изврши јуриш и продор на непријателската линија...Штабот на 15 корпус ќе издаде веднаш наредба на 48 дивизија со која една нејзина бригада е ставена веднаш под команда на Штабот на 21 дивизија, а другите две бригади мораат во текот на ноќта 11/12 април да се постават на припремниот положај во шумата Бриз, од каде веднаш по пробивањето на непријателската линија на главниот правец на ударот ќе појде на својата задача...".[346]

Пробивот на Сремскиот фронт започна на 12 април во зората со 15 минутна артилериска припрема од 120 артилериски оружја и авионска припрема со два налета од по 50 авиони, на одсекот Мохово-Ловас и Товарник. Веднаш потоа следуваше силен напад на пешадијата при што во борбата беше воведена и армиската резерва, односно 48 македонска дивизија со задача да продира на левото крило на 21 српска дивизија во правец на Шидски Бановци и со странично дејство да помогне на 42 македонска дивизија во напорите за завземање на Товарник.[347]

Првиот ден на продорот на 12 април, единиците од составот на Северната оперативна дивизиска групација на 1 ЈА, постигнаа извонредни резултати. Така на правецот на главниот

---

346 Истото.

347 Pukovnik Boro Mitrovski, Petnaesti makedonski udarni korpus u završnim operacijama za oslobogjenje Jugoslavije. Za pobedu i slobodu, Završne operacije za oslobogjenje Jugoslavije...knjiga 9...193.

простор во длабочина од 20 до 30 км е пробиен непријателскиот фронт, при што дивизиите ги достигнаа следните точки:1 дивизија го завзеде Вуковар, Борово и Богданци, 21 дивизија го завзеде Јегославце, Гелетовце и неговата станица, 42 дивизија го завзеде Товарник каде што се стационира армиската резерва и Илинци, а 22 дивизија го завзеде селото Адашевце. На 13 април, наутро 1 ЈА, без борбен допир со непријателот продолжи со настапувањето кон запад, настапувајки во парвецот кон Ориолик-Јанковци, 48 македонска дивизија изби пред Винковци кај селото Мирковци.[348]

Веднаш по нападот Командата ма армиската група "Е", која го држеше фронтот во Срем, побара од Врховната германска команда на оружените сили, согласност за отпочнување на евакуцаијата кон запад, бидејки нападот на 12 април, кон Сремскиот фронт од страна на Југословенската армија предизвика кај германските сили општо отстапувачко движење.[349] Југословенскиот напад, германските сили го очекуваа тука и го знаеја неговото тежиште, кое се претпоставуваше дека беше во просторот на Товарник. Но 41 германска дивизија од составот на 34 германски армиски корпус, мораше да го брани 60км долгиот фронт помеѓу Босут и река Дунав, при што и недостасуваа сили и средства за одбивање на нападот. Меѓутоа незадржлив беше продорот на единиците на 1ЈА и со тоа и на 15 македонски ударен корпус. По Товарник, беа ослободени: Ориолик, Славковци, Сремско Лазе, Јајковци, Мирковци и други места. На 13 април, единиците на 48

[348] Истото.

[349] Борби и движења...ф.Германска архива, к70а,рег.бр.3/3а.

македонска дивизија во содејство со останатите оперативни единици од 1 ЈА на овој сектор, во 14 часот прејдоа во напад на градот Винковци. Веќе во 17,30 часот, овој град беше завземен и отпорот на непријателот скршен.[350] По ослободувањето на овој град кон 48 македонска дивизија повторно е приклучена 14 младинска бригада "Димитар Влахов", а во градот Винковци по неговото ослободување на 14 парил, се премести Птабот на 1ЈА.На тој начин со завземањето на Винковци и Жупања, 1ЈА го проби непријателскиот фронт во Срем на целата негова длабочина и изби на линијата:Бобота-Винковци-Жупања, со што беше отворен патот за продор кон Славонски брод и понатаму кон Загреб. По ослободувањето на Винковци, 1 ЈА, превзеде напредување и на 14 април предвечер изби на линијата Горјани-ѓаково-Стриживодјно-Јаруга, при што во борбен допир со непријателот се наоѓаа четири дивизии:1,5,21 и48 македонска , додека останатите 6,17,11 и 42 македонска дивизија беа во вториот ешалон.[351]

Во меѓувреме германскиот Командант на Југоистокот, кој воедно беше и Командант на армиската група "Е", генераполковникот Александар Лер, на 13 април 1945 година навечер издаде наредба на 34 германски армиски корпус, истиот ноќта помеѓу 13/14 април, да ја напушти одбраната на Осијек, Винковци и Жупања и да ја заппоседне новата одбрамбена линија:Валпово--аково-Врпоље-Јаруга, со што би се создале поволни

350 Акции на 48 дивизија во офанзивата од 1 април до 6 јуни 1945 година.АВИИ,к-1364,рег.бр.1-12/2.

351 Истото.

услови за повлекувањето на 21 гермамнски армиски корпус од долината на Босна кон Славонски Брод и понатака кон Загреб.

На 14 април 1945 година, стигна пофалба од страна на Врховниот командант на Генралштатбот на ЈА, за успешно извршените операции и дводневните борби, што беше голем потстрек за понатамошното напредување на борците кон запад. Согласно заповедта на 1 ЈА од 15 април, беа дефинирани понатамошните акции на оваа армија за гонење на непеијателот во парвец на Славонски Брод и комуникациите Брод-Славонска Пожега-Нова Градишка.[352]

Во периодот од 14 до 17 април беа водени извонредно жестоки борби на линијата Ѓаково-Врпоље-река Сава помеѓу македонските единици и непријателските сили кои го бранеа овој дел на фронтот, при што особено тешки загуби при освојувањето на Врпоље имаше 3 македонска ударна бригада.[353]

Во меѓувреме, додека главнината на 1 ЈА ги привршуваше борбите на просторот Плетерница-Славионски Брод, отпочнаа борбите за ослободување на Славонска Пожега, каде на 18 и 19 април, пристигнаа 42 и 48 македонска дивизија под команда на Штабот на 15 македонски ударен корпус. Нападот на Славонска Пожега започна на 20 април , во 16 часот, при што 48 македонска дивизија напаѓаше од север, а 42 од југ. По борбите водени во ноќта 20/21 април, утрото, започна концентричен напад со сите сили и од сите страни на соамиот град и веќе во попладневните

[352] Заповед на Штабот на 1 ЈА бр.138 од 15 април 1945 година до Штабовите на потчинетите дивизии за гонење на непријателот кон Славонска Пожега.АВИИ,к-715,рег.бр.28-1/1.

[353] Истото.

часови градот беше ослободен.[354] Поучени од негативното искуство во борбите за ослободување на Врпоље, сега македонските единици при ослободувањето на Славонска Пожега извршија концентричен напад од сите страни така што помал дел од непријателските сили успеа да се пробие од обрачот и да се повлече кон ова Градишка, додека главнината беше уништена и заробена. Со ослободувањето на Славонска Пожега на 21 април 1945 година, заврши последната голема акција на 15 македонски ударен корпус како формациска целина, бидејки непосредно по тоа е расформиран Главниот штаб на корпусот и старешинскиот команден кадар од Штабот е распореден по Штабовите на 42 и 48 македонска дивизија. Двете дивизии 42 и 48 , беа ставени под директна команда на Штабот на 1 ЈА.[355]

Со пробивањето на непријателскиот отпор кај Долен Михољац-Нашице-·аково-Стриживојно-Јаруга, беше разбиен Сремскиот фронт, а со ослободувањето на Славонски Брод, Славонска Пожега и Вировитица беа создадени услови за успешно настапување на 1 ЈА кон Загред и на 3 ЈА кон Вараждин.

По ослободувањето на Славонски Брод и Салвонска Пожега, 42 и 48 македонска дивизија заедно со останатите дивизии од 1 ЈА, беа усмерени кон правецот Брод-Нова Градишка, а Штабот на армијата се смести во Пакрац. Во периодот од 25 април до 3 мај 1945 година, во втората етапа од офанзивата, единиците на 42 и 48 македонска дивизија, беа оринетирани кон кршење на отпорот на

---

354 Акции на 48 дивизија...АВИИ,к-1364,рег.бр.1-12/2.

355 Pukovnik Nikola Anić, Korpusi i divizije NOVJ u vreme reorganizcije NOVJ u Jugoslovensku armiju. Za pobedu i slobodu, Armije u strategiskoj koncepciji...knjiga 4...308.

непријателот во пределот на река Илова и "Звонимировата одбрамбена линија". Со наредба на ГШ на 1 ЈА од 24 април, на овие дивизии во содејство со 5 и 6 дивизија им беше наредено да ја форсираат реката Илова заради страничен удар кон непријателските одбрамбени линии во просторот на Кутина-банова Јаруга и понатаму кон Загреб. Единиците на 42 дивизија водеа жестоки борби кај селата Антуновац, Пољана, Јања Липа, Јамарица и Меѓурич, а единиците на 48 дивизија кај Уљаник, Благородовац, Гарешница и Херцеговац. Навечер на 28 април 1945 година, непријателот изврши силен контранапад од селото Пољане со ангажирање на силни единици од составот нас 7 СС дивизија "Принц Еуген", со цел да го пробие фронтот на 42 дивизија, а истовремено со дел од своите единици и главнината на 9 усташко-домобранска дивизија да изврши силен напад од Гарешница кон левото крило на 48 дивизија.[356]

Двете македонски дивизии, 42 и 48, поради овој силен контранапад мораа да се повлечат, трпејки при тоа зголемени загуби. Поради новонастанатата ситуација, Штабот на 1 ЈА, беше присилен да нареди повлекување на своите сили од мостобранот кај река Илова и да ги употреби во борбата против 7 СС германска дивизија. По извонредно жестоките борби непријателот на 28 април се повлече при што застојот во дејствата на 42 и 48 македонска дивизија беше краткотраен и без поголемо одлучувачко влијание за натамошниот тек на претстојните настапувачки операции.[357] На 3 мај 1945 година, единиците од соствот на 1 ЈА, успеаја да завладеат

---

356 Изјава на генералот Лер...156.

357 Акции на 48 дивизија...7.

со мостобранот на река Илова, по што настапи незадржливо напредување кон градот Загреб. Веќе претходно на 30 април непријателот забрзано беше се повлекол од овој град. По ова Штабот на 1 ЈА, нареди на 1 мај на своите единици да прејдат во напредување на целиот фронт на просторот на Грубишко Поле до Банова Јаруга. Штабот на 1 ЈА во меѓувреме се префрли од Пакрац на 5 мај во село Горен Драганац кај Чазма. Веќе на 2 мај беше издадена наредба од страна на Штабот на 1 ЈА бр.166 на своите дивизии за гонење на непријателот кон Чазма.[358] На 7 мај, следуваше наредбата на Штабот на 1 ЈА за ослободување на главниот град на Фередална Хрватска Загреб.[359]

Поради брзото повлекување, непријателот не успеа да организира одбрана на градот Загреб на "Звонимировата линија". Според издадената наредба од 7 мај, 48 македонска дивизија требаше да напаѓа во превец Долго Село-Сесевете-Загреб, при што 42 македоинска и 21 српска дивизија потпомогнати од делови на 48 македонска дивизија успеај да ги пробијат одбрамбените позиции на непријателот на просторот кон Долго Село кое е завземено ноќта 8/9 мај 1945 година. Во меѓувреме 6,21 и 48 дивизија, совладувајки ги последните одбрамбени сили на наепријателот влегоа во Згареб, кој со заеднички сили на 1 и 2 ЈА целосно беше ослободен.[360]

---

[358] Заповед на Штабот на 1 ЈА од 2 мај 1945 година, О.бр.166, до штабовите на потчинетите дивизии, за гонење на непријателот кон Чазма.АВИИ,к-715,рег.бр.46-1/1.

[359] Заповед на Штабот на 1 ЈА О.бр.176 од 7 мај 1945 година до штабовите на потчинетите дивизии за ослободување на градот Загреб.АВИИ,к-715,рег.бр.50-1/1.

[360] Бора Митровски, Петнаести (Македонски) ударни корпус

Претходно пред ова во првите денови на месец мај 1945 година веќе беа издадени повеќе наредби за понатамошно повлекување на германските сили кон северозапад, од страна на Командата на Југоситокот. Во текот на сите овие збиднувања , германската Комада на армиската група "Е" го прими од Врховната команда известието за капитулацијата на армиската група Ц" во Италија, што предизвика извесно изненадување кај Командата на армиската група "Е".Поради тоа веднаш се пристапи кон интензивирањето на повлекувањето со оптеретување на и онака малиот број патишта кои водеа кон сверозапад и границите на Австрија.При тоа патот Марибор-Долен Дравоград, мораше да биде искористен и од страна на 2 оклопна германска армија, што предизвика голем метеж и повремени застои на целокупното повлекување на германските трупи и нивните квислинзи. Командата на армиската група "Е" со своите командни штабови од Загреб се префрли во Хеленштајн, а Главниот стан во Цеље, кое се сметаше како привремено, бидејки Корушка беше предвидена како место за претстој на Главниот германски стан на Југоистокот. Во тоа време Загреб го напуштија и хрватските команди од кој миг меѓи нив и германската Команда врската е прекината.[361]

Во ноќта 8/9 мај 1945 година, единиците на 48 македонска дивизија, заедно со 6 и 21 дивизија од составот на 1 ЈА и 28 и 45 дивизија од составот на 2 ЈА,зедоа учество во операциите за ослободување на градот Загреб.По совладувањето и

НОВЈ...555.

[361] Борби и движења на армиската група "Е"...ВИИ, ф.Германска архива,к-70,рег.бр.3/3а.

на последниот отпор, се прситапи кон чистење на остатоците од усташко-домобранските сили кои сеуште даваа отпор.[362]

Во меѓувреме Командантот на Југоистокот, на 7 мај 1945 година, го прими упатството од фелдмаршалот Кесерлинг, кој досега беше Врховен заповедник на Југозапад, а по доаѓањето на адмиралот Дениц на функцијатра Фирер, Кесерлинг ја прими новата должност Командант на оружените германски сили, за општа капитулација која ќе настапи на 9 мај 1945 година.

Веќе на 6 мај 1945 година во градот Грац, се состанаа Врховниот заповедник на оружените сили на Германија фелдмаршалот Кесерлинг, Командантот на Југоистокот фелдмаршалот Александар Лер и Командата на 2 оклопна германска армија генералот Де Ангелис.На овој состанок Кесерлинг им соопшти на другите два генерали, дека е постигната спогодба за безусловна капитулација која треба да стапи на сила на 9 мај 1945 година во 1 часот наутро. При ова прилика, 2 оклопна германска армија беше потчинета на Командантот на Југоистокот. По враќањето на Командантот на Југоистокот во својот Штаб во селото Шоштањ во Словенија, истиот издаде наредба со радио, вечерта на 6 мај 1945 година да започнат преговорите за капитулација и тоа на следниот начин: на англискиот фронт преговорите да ги водигенералот Фелми во Бељаак, на руско-бугарскиот фронт генералот Де Ангелис во Грац, а на Југословенското боиште преговорите за капитилацијата ќе ги води лично Командантот на Југоитокот, генералот Александар

---

[362] Бора Митровски, Петнаести (Македонски)...555.

Лер.[363]

На 9 мај 1945 година, обрачот околу армиската група "Е" беше затворен и кај него се наоѓаше главнината на оваа армиска групација. Во стегањето на овој обрач учествуваше и 48 македонска дивизија со нејзиното настапување во правец на Запрешиќ-Стара Вас-Подсреда-Планина-Лашко. За тоа време 42 македонска дивизија остана на поширокиот простор на Загреб каде продолжи со уништувањето и разоружувањето на остатоците од непријателските сили.

На 12 мај 1945 година единиците на 48 македонска и 21 српска дивизија во реонот на Пиштањ-Подсреда-Св.Петар, водеа борби со делови на разбиените непријателски сили кои се обидуваа да се пробијат кон Дравоград и Австрија. На 11 мај, 48 македонска дивизија тргна во правецот Св.Петар-Седларево-Подсреда-Ресичко, каде остана до 23 мај 1945 година, учествувајки во чистењето на тамошниот терен.[364] Во понатамошното настапување на оваа дивизија кон Словенија, таа учествуваше во заробувањето и ликвидирањето на остатоците од непријателските сили на тамошниот простор.Тука беа сконцентрирани усташки,четнички, домобрански и германски остатоци на трупите во повлекување кон север, кои масовно се предаваа или пак очајнички се обидуваа да се пробијат до границите со Австрија за да таму се предадат на силите на западните сојузници.[365]

---

[363] Изјава на генарал Лер...173.

[364] АВИИ,к-1364,рег.бр.15/2.

[365] Оперативен дневник на 48 македонска дивизија.АВИИ,к-1365,рег.бр.31-1/7.

На 8 мај 1945 година Командантот на Југоистокот, генералот Александар Лер, им нареди на своите единици да капитулираат со назнака на Југословенската армија да и го предадат оружјето а живата сила да се повлече кон Австрија.На Овој свој став генералот Лер, инсистираше и при потпишувањето на капитулацијата во местото Тополшица во Словенија на 9 мај 1945 година.[366] Утредента на 10 мај, генералот Лер нареди на своите трупи да го предадат оружјето и да одат во заробенички логори, кои ќе ги одредат единиците на ЈА. Веќе на 12 мај, тој отстапи од оваа своја наредба и со тенковски батаљон и група маринци замина за Австрија со надеж дека таму ќе се предаде на западните сојузници. Во ваква ситуација, повторно германските единици започнуваат да даваат отпор. За ова според германскиот мајор Бем-командантот на 21 германски армиски корпус во неговиот дневник се вели:"...сите трупи по објавувањето на капитулацијата брзаа кон старите германски граници на татковината".[367]

Втората светска војна во Европа заврши официјално на 9 мај 1945 годна, а актот за безусловна капитулација на германските сили на сите европски боишта е потпишан на 8 мај 1945 година во Берлинското предградие Карлхорст. Таа стапи на сила на

---

[366] Burni dogotki ob zajetju Löra.Velenje,1980,26-38.Velenjski grad in njegove zbirke.Titovo Velenje,1980,24. Во Словенија, во местото Тополшица кај Веленје, постои спомен куќа-музеј, каде што на 9 мај 1945 година, Командантот на Југоистокот и воедно командант на армиската група "Е", генералот Лер, го потпиша актот на капитилација на своите сили. При тоа е заробена целокупната германска документација на армиската група "Е", која сега е сместена и се чува во Воено-историскиот институт во Белград, Бирчанинова 5, 11000 Белград.

[367] Воен дневник на мајорот Бем, командант на 21 германски армиски корпус.АВИИ,ф,германска архива,к-6,рег.бр.1/5.Дневник за периодот од 23 октомври 1944, до 13 мај 1945 година,118.

9 мај 1945 во 0,1,01 часот.[368] Во Југославија меѓутоа, германските сили и нивните соработници не ја почитуваа оваа обврска до крај, туку ги продолжија борбените дејства настојувајки да се извлечат од обрачот и да им се предадат на западните сојузници. Токму поради ова борбите на Југословенското боиште продолжија уште седум дена, односно до 15 мај 1945 година, кога е совладан и последниот вооружен отпор на поширокиот простор Целе-Дравоград-Словењградец.[369]

Југословенската армија, а со тоа и 15 македонски ударен корпус, односно 42 и 48 македонска дивизија, како составен дел на оваа армија, се бореа полни седум дена по званичната капитулација на Германија, за да ја присили германската армиска група "Е" да се предаде. Во целокупните напори од почетокот на борбите на Сремскиот фронт, па се до капитулацијата на оваа германска армиска групација, во завршните финални борби за конечното ослободување на Југославија, германските и квислиншките сили претрпеа загуби од преку 100.000 мртви и околу 340.000 заробени војници и офицери, а од просторот на Југославија успеаја да се извлечат нешто повеќе од 240.000 војници и офицери.[370]

Заробени беа: Штабот на армиската група "Е" на чело со генералот Лер, кој воедно беше и Командант на југоистокот, заробен беше и началникот на Штабот генерал мајорот

---

368 Drugi svetski rat.Pregled operacija, knjiga V...350.

369 Љубивоје Пајовиќ...Сремски Фронт...201.

370 Pukovnik Nikola Anić, Osnovni podatci o završnim operacijama za oslobogjenje Jugoslavije 1945 godine. Za pobedu i slobodu, Završne operacije za oslobogjenje Jugoslavije...knjiga 9...118

Ерих Шмидт Рихберг, Штабовите на 15,21, 91 и 97 германски армиски корпус со нивните корпусни единици, заробени беа единиците 22,41,181 и 237 пешадиска дивизија, 104 ловечка, 188 брдска и 11 полска воздухопловна пешадиска дивизија, 700 дивизија "Принц Еуген", 369,373 и 392 легионерска дивизија, Борбената група "Фишер" и Борбената група "Гајгер", заробени беа и сите усташко-домобрански дивизии, како и поголем број полициски единици, самостојни полкови и Баталјони за осигурување кои тактички беа потчинети на споменатите дивизии.[371] Од вкупниот број на 340.000 заробеници, 221.287 беа германски војници и офицери припадници на армиската група "Е", а околу 120.000 заробеници беа усташи, домобрани, четници и останати други квислиншки единици.[372]

Запленетиот материјал изнесуваше: 173.662 пушки, 24.454 автоматски орудија, 1.520 топови, 97 тенкови, 40 авиони, 3.751 камион и многу друг разноврсен воен материјал и опрема.

Првата Југословенска армија која на почетокот на завршните операции пред пробивот на Сремскиот фронт имаше 111.078 војници и старешини, претрпе загуби од 7.433 загинати и 24.544 ранети војници и старешини на крајот на војната. Во составот на оваа армија беше вклучен и 15 македонски ударен корпус кој

---

[371] Југословенската армија зароби 221.287 непријателски војници и офицери од составот на армиската група "Е" и тоа: германци 84.453, Италијани 57.150, Австријанци 27.398, Руси-власовци 26.611, Полјаци 9.425, Унгарци 4.461, Французи 3.868, Чехословаци 3.849, Романци 3.139, Белгијанци 387, Холанѓани 294, Луксембуржани 90, Данци 49, Англичани 35, Швајцарци 29, Американци 26 итн. Во периодот од мај 1945 до 18 јануари 1949 година од овие заробеници се репатриирани 209.499 воени заробеници. Соопштение на Министерството за внатрешни работи на ФНРЈ, "Борба", Белград, 8 февруари 1949 година,3.

[372] Истото.

непосредно пред пробивот на Сремскиот фронт имаше 6.974 борци и старешини во составот на 42 македонска дивизија и 6.812 борци и старешини во состав на 48 македонска дивизија. Меѓутоа, во целокупните завршни борби од пробивот на Сремскиот фронт на 12 април па се до капитулацијата и на последните непријателски сили на 15 мај 1945 година, во составот на 15 македонски корпус вкупно беа вклучени 24-25.000 војници и старешини.[373]

Загубите на 15 македонски корпус изнесуваа: 1.500 загинати, 3.400 ранети и 378 нестанати борци и старешини. Споредено со вкупната бројна состојба на 15 македонски корпус од 24.000 војници, излегува дека секој шести борец беше исфрлен од стројот, или скоро една третина од вкупната бројна состојба на Корпусот. На тој начин Федерална Македонија го даде својот придонес во антихитлеровската коалиција и за ослободувањето на неослободените делови на Југославија, што заедно со учеството на македонските единици на Косово и Метохија во чистењето на тамошниот терен од остатоците на балистичките и четнички остатоци, правеше една целина на вкупните напори на федерална Македонија во завршните операции за ослободување на Југославија.[374]

---

[373] Бора Митровски, Петнаести (Македонски)...589.

[374] Боро Чаушев, 40 години од пробивот на Сремскиот фронт и учеството на 15-от македонски ударен корпус. Историја, XXI/1, Скопје, 1985,82.Првата Југословенска армија до пробивот на Сремскиот фронт на 12 аоприл 1945 година имаше во својот состав околу 111 078 борци и старешини, од кои 6 974 беа борци на 42 македонска дивизија и 6 812 борци и старешини беа од составот на 48 македонска дивизија. Во ова време Првата ЈА има десет дивизии и четири самостојни бригади( тенковска, инженериска, коњичка и дополнителна), односно вкупно 46 бригади од кои осум пролетерски и 10 артилериски. АВИИ, к-257А, рег.бр.3-1/4. Со околу 1 500 загинати, 3 00 ранети и 378 нестанати, од составот на 15 македонски ударен корпус, секој шести борец од овој корпус бил

По капитулацијата на германските, усташките и другите квислиншки сили на просторот на Југославија, 48 македонска ударна дивизија доби задача на 11 јуни 1945 година да ги префрли своите единици во реонот на Ваљево во Србија, каде престојуваше се до 16 јуни,[375] а потоа доби наредба од Генералштабот на Југословенската армија за префрлање на своите единици во реонот на Скопје во Македонија,[376] за да се стават под команда на 5 Југословенска армија која беше стационирана на овој терен.[377] Превозот на 48 македонска дивизија од Ваљево траеше од 20-25 јуни 1945 година кога единиците на оваа дивизија целосно беа префрлени на просторот на Скопје. На 27 јуни беше обавена свечена парада на единиците од 48 македонска дивизија во Скопје каде со радост и воодушевување беа дочекани.[378]

За тоа време единиците на 42 македонска дивизија до 21 мај 1945 година беа во Загреб, а оттаму со наредба на 1 ЈА[379] од просторот на Сесвете кај Загреб, замина на 21 и 22 мај 1945 година за Бихаќ и околината на Приедор заради чистење на тамошниот терен од остатоците на квислиншките единици. На 23 и 24

---

исфрлен од стројот, или ако се земе вкупниот број на 1 ЈА, околу 1,5% од нејзините загуби отпаѓаа на оваа македонска елитна единица.

[375] Драгољуб К.Будимовски, Вашиот воен дописник...171.

[376] Истото.

[377] Кроз Босна. "Гласник"-весник на 48 македонска ударна дивизија, Брчко,април-мај 1945, 20.

[378] Скопје-главниот град на Македонија им приреди срдечен пречек на борците од победничката 48 македонска ударна дивизија. НМ,II/149, Скопје,28 јуни 1945,1.

[379] Драгоњуб К.Будимовски, Вашиот воен...171.

мај 1945 година единиците на 42 дивизија избија на просторот на Босанска Костајница, а на 28 мај продолжија во правец на Јајце, Долен Вакув, Бугојно, Горни Вакуф, Прозор, Острожац, каде извршија чистење на теренот. На 27 и 28 мај 42 дивизија изби на просторот на Бања Лука, а потоа преку Босански Петровац, Кључ, Блажевиќи, с.Бабиќи, с.Узелац, с.Латиновиќи замина за Бихаќ.[380]

На 27 јуни 1945 година 42 македонска ударна дивизија доби задача за префрлање од Босна во Србија, каде преку Карловац замина за Кралево и се размести на просторот: Кралево, Рашка, Трстеник, Брус, Чачак, Нови Пазар, Александровац. На овој простор 42 македонска ударна дивизија остана неколку месеци.[381]

**4. Врски, помош и контакти на Федерална Македонија со 15 македонски ударен корпус по неговото испраќање на Сремскиот фронт**

Федерална Македонијапо испраќањето на 15 македонски ударен корпус на Сремскиот фронт, го пратеше неговиот борбен пат.Таа како членка на антихитлеровската коалиција ги вложуваше сите напори за конечната победа над фашизмот.Во таа насока нејзина должност и обврска беше помагање со жива сила и останати средствана оваа елитна македонска единица се до

380 Бора Митровски, Петнаести( Македонски) ударни...584.

381 Истото.

нејзиното дефинитивно враќање во Македонија во јуни 1945 година.

Уште при испраќањето на 1 и 2 македонска артилериска бригада во составот на 42 и 48 македонска дивизија на 15 македонски ударен корпус, колку што допуштаа можностите, беше извршена мобилизација на потребните средства и опрема за споменатите единици. Во тој контекст беа мобилизирани околу 500 котли според директивата на Врховниот штав на ЈА од 19 февруари 1945 година[382], за да истите бидат испратени заедно со артилерците на Сремскиот фронт. Покрај тоа беа вршени мобилизации на потребниот број коњи кои беа испраќани на фронтот за потребите на корпусот. Чувствувајки недостиг од квалификуван офицерски кадар при Корпусот, ГШ на НОВ и ПО на Југославија за Македонија, на 1 февруари 1945 година испрати 6 офицери, а следуваа и други понатамошни испараќања на ваков кадар во текот на воените операции на фронтот.[383] Со телеграма од 26 февруари истата година, Штабот на Корпусот се обрати до ГШ на НОВ и ПО на Југославија за Македонија, со список на потребните кадри во кој се покрај дугото се бараше:"Повторно ве известуваме оти за службата на врска при Корпусот се потребни доле изброените специјалисти без кои неможе да се организира истата служба.Офицери за Корпусот и Начелник за служба на врската потребни се 4 души техничари да се одредат 3 души телефонски техничари,4 души обучени војници

[382] АВИИ,к-25,рег.бр.13/3.

[383] АВИИ,к-238,рег.бр.8-5/3.

телефонисти во колку се може повеќе."[384]

ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија постојано испраќаше и други кадри и материјали за потребите на Корпусот.Така за пополнување на артилериските бригади при Корпусот, беа формирани една против авионска батерија од 167 војника, една противтенковска батерија од 155 војника и минофрлачка батерија од 160 војника. Исто така беше припремен со помош на советските инструктори, старешински кадар од артилериска струка, кој заедно со артилериските единици беше испратен на фронтот. Во рамките на инженериското одделение на ГШ на НОВ и ПО на Југославија за Македонија, беа формирани два пионерски баталјона за потребите на 42 и 48 македонска дивизија од составот на 15 македонски ударен корпус, во силина од 170 луѓе.Економското одделение при ГШ на НОВ и ПО на Југославија за Македонија, испрати 4 завршени курсисти од составот на Вишиот интендантски курс за потребите на 15 македонски ударен корпус. Материјалниот отсек при ГШ на НОВ и ПО на Југославија за Македонија, припреми 2 500 комплети на војнички униформи за потребитње на корпусот,[385] , а пак Ветеринарното одделние при ГШ на НОВ и ПО на Југославија за Македонија, испрати еден ветеринарен доктор, два студенти на ветеринарна медицина и два ветеринарна помошника за потребите на 15 македонски ударен корпус.

Покрај горе споменатите активности на Федерална Македонија во поглед на помагање на 15 македонски ударен корпус

---

384 АВИИ,к-238,рег.бр.8-8/3.

385 Шестомесечен извештај...38.

со материјални , потребни квалификувани кадри и пополна на нови борци, беа вршени и низа други активности, како што се испраќање на телеграми и поздрави со подршка на борците[386] и испраќање на писма од фамилиите до борците и обратно.[387]

На крајот од сите овие активности, Федерална Македонија и нејзиниот главен град Скопје, по успешниот борбен пат ги дочекаа борците и единиците на 15 македонски удрен корпус со најголеми почести, оддавајки им на тој начин признание за сета нивна активност, борбеност за придонес кон општите напори на сите сојузнички сили за конечна победа над фашизмот.[388]

## 5. Други активности на Федерална Македонија за помош на ЈА во напорите за конечната победа на непријателот во Југославија

За пополнување со луѓе на единиците на 4 Југословенска армија во овој период, се вршеше мобилизација на територијата на Косово и Метохија и Федерална Македонија.Воените обврзници по мобилизацијата и прибирањето, беа транспортирани од

---

386 До младината на 15 македонски корпус.МБ,II/26,Скопје,22 април 1945,4.Писмо до борците на фронтот.МБ, II/17, Скопје, 24 февруари 1945, 4.

387 АВИИ,к-240.рег.бр.37-2/1.

388 Ги дочекавме младите победители.МБ,II/29,Скопје,11. јули 1945,3.Владо А.Ивановски,Од Дебарца до Рогашка Слатина(Борбениот пат на Првата Македонско-косовска ударна бригада.Култура,Скопје,1964,160.

Македонија преку Качаник-Призрен-Пеќ кон Бар и Драч, од каде што со бродови на Југословенската морнарица беа превезувани во собирните центри во Дубровник и Трогир. Од тука беа отпремувани со бродови во пристаништата на Хрватското приморје во Допунската бригада на 4 ЈА и на островот Раб за пополнување на 9 дивизија, каде беа испратени околу 1.000 луѓе. Вкупно со бродовите на Југословенската воена морнарица, беа транспортирани околу 17.625 мобилизирани борци од територијата на Косово и Метохија и Федерална Македонија. Понекогаш се случуваа инциденти кај новомобилизираните борци, како што тоа беше случајот со транспортот на мобилизираните преку Бар за Риека, кога животот го загубија неколку десетици новомобилизирани борци.[389]

На просторот на Федерална Македонија, мобилизацијата за потребите на 4 ЈА, се одвиваше континуирано во текот на месеците март и април 1945 година. Така на 6 април 1945 година од Македонија за пополнување на 4 ЈА, беа испратени 1.550 војници, на 8 април 2.137, а на 9 април 2.285 војници, или вкупно се заедно во текот на месец април 1945 година од Федерална Македонија за 4 ЈА беа испратени 5.927 војника.[390] Од новомобилизираните боирци, 5.018 беа албанци а 954 турци. Истите беа транспортирани пеш во првецот: Скопје-Качаник-Урошевац-Призрен-Скадар-Бар. Нешто подоцна на 17 април истата година, дополнително беа упатени уште 953 ново

389 Ante-Toni Bašić, Rad Štaba četvrte armije. Armije u strategiskoj koncepciji, NOR i revolucije...208. Uroš Kostić, Formiranje i neke karakteristike četvrte armije. Isto to...22o.

390 АВИИ, к-238, рег.бр.9-36/3.

мобилизирани борци за отребите на 4 JA.

За прифаќањето на ново мобилизираните борци од страна на 4 JA, беа испратени 17 камиони и 400 војници, кои на 19 март 1945 година минаа низ Тирана, а на 23 март наутро тргнаа за Призрен. Тука при приемот на новомобилизираните борци, беа донесени од нивна страна 5.000 пара цокули, но поради страв од дезертирање, не беше дозволена распределба на овие чевли, туку истите беа задржани за потребите на единиците на Косово и Метохија.[391] Дел од пристигнатите камиони, беа натоварени со брашно и испратени кон Косово и Метохија.[392] Ново мобилизираните борци од Федерална Македонија, беа испраќани во придружба на Македонските единици до Призрен и Урошевац, а од таму до Скадар ги спроведуваше дел од 12 македонска бригада од составот на 41 македонска дивизија.[393] Првиот ешалон од 2.600 ново мобилизирани, беше упатен на 24 март во правецот на Кукес-Скадар, а останатите два ешалони тргнаа на 26 и 27 март 1945 година. Предвидено беше првиот ешалон од Косово и Метохија да пристигне во Скадар на 28 ,а последниот на 31 март.Ешалоните од Македонија преку Драчна 24 април 1945 година требаше да се утоварат на бродови.[394]

Така течеше мобилизацијата за потребите на 4 JA на просторот на Косово и Метохија и Федерална Македонија во

[391] АВИИ,к-238,рег.бр.10-5о/3.

[392] Истото.

[393] АВИИ,к-239,рег.бр.44-2.

[394] Истото.

споменатиот период. Дел од ново мобилизираните лица беа учесници во балистичките формации или пак дезертери кои не сакаа доброволно и по редовен пат да пристапат кон организирано мобилизирање за потребите на ГШ на НОВ и ПО на Југославија за Македонија односно на Покраинскиот штаб за Косово и Метохија.[395]

Паралелно со оваа акција, течеше и акцијата на мобилизирање на дезертерите и лицата кои не сакаа да одат на Сремскиот фронт во состав на 15 македонски ударен корпус. Така на пример на 22 март 1944 година, Командата на град Скопје испрати 494 дезертери од Македонија во состав на 15 македонски ударен корпус и 135 за разни други единици.[396]

## 6.Учество на доброволни работни бригади од Федерална Македонија во Војводина

Напорите на Федерална Македонија, со испраќањето на 15 македонски ударен корпус на Сремскиот фронт, не престанаа, туку напротив, постојано се вршеше пополнување на истиот со нови борци, оспособени профили од поедини видови и родови на воените стручњаци, како и помош во пари, храна и облека.[397]

[395] Истото.

[396] АВИИ,к-239,рег.бр.44-2.

[397] 15 македонски ударен корпус, постојано беше во контакт со ГШ НОВ и ПОЈ за Македонија односно ГШ ЈА за Македонија.Преку оваа

Покрај тоа Федерална Македонија во почетокот на месец март 1945 година, испрати младинска работна бригада, како помош во извршувањето на земјоделските работи, односно прибирањето на пченката од необраните Војводински полиња во ова време. Оваа обврска на младината, беше зацртана уште на Вториот конгрес на НОМСМ во почетокот на месец јануари 1945 година, како една од првите приоритетни задачи во наредниот период.[398]

Прибирањето на Македонските младинци, скоро од сите краеви на Македонија, започна на 7 март 1945 година во младинскиот дом во Скопје, од каде што со воз преку Куманово заминаа за Војводина.[399] Вкупно од Македонија, во ова времетргнаа околу 200 младинци и младинки. По пристогањето на македонската младина на просторот на Војводина, истите беа сместени во двете Војводински села во оклината на Сомбор, Стари Сивац и Футог. Основна задача на македонските младинци, беше заедно со

врска корпусот укажуваше на своите потреби од стручни воени лица од поедини воени дисциплини како што се:пешадиски офицери, стручни лица за врски, радио техничари и друго. АВИИ, к-238, рег.бр. 8-8/3.

[398] Втората младинска работна бригада од Скопје со 200 младинци и младинки, замина на 16 март 1945 година за Војводина. Оваа група беше составена од младинки и младинци од:Прилеп, Велес, Неготинои Куманово. Уште една младинска група замина на работа за Војводина.НМ,II/63,Скопје, 17 март 1945,4. Во текот на месец мај истата година од Македонија за Војводина заминаа уште околу 1 770 работници.Нашите работници со радост заминуваат за Војводина. НМ,II/111,Скопје, 15 мај 1945,4. Вкупно од Македонија на работа во Војводина во првата половина на 1945 година, заминаа околу 2 400 младинци, младинки и работници. Пароли за вториот конгрес на антифашистичката младина на Мкедонија.НМ,I/5,Скопје,30 ноември 1944,4.

[399] Првата работна младинска група замина за Војводин МБ,II/4,Скопје,10 март 1945,5.

останатите младинци од сите краеви на ДФЈ, да учествуваат во собирањето на несобраната пченка од Војводинските полиња.[400] Работејки непосредно во најблиската позадина на Сремскиот фронт, младинците ја започнаа борбата за прибирање на храната за потребите на Нова Југославија и фронтот, воедно чистејки ги полињата и припремајки ги истите за наредната сеидба.

Распоредени во двата баталјони, еден во селото Стари Сивец и еден во селото Футог, македонските младинци, ја започнаа својата ударничка акција на прибирење на несобраната пченка. чистење на полињата,транспорт и пренесување на собраниот род и припрема на полињата за наредната сеидба.[401] Младинците и младинките од Македонија, за време на својот скоро тримесечен престој во Војводина, дадоа 4.520 работни денови и за тоа време обраа околу 400 утра пченка.[402] Карактеристично е тоа што овие младинци мораа понекогаш да поминуваат и по 30км, за да стигнат и се вратат на нивата каде ја собираа летината.

Покрај работата, македонските младинци, активно се вклучија во културно-просветниот, спортскиот и политичкиот живот со месното население. Се одржуваа конференции за разјаснување на ситуацијата на фронтот и идното уредување на ДФЈ.Се издаваа ѕидни весници чие уредување имаше натпреварувачки карактер со останатите бригади. Се одржуваа спортски натпревари и

---

[400] Нашата младина во Војводина.МБ,II/20,Скопје,27 март 1945,3.

[401] Од Војводина.Околу 6 000 младинци обраа во Срем 10 000 ут пченка.МБ,II/21,Скопје,4 април 1945,4.

[402] Нашите ударници во Војводина.МБ,II/26,Скопје,22 април 1945, Македонската младина во братска Војводина.МБ,II/26,Скопје,26 м 1945,3.

се даваа заеднички приредби со младината од споменатаите села Сивец и Футог. Бидејки во селото Стари Сивец немаше пекари, беа ангажирани двајца младинци од Тетово за работа во тамошната пекара, кои секој ден печеа по 500-600кг леб за потребите на работните бригади и месното население.

Учествувајки заедно со околу 6.600 младинци од цела Југославија, како што беа доброволците од Банат, Срем, Србија, Босна и другите места, македонските младинци, го дадоа својот придонес во чистењето на огромните комплекси плодна земја во Војводина, припремајки ја истата за наредната сеидба од која зависеше идната исхрана на Нова Југославија. Работејки ударнички , со песна, со воодушевување и во натпреварувачки дух на полето и културно-политичкиот и спортски живот, младинците се градеа и себе си, пренесувајки ја оваа извонредна атмосвера по враќањето во Македонија, за организирање на работни бригади за изградба на Федерална Македонија.

По завршувањето на работната акција во Војводина, во текот на месец мај 1945 година, македонските младинци се вратија во Македонија, каде се вклучија во работните бригади ширум цела Македонија, учествувајки при тоа во изградбата на најнужните сообраќајни и други објекти за потребите на младата македонска држава.[403]

[403] Еве еден инсерт од напис за работата на македонските младинци во Војводина:"...Така со песна и музика нашите младинци превалуеја и по 30 км дневно за да отидат и да се вратат назад од нива. Работеа ударнички...Во бербата на ченка нашите младинци дадоа 4520 работни дена и за тоа време обраа 400 јутра ченка.Треба да се напомене да тија учествувеја два работни дена во протерувањето на швабите од селото...Заеднички конференции со тамошната младина се одржани 5 батаљонски 14 и четни 60. Приредби

%

Во почетокот на 1945 година, состојбата на Европското и Југословенското боиште, се карактеризираше со општите напори на сојузничките сили за давање на конечен удар на силите на Германија.Тоа е период кога сојузничките сили од Запад и советските сили од исток го стегаа обрачот околу Германија, приближувајки се кон нејзиниот главен град Берлин.Во оваа ситуација на југословенскиот простор, беше воспоставен Сремскиот фронт на северозападните делови од Југославија, во кој единиците од составот на НОВ и ПОЈ односно ЈА, за прв пат водеа фронтовска војна.

Конечното ослбодување на поголемиот дел на Југославија во втората половина на 1944 и почетокот на 1945 година, создаде можности за солидна мобилизациска база за пополнување на постојните и формирање на нови единици.Тоа овозможи брз пораст на НОВЈ односно ЈА, нејзино осовременување и опремување со заробеното оружје и сојузничката помош.Во ваква ситуација, ,Врховниот командант на НОВЈ, ја донесе одлуката на 1 јануари 1945 година, за реорганизација на НОВЈ и формирање на 1,2 и 3 Југословенска армија, а два месеци подоцна и на 4 Југословенска армија.На 1 март 1945 година, Врховниот командант

самостални 3, заеднички 5.Зидни новини баталјонски 5 чени 3 броја издадени од III чета на цигански јазик.Спорстскиот фудболен тим одигра 7 утакмици со младината на Сивац, Сомбор и Кула...Тоа е работата на македонската младина која сега се врати назад во Македонија...".МБ, II/26,Скопје,26.5 45,3.

на НОВЈ, днонесе одлука за преименување на НОВЈ во Југословенска Армија-ЈА, а Врховниот штаб на НОВЈ е реорганизиран во Генералштаб, како непосреден орган на Поверенството за Народна одбрана.Сите овие мерки беа последица на претходно формираната Југословенска Влада и во тој состав новото Министерство за одбрана на Југославија на чело со министерот Јосип Броз Тито.

Федерална Македонија, како членка на антихитлеровската коалиција, а по наредба на врховниот командант на НОВЈ односно ЈА, на Сремскиот фронт испраќа една третина од својата тогашен целокупен воен потенцијал изразен во лицето на 15 македонски ударен корпус.Овој корпус по пристигањето во Војводина разви широка културно-просветна дејност меѓу месното население и своите единици.Бројни се приредбите и спортските настани кои ги изведуваа борците од составот на 15 македонски ударен корпус пред борците и месното населенеие.Новото советско оружје што го доби корпусот внесе нов морален поттик на борците на копрпусот во претстојните борби на Сремскиот фонт.По влегувањето во составот на 1 ЈА, 15 македонски корпус заедно со останатите единици на ЈА, имаше централно ударно дејство на фронтот.Бројни се борбите со непријателот и ослободените места во Хрватска и Словенија во текот на гонењето на непријателот.

Вкупно околу 25.000 борци во составот на 15 македонски ударен корпус учествуваа во втората етапа на завршните операции за конечното ослободување на Југославија се до 15 мај 1945 година.Според непотполните податоци двете единици 42 и 48 македонска народнооаслободителна дивизија, претрпеа загуби од околу 1.500 загинати, 3.400 ранети и 378 нестанати борци и

старешини.Споредено со вкупниот броен состав на корпусот, скоро секој шести борец беше исфрлен од стројот, или една третина од вкупната бројна состојба на корпусот.На тој начин Федерална Македонија го даде својот придонес како членка на антихитлеровската коалиција за ослободување на неослободените делови на Југославија, но и во конечната победа над фашизмот.Дури и многу повеќе од тоа, бидејки дел од единиците односно 48 македонска народноолсободителна дивизија продолжи со борбите за чистење на теренот низ Босна при своето враќање на патот за Македонија.Дури во месец јуни 1945 година македонските борци се враќаат во Македонија како побњедници.

Макар да и сама Федерална Македонија во тоа време оскудеваше во потребните кадри и специјалисти, сепак таа наоѓаше сили да одвои дел од нив и ги прати на фронтот.Тука секако спаќаат, многу потребните кадри од медицината, ветерината, економијата и другите. Покрај тоа бројни се акциите за испраќање на поздрави и подршка на борците од страна на фамилиите на борците и од општествено-политичките организации.

Федерална Македонија, даде свој придонес и во мобилизацијата на луѓе не само за потребите на 15 македонски ударен корпус, туку и за потребите на 4 Југословенска армија.Мораме да нагласиме дека во составот на оваа армија претежно беа испраќани новомобилизираните луѓе од муслиманска вероисповест, кои најчесто ја избегнуваа обврската за мобилизација и одзив за влегување во редовите на македонската војска во текот на првите месеци на 1945 година.

Покрај воените напори Федерална Македонија, даде

свој придонес и во испраќање на доброволни работни бригади од Македонија на полињата во Војводина кон крајот на 1944 и првата половина на 1945 година.Овие млади македонски бригадирци со елан и песна ја пронесуваа славата на Македонија низ Војводинските полиња собирајки ја заостанатата летина .Тоа беше директна помош на Македонија, за потребите на фронтот за прехрана на борците.Покрај тоа македонските младинци ја ширеа македонската култура меѓу останатите бригадири од цела Југославија и месното население, преку организирање на кутурни активности и спортски натпревари.

Според сето погоре кажано, треба да се има во предвид , дека тоа се активности на една членка на антихитлеровската коалиција во која спаѓаше и Федерална Македонија за помош на фронтот, но и како помош за што поскоро заживување на нова Југославија во чии рамки беше и Федерална Македонија.

# З А К Л У Ч О К

Втората светска војна во втората половина на 1944 година, навлезе во својата завршна фаза. Успесите на Црвената армија во Романија и нејзинито навлегување во Бугарија ги загрози виталните интереси и комуникации на германската армиска група "Е" на Балканскиот Полуостров. Оваа германска армиска група беше распоредена на просторот на Грција и Албанија со основна задача одбрана на грчките острови и крајбрежјето на Грција и Албанија од евентуалната инвазија на сојузниците за овој дел од боиштето. Бројната состојба на оваа армиска групација на чело со командантот генералот Александар Лер, изнесуваше околу 400000 војници и офицери, од кои поголемиот дел беа германци, а имаше и австријци, италијани, руси белогардејци и други. Основен проблем на Врховната команда на Германија и на Командата на Југоистокот во оваа ситуација, беше обезбедување на безбедно повлекување на оваа армиска групација преку територијата на Македонија кон северните граници на Југославија, заради искористување на овие единици на фронтот во Срем и Унгарија.

Во склад со општиот развој на настаните од Втората светска војна во овој период, единиците на НОВЈ , ја започнаа првата етапа на операциите за конечно ослободување на Југославија. Во текот на овие операции во месец септември истата година, дојде до спојување на единиците на НОВЈ и Црвената армија

на источните граници на Југославија, што претставуваше нов квалитетворазвојот на вооружената борба на целиот Југословенски простор.

Во ова време вооружените сили на НОВЈ, во својот состав имаа:15 корпуси, 16 самостојни бригади 130 партризански одреди и други видови на воено-позадински единици и органи во вкупна бројна состојба од околу 400 000 војници и старешини. За истакнување е фактот дека најголемиот број од овие единици беше формиран во Југоисточните краеви на Југославија, каде што беше тежиштето на операциите од оваа етапа за ослободување на Југолавија и тоа на просторот на Македонија, Србија и Косово и Метохија.

Македонското боиште во оваа фаза, доживеа своја кулминација, кога кон средината на месец октомври 1944 година започнаа завршните операции за целосно ослободување на Македонија. Основен носител на сите операции против германските војски во повлекување, беше Македонската народноослободителна војска, чиј раст непрестајно се интензивираше од почетокот на 1944 година, кога под команда на ГШ на НОВ и ПОМ имаше две бригади и тоа: 1 македонско косовска и 2 македонска , една група батаљони(2) и четири партизански одреди. Веќе во јули 1944 година, во Македонија НОВ прими општонароден карактер кое се гледа во зголемувањето на бројот на воените единици. Тогаш под командата на ГШ на НОВ и ПОМ се наоѓаа: 1,2 и 3 македонска ударна бригада и 7 партизански одреди, за да кон крајот на месец јули истата година се формира и 4 македонска бригада.

Во екот на оваа етапа од завршните операции за ослободување на Југославија,во рамките на кои како составен дел

беа изведувани и операциите за конечно ослободување на Македонија, под Командата на ГШ на НОВ и ПОМ, се наоѓаа: 25 народноослободителни бригади, 15 партизански одреди, 4 артилерсики, 1 коњичка,1 моторизирана и 3 инженериски бригади рспоредени во состав на 7 дивизии, кои територијално делуваа на четири оперативни зони и кои ги сочинуваа трите македонски народноослободителни корпуси на Македонија.

Хронолошкиот раст на македонските единици во овој период изгледаше вака: во август 1944 година се формирани следните единици: 5,7,9,10,11 и 15 македонска бригада и 4 албанска бригада. На 25 август, е формирана првата македонска дивизија на НОВЈ во Македонија со реден број 41 од составот на НОВЈ. Во овој период1944 година, на просторот на Македонија делуваат 8 македонски народноослободителни бригади, а во овој месец се формирани и следните дивизии на НОВЈ во Македонија: на 7 септември 41 македонска дивизија во Велешко, 1о септември 49 македонска дивизија во Битолско, на 28 септември, 48 македонска дивизија во Кичево и на 17 септември е формирана 50 македонска дивизија на НОВЈ во Македонија. Во наредниот месец октомври 1944 година, се формираат уште две дивизии и тоа на 19 октомври Кумановската дивизија и 51 македонска (Струмичка) дивизија. Во овој месец се формираат и трите македонски корпуси : на 3 октомври 1944 година од 50 и 51 македонска дивизија е формиран Брегалничко-Струмичкиот корпус, во втората половина на октомври 1944 година од 41,48 и 49 македонска дивизија е формиран 15 македонски корпус, а од 42 и од Кумановската дивизија во истиот период е формиран 16 македонски корпус.

Вкупната силина на оперативните единици на

Македонија во овој период изнесуваше околу 66 000 борци и старешини и истата постојано се зголемуваше по пат на доброволна и редовна мобилизација на населението на возраст од 18 до 30 годишна старост.

